ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈРП МРТ ЗА 2027 ГОДИНА

Скопје, октомври 2026 година

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА 2
СТРАТЕГИЈА НА МРТ ЗА 2027 ГОДИНА 6
1. ВОВЕД 6
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ 6
3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРТ 7
4. ПУБЛИКАТА ВО ЦЕНТАРОТ НА ПРОГРАМСКОТО ПЛАНИРАЊЕ 8
5. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ НА МРТ ВО 2027 ГОДИНА 8
6. ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА 9
7. КУЛТУРНА, ДОКУМЕНТАРНА И ДОМАШНА ПРОДУКЦИЈА 9
8. СПОРТСКА ПРОГРАМА 10
9. ПОДКАСТИ И НОВИ ФОРМАТИ 10
10. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА 10
11. МРТ – ЦЕНТРАЛНО ДИГИТАЛНО МЕСТО ЗА СОДРЖИНИТЕ 11
12. ПРОЕКТЕН ПРИСТАП ВО КРЕИРАЊЕТО СОДРЖИНИ 11
13. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОМАШНАТА КРЕАТИВНА ИНДУСТРИЈА 11
14. РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНИОТ КАДАР 12
15. АРХИВАТА КАКО РЕСУРС ЗА ИДНИНАТА 12
16. ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И НОВИ ТЕХНОЛОГИИ 12
17. ИНВЕСТИЦИИ И ТЕХНОЛОШКА МОДЕРНИЗАЦИЈА 13
18. УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТНИОТ УЧИНОК И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ 13
19. НОВА ЗАКОНСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА 13
20. КЛУЧНИ ПРОГРАМСКИ НАСОКИ ЗА 2027 ГОДИНА 14
21. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ 14
22. ЗАКЛУЧОК 14
ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 16
1. ВОВЕД 16
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ 16
3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МТВ 1 17
4. ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА 17
5. ЦЕНТРАЛЕН ДНЕВНИК 17
6. УТРИНСКА, ПОПЛАДНЕВНА И ВЕЧЕРНА ПРОГРАМА 18
7. „БРЗ ПУЛС“ 18
8. ДЕБАТНА И АНАЛИТИЧКА ПРОГРАМА 18
9. НОВИ СВЕТСКИ ТЕЛЕВИЗИСКИ ФОРМАТИ 19
10. КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКА И МУЗИЧКА ПРОГРАМА 19
11. ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА „СКОПСКИОТ ФЕСТИВАЛ“ 20
12. ВИКЕНД-ПРОГРАМА 20

13. ПОДКАСТ ПРОГРАМА 20
14. ИГРАНО-ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА 20
15. СПОРТСКА ПРОГРАМА 21
16. ПРОДУКЦИЈА 21
17. РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА СОДРЖИНИ 21
18. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА 21
19. ИНВЕСТИЦИИ И МОДЕРНИЗАЦИЈА 22
20. МЕРЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ 22
21. ПРИОРИТЕТИ ЗА 2027 ГОДИНА 23
22. ЗАВРШНА ПРОГРАМСКА ИДЕЈА 23
САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 1 24
1. ПРОГРАМСКА ФИЛОЗОФИЈА 24
2. КЛУЧНИ СОДРЖИНСКИ ЛИНИИ 24
3. ДИГИТАЛНА ПРИСУТНОСТ 24
4. ЗАКЛУЧНА ПРОГРАМСКА ОПРЕДЕЛБА 24
ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 25
1. ВОВЕД 25
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ 25
3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МТВ 2 25
4. ПРОЕКТЕН ПРИСТАП ВО КРЕИРАЊЕТО СОДРЖИНИ 30
5. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА 31
6. ИНВЕСТИЦИИ И МОДЕРНИЗАЦИЈА 31
7. ПРОГРАМСКА ПОНУДА НА СОДРЖИНИТЕ 32
8. ЗАКЛУЧОК 34
САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 2 35
1. ВОВЕД 35
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ 35
3. ОСНОВНИ ПРОГРАМСКИ СТРАТЕГИИ НА САТЕЛИТСКИОТ СЕРВИС НА МТВ 2 35
4. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ НА САТЕЛИТСКИОТ СЕРВИС НА МТВ 2 36
5. НАЦРТ-ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ ОД СОПСТВЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА САТ 2 ВО 2027 37
6. ПРИСТАП ВО РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА СОДРЖИНИ 38
7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ 38
8. ЗАКЛУЧОК 39
ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 40
1. ВОВЕД 40
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ 40
3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРТ 40
4. МТВ 3 ВОВЕДУВА НЕКОЛКУ КОНКРЕТНИ СТРАТЕШКИ СТОЛБОВИ 40
5. ПУБЛИКАТА ВО ЦЕНТАРОТ НА ПРОГРАМСКОТО ПЛАНИРАЊЕ 41
6. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ НА МТВ 3 ВО 2027 ГОДИНА 41

7. ПРИМАРЕН ФОКУС: МАКЕДОНСКАТА ЗАБАВНА МУЗИКА И ПРОЦЕСОТ НА СОЗДАВАЊЕ 41
8. СЛЕДЕЊЕ НА УРБАНАТА КУЛТУРА: ТЕАТАР, БАЛЕТ, ФИЛМ И МЛАДИ КРЕАТИВЦИ 42
9. КОМПЛЕМЕНТАРНИ КРАТКИ ЛАЈФСТАЈЛ РУБРИКИ 42
10. КЛУЧНИ ПРОГРАМСКИ НАСОКИ ЗА 2027 ГОДИНА 43
11. ЗАКЛУЧОК 44
ЧЕТВРТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 45
1. ВОВЕД 45
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ 45
3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МТВ 4 45
4. ПРОЕКТЕН ПРИСТАП ВО КРЕИРАЊЕТО СОДРЖИНИ 51
5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ 51
6. ЗАКЛУЧОК 51
ПЕТТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ (Детски канал) 52
1. ВОВЕД 52
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ 52
3. ПЛАН ЗА 2027 ГОДИНА 55
СОБРАНИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС 56
1. ВОВЕД 56
2. МИСИЈА И ВИЗИЈА 56
3. ПОСТОЈНИ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ 56
4. НОВИ ЕМИСИИ ЗА 2027 ГОДИНА 57
5. ПРОГРАМСКИ КОНЦЕПТ — ДОПОЛНУВАЊЕ НА СОБРАНИСКИОТ СЕРВИС 58
6. ПРЕДЛОГ ЗА НОВИ ЕМИСИИ 58
7. ЗАКЛУЧОК 59
ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС – РАДИО СКОПЈЕ 60
1. ВОВЕД 60
2. МИСИЈА И ВИЗИЈА 60
3. ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 60
4. КУЛТУРНА ПРОГРАМА 61
5. МУЗИЧКА ПРОГРАМА 61
6. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРА 1 62
7. ЗАКЛУЧОК 62
ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС – МРА 2 63
1. ВОВЕД 63
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ 63
3. ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРА 2 63
4. НОВИ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ ЗА 2027 ГОДИНА 65
5. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ НА МРА 2 ВО 2027 ГОДИНА 66
6. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА 66
7. КЛУЧНИ НАСОКИ ЗА МРА 2 ЗА 2027 ГОДИНА 66

8. ЗАКЛУЧОК 67
ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК) 68
1. ВОВЕД 68
2. ТЕКОВНА СОСТОЈБА 68
3. ВИЗИЈА И МИСИЈА 70
4. ГЛАВНИ ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ ЗА 2027 ГОДИНА 70
5. РАДИО СКОПЈЕ И МЛАДИТЕ ВО 2027 ГОДИНА 71
6. ГЛАВНИ ПРОЕКТИ НА РАДИО СКОПЈЕ ЗА 2027 ГОДИНА 71
7. ЗАКЛУЧОК 71
ЧЕТВРТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС 72
1. ВОВЕД 72
2. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРА 4 72
3. ПРОЕКТЕН ПРИСТАП ВО КРЕИРАЊЕТО СОДРЖИНИ 75
4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ 76
5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ 76
ПРОГРАМСКИ СЕРВИС ПРЕКУ САТЕЛИТ И ПОСЕБНИ РАДИО-ПРОГРАМИ – РАДИО МАКЕДОНИЈА 77
1. ВОВЕД 77
2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ 77
3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРА 5 77

СТРАТЕГИЈА НА МРТ ЗА 2027 ГОДИНА

Општа стратегија на ЈРП МРТ за 2027 година

1. ВОВЕД

Македонската радио-телевизија, како јавен радиодифузен сервис на Република Северна Македонија, својата дејност ја остварува согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и другите релевантни прописи, обезбедувајќи радио, телевизиски и други медиумски услуги во функција на јавниот интерес.

Македонската радио-телевизија во 2027 година влегува во период на интензивна програмска, технолошка и организациска трансформација, со јасна определба да го развива јавниот медиумски сервис според потребите на современата публика и динамиката на современото медиумско опкружување.

Основната определба на новата програмска концепција е публиката да биде ставена во центарот на програмските одлуки. Содржините ќе се креираат според јасно дефинирани цели, потреби и интереси на различните сегменти на публиката, како и според начинот на кој тие денес ги консумираат медиумските содржини.

Во таа насока, МРТ ќе применува модел на креирање содржини заснован на потреба, пристап, јавна вредност и конкуренција, со цел секој програмски проект да биде релевантен, квалитетен, достапен и со јасно дефинирано општествено влијание.

Овој пристап подразбира промена не само во програмската понуда, туку и во начинот на размислување, планирање, производство и дистрибуција на содржините. Долгорочната цел е постепено воведување нови методи, алатки и работни процеси на сите нивоа на организацијата, со што програмската стратегија ќе стане интегрален дел од секојдневното работење на МРТ.

Трансформацијата ќе се одвива паралелно со дигитализацијата на медиумското опкружување. Телевизијата, радиото, веб-платформите, мобилните уреди и социјалните мрежи ќе се третираат како меѓусебно поврзани канали преку кои една содржинска идеја може да добие различни форми и да стигне до различни целни групи.

Посебен акцент ќе биде ставен на зајакнувањето на уредничката независност, професионалните стандарди, транспарентноста, одговорното користење на јавните средства и усогласувањето на работењето на МРТ со европските стандарди за јавните медиумски сервиси.

Во таа насока, МРТ ќе ја унапредува меѓународната соработка, со посебен акцент на активното користење на можностите што произлегуваат од членството во Европската радиодифузна унија (EBU). Покрај соработката со јавните радиодифузни сервиси од регионот, приоритет ќе биде и продлабочувањето на соработката со европските јавни медиумски сервиси преку програмска размена, копродукции, заеднички проекти, професионална едукација, размена на искуства и примена на добри практики. Оваа соработка ќе се развива како заедничка определба на МРТ, опфаќајќи ги телевизиските, радиопрограмските и дигиталните сервиси, со цел унапредување на програмскиот квалитет, професионалните капацитети и меѓународната видливост на јавниот сервис.

За успешно спроведување на оваа трансформација неопходно е и унапредување на законската и регулаторната рамка, со која ќе се овозможи програмските, техничките и организациските процеси на МРТ да одговорат на современите дигитални барања и потребите на граѓаните.

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ

МРТ, како јавен радиодифузен сервис има обврска да создава и обезбедува програма која е точна, веродостојна, квалитетна, разновидна, достапна и релевантна за сите граѓани, независно од нивната возраст, место на живеење, социјален статус, етничка, јазична или културна припадност.

При планирањето, производството и емитувањето на програмските содржини, МРТ ќе ги исполнува законски утврдените програмски обврски и стандарди, вклучително и оние што се однесуваат на

сопственото производство, домашните и европските аудиовизуелни дела, употребата на јазиците, заштитата на малолетниците и обезбедувањето разновидна програма од јавен интерес.

При планирањето и реализацијата на програмата за 2027 година, МРТ ќе обезбеди соодветна застапеност на европските аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, согласно со законски утврдените обврски и пропишаните удели. Нивното исполнување ќе биде земено предвид при програмското и финансиското планирање, како и при следењето и годишното известување за реализацијата на Програмата.

Мисијата на МРТ е преку својата програмска понуда да придонесува кон:

- информирано и демократско општество;
- развој и заштита на културниот идентитет;
- афирмација на македонскиот јазик и културното наследство;
- негување на културната, јазичната и општествената разновидност и афирмација на вредностите на мултикултурното и мултијазичното општество;
- почитување на човековите права и европските вредности;
- поттикнување на културниот и креативниот развој;
- едукација и медиумска писменост;
- создавање простор за различни општествени ставови и дијалог;
- поврзување на граѓаните и зајакнување на општествената кохезија;
- меѓународна афирмација на македонската култура, творештво и општество.

Визијата е модерен, независен, дигитален и мултимедијален јавен сервис кој ја разбира својата публика, гради доверба и создава висока јавна вредност. Јавната вредност ќе биде основниот критериум според кој ќе се оценуваат програмските проекти – преку нивниот квалитет, досег, релевантност, општествено влијание и придонес кон мисијата на јавниот сервис.

3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРТ

Новата програмска стратегија претставува премин од традиционалниот модел на планирање „канал - жанр - емисија“ кон модел во кој процесот започнува со прашањето:

„Што сакаме да постигнеме?“

Дури откако ќе се утврдат овие параметри, се определуваат содржината, форматот, продукцискиот модел и начинот на дистрибуција.

3.1 ЗОШТО Е ПОТРЕБНА ПРОМЕНА?

Медиумскиот пазар станува сè посложен и поконкурентен. Публиката располага со огромен број извори на информации и забава, а традиционалната телевизија и радиото повеќе не се единствените места на кои граѓаните ги консумираат медиумските содржини.

Истовремено, навиките на публиката се менуваат. Помладите генерации сè повеќе користат мобилни уреди, социјални мрежи, видеоплатформи и подкасти, додека традиционалните медиуми остануваат значајни за голем дел од населението.

Затоа МРТ мора истовремено да ги зачува своите традиционални вредности и да развива нови начини на комуникација со публиката.

3.2 ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА НОВАТА СТРАТЕГИЈА

Новата програмска стратегија се темели на шест основни цели:

- ***Публиката во центарот*** – континуирано истражување на интересите, потребите и навиките на различните целни групи.
- ***Создавање содржини со висока јавна*** *вредност* – секој проект да има јасна информативна, образовна, културна, општествена или забавна вредност.
- ***Зајакнување на брендот МРТ*** – создавање препознатлив и доверлив јавен медиумски бренд присутен на сите релевантни платформи.

- ***Дигитален пристап*** – дигиталните платформи да бидат составен дел од процесот на креирање и дистрибуција, а не само дополнителен канал за репродукција на телевизиската и радио-програмата.
- ***Зголемување на ефикасноста*** – воведување аналитички алатки, агилни методи на работа и современи технологии.
- ***Мултиплатформска и трансмедијална*** *продукција* – една содржинска идеја да може да се развива во повеќе формати и да се дистрибуира преку повеќе канали.

4. ПУБЛИКАТА ВО ЦЕНТАРОТ НА ПРОГРАМСКОТО ПЛАНИРАЊЕ

Познавањето на публиката е еден од основните предуслови за создавање релевантна програмска понуда.

МРТ во 2027 година ќе развива систем за подобро разбирање на различните целни групи преку комбинација на истражувања, анализа на гледаноста и слушаноста, дигитална аналитика, повратни информации од корисниците и директна комуникација со публиката.

Посебно внимание ќе биде посветено на следните групи:

4.1 СЕМЕЈСТВА СО ДЕЦА НА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Потребни им се содржини кои овозможуваат заедничко семејно гледање, учење и забава: домашни и странски филмови, серии, документарни и едукативни формати, квизови и емисии со семејна вредност.

4.2 СЕМЕЈСТВА СО ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Приоритет се безбедни, квалитетни и едукативни содржини за најмладите, вклучително и цртани, приказни, музички и интерактивни формати.

4.3 ПУБЛИКА ВО ТРЕТО ДОБА

За оваа публика телевизијата и радиото остануваат значајни медиуми. Програмата ќе обезбедува вести, разговорни и документарни содржини, културни и забавни формати, како и теми релевантни за секојдневниот живот.

4.4. МЛАДА ПУБЛИКА

Младите корисници бараат брзи, релевантни и визуелно привлечни информации, достапни преку мобилни уреди и дигитални платформи. За нив ќе се развиваат кратки видеоформати, подкасти, интерактивни содржини и теми поврзани со образование, професионален развој, култура, спорт и секојдневниот живот.

4.5 ГЕНЕРАЦИЈА Z

За оваа публика приоритет ќе имаат автентични, динамични, интерактивни и персонализирани содржини. Пристапот ќе биде пред сè digital first („дигитално на прво место“), со присуство на социјалните мрежи, видеоплатформите, подкастите и форматите во живо.

5. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ НА МРТ ВО 2027 ГОДИНА

Во 2027 година МРТ ќе се фокусира на неколку стратешки програмски приоритети:

- зголемување на сопственото производство;
- создавање квалитетни програмски содржини со трајна јавна, културна, образовна и историска вредност, вклучително и документарни, културни, образовни и спортски емисии посветени на значајни личности, настани и достигнувања од македонското општество;
- зајакнување на информативната програма;
- развој на современи документарни и културни формати;
- создавање поголем број содржини за семејната публика;
- развој на нови, современи и препознатливи забавни и играни формати;
- збогатување на програмската понуда со квалитетни играни филмови и телевизиски серии од домашната, европската и светската продукција;

- зајакнување на спортската програма;
- развој на детската програма;
- зајакнување на врските со дијаспората;
- развој на подкасти и оригинални дигитални формати;
- зајакнување на трансмедијалниот пристап;
- поголема соработка со независната продукција и креативната индустрија;
- активна употреба на архивските материјали;
- присуство и покривање на настани од национален и јавен интерес;
- застапеност на содржини од поширок општествен интерес, со посебен акцент на животната средина, климатските промени, одржливиот развој, медиумската и дигиталната писменост, јавното и менталното здравје, образованието, социјалната вклученост и квалитетот на животот на граѓаните;
- создавање и развој на содржини што ја одразуваат културната, јазичната и општествената разновидност на земјата.

6. ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА

Информативната програма останува еден од темелите на јавниот сервис.

МРТ ќе продолжи секојдневно да произведува вести, дневници, интервјуа, дебатни и аналитички емисии, со цел граѓаните навремено, точно и објективно да бидат информирани за најважните општествено-политички случувања.

Посебен акцент ќе биде ставен на:

- брзината и точноста на известувањето;
- проверка на фактите и борба против дезинформациите;
- подлабока анализа и контекст;
- присуство на терен;
- директни преноси од настани од јавен интерес;
- користење на дигитални и мултимедијални формати;
- развој на кратки видеоформати за дигиталните платформи;
- поголема употреба на графики, инфографици и визуелизации на податоци.

Во време на ширење дезинформации и содржини создадени или изменети со помош на вештачка интелигенција, посебната вредност на МРТ ќе биде доверливоста. Јавниот сервис мора да биде место каде граѓаните ќе добиваат проверена, точна и релевантна информација.

7. КУЛТУРНА, ДОКУМЕНТАРНА И ДОМАШНА ПРОДУКЦИЈА

МРТ ќе го зголеми производството на сопствени аудиовизуелни дела, со посебен акцент на културната, документарната и образовната програма.

Документарните и играни содржини ќе обработуваат теми поврзани со:

- македонската историја;
- традицијата и фолклорот;
- културното наследство;
- архитектурата;
- современата култура;
- уметноста;
- науката;
- економијата;
- социјалните теми;
- животот на различните заедници;
- современите предизвици на македонското општество.

Особено внимание ќе се посвети на создавање дела со трајна вредност, кои можат повторно да се емитуваат и да останат релевантни и по првичното емитување.

МРТ ќе ја унапреди соработката со националните културни институции и значајните културни манифестации, меѓу кои Националната опера и балет, Македонската филхармонија, Македонскиот народен театар, Драмскиот театар, Театарот Комедија, Охридското лето, Струшките вечери на поезијата, Скопскиот џез фестивал, Скопското лето, Фестивалот „Браќа Манаки“, Фестивалот на античка драма „Стоби“ и други културни институции, фестивали, манифестации и настани од национално значење.

Целта е МРТ не само да ги следи културните настани, туку и активно да придонесува кон нивната достапност, документирање и меѓународна афирмација.

8. СПОРТСКА ПРОГРАМА

Спортот ќе остане значаен дел од програмската понуда на МРТ.

Најзначајните национални и меѓународни спортски настани ќе се следат со најсилните продукциски и новинарски тимови, а зависно од карактерот и значењето на настанот ќе се распределуваат на соодветните програмски сервиси и дигитални платформи.

Спортската програма ќе се развива и во насока на создавање дополнителни дигитални формати – кратки видеа, интервјуа, анализи, статистики и содржини во живо.

9. ПОДКАСТИ И НОВИ ФОРМАТИ

Во 2027 година МРТ ќе ја прошири понудата на подкасти како еден од клучните формати за комуникација со помладата публика.

Ќе се развиваат аудиовизуелни подкасти со општествено релевантни, културни, уметнички, научни, образовни, спортски и забавни теми.

Особено внимание ќе биде посветено на:

- разговори со експерти и професионалци;
- популарна култура;
- наука и технологија;
- екологија;
- образование;
- историја;
- спорт;
- криминалистички теми;
- ментално здравје;
- современи општествени прашања.

Подкастите ќе се произведуваат како самостојни дигитални формати, но и како дел од поширока трансмедијална стратегија.

Во зависност од карактерот, содржините ќе бидат достапни преку веб-платформата на МРТ, апликации за подкасти, социјални мрежи, радио и телевизија.

10. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Дигиталната трансформација ќе биде еден од најзначајните приоритети на МРТ во 2027 година.

Целта е МРТ да изгради силно мултимедијално присуство и содржините да бидат достапни на публиката во секое време, на секој уред и преку каналот што најмногу одговара на нејзините навики.

10.1 ДИГИТАЛНО ПРВИ

Пристапот подразбира дигиталните платформи да се земат предвид уште во фазата на развој на секој нов проект.

Тоа значи:

- создавање оригинални дигитални формати;
- адаптација на телевизиски и радио содржини за дигитална употреба;

- кратки видеа;
- вертикални видеоформати;
- интерактивни содржини;
- подкасти;
- содржини во живо;
- дигитални архиви.

10.2 СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

МРТ ќе развива содржини приспособени на различните карактеристики на секоја платформа, наместо едноставно да ги пренесува телевизиските и радио-содржините во непроменета форма.

Целта е зголемување на досегот, ангажманот и довербата кај корисниците.

10.3 ВЕБ И МУЛТИМЕДИЈА

Веб-платформата на МРТ ќе биде еден од основните столбови на дигиталната понуда, со интегрирани вести, видео и аудиосодржини, подкасти, архивски материјали и други мултимедијални формати.

11. МРТ – ЦЕНТРАЛНО ДИГИТАЛНО МЕСТО ЗА СОДРЖИНИТЕ

Во рамките на дигиталната трансформација, МРТ ќе продолжи да развива централизирана дигитална платформа која ќе овозможи едноставен пристап до телевизиските, радио и новите медиумски содржини.

Платформата треба да овозможи:

- гледање и слушање содржини на барање;
- следење на телевизиските и радио-каналите;
- пристап до архивски материјали;
- подкасти;
- тематски канали;
- спортски преноси;
- детски содржини;
- оригинални дигитални формати;
- персонализирани препораки.

На тој начин дигиталната платформа ќе се развива како централна точка на мултимедијалната понуда на МРТ.

12. ПРОЕКТЕН ПРИСТАП ВО КРЕИРАЊЕТО СОДРЖИНИ

Процесот на создавање содржини ќе се организира низ јасно дефинирани фази: идеја, истражување, креативна насока, развој, продукција, дистрибуција, евалуација.

Секој проект ќе се оценува според јавната вредност, целната публика, програмската потреба, финансиската оправданост, правната рамка и можностите за мултиплатформска дистрибуција.

По емитувањето ќе следува евалуација на резултатите, со анализа на досегот, ангажманот, квалитетот и општественото влијание.

Податоците од евалуацијата ќе се користат како основа за идните програмски одлуки.

13. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОМАШНАТА КРЕАТИВНА ИНДУСТРИЈА

МРТ ќе продолжи да ја развива соработката со независната аудиовизуелна и креативна индустрија. Независните продуценти и креативци ќе бидат важен партнер во создавањето квалитетни домашни содржини, но проектите ќе треба да одговараат на јасно дефинирани програмски цели и потреби на публиката.

Јавните повици ќе ги дефинираат жанровските, тематските, продукциските и програмските критериуми кои треба да ги исполнуваат предложените содржини.

Истовремено, МРТ ќе ја зајакнува уредничката улога во развојот и реализацијата на проектите, со цел да се обезбеди усогласеност со мисијата и стандардите на јавниот сервис.

14. РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНИОТ КАДАР

Трансформацијата на МРТ подразбира и инвестиција во луѓето.

Во 2027 година ќе се продолжи со едукација и развој на креативниот, новинарскиот, продукцискиот и техничкиот кадар, со фокус на:

- современи телевизиски и радио формати;
- дигитално новинарство;
- мултимедијална продукција;
- продукција за социјални мрежи;
- подкаст продукција;
- користење аналитички алатки;
- примена на вештачка интелигенција;
- проектно планирање;
- развој на формати;
- трансмедијално раскажување;
- медиумска и дигитална писменост.

Целта е создавање организациска култура во која иновацијата, професионалноста, одговорноста и познавањето на публиката се составен дел од секојдневното работење.

15. АРХИВАТА КАКО РЕСУРС ЗА ИДНИНАТА

Архивата на МРТ претставува непроценливо културно и историско богатство.

Во 2027 година ќе се продолжи со дигитализација, систематизација и современа употреба на архивските материјали.

Целта е архивата да не биде само простор за чување на минатото, туку активен извор за создавање нови содржини.

Историските снимки, емисии, фотографии и други материјали ќе се реинтерпретираат преку современи документарни, дигитални и мултимедијални формати.

На тој начин наследството на МРТ ќе се доближи до новите генерации и ќе стане дел од современиот медиумски простор.

16. ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И НОВИ ТЕХНОЛОГИИ

МРТ ќе продолжи со постепено воведување на напредни технологии и алатки базирани на вештачка интелигенција, при што нивната употреба ќе биде подредена на професионалните и етичките стандарди на јавниот сервис.

AI („вештачка интелигенција“) алатките можат да придонесат во:

- транскрипција;
- превод;
- препознавање говор;
- пребарување архивски материјали;
- индексирање;
- подготовка на текстови;
- автоматизирана обработка на содржини;
- креирање кратки дигитални формати;
- анализа на публиката;
- подготовка на метаподатоци.

Вештачката интелигенција ќе се користи како алатка за зголемување на ефикасноста и продуктивноста, но не и како замена за уредничката одговорност и професионалната проценка.

17. ИНВЕСТИЦИИ И ТЕХНОЛОШКА МОДЕРНИЗАЦИЈА

Технолошката трансформација е предуслов за реализација на новата програмска стратегија.

Во 2027 година приоритет ќе имаат инвестициите во:

- современ систем за автоматизирано одвивање на програмата;
- модернизација на продукциските системи;
- унапредување на системите за производство на вести;
- интеграција на AI функционалности;
- модернизација на архивскиот систем;
- дигитализација и управување со архивските содржини;
- инфраструктура за дигитална дистрибуција;
- модернизација на радиостудијата и телевизиските студија;
- системи за управување со медиумски содржини;
- опрема за мобилна и теренска продукција.

Посебно значење ќе има воспоставувањето на интегриран систем за информациска и сајбер-безбедност, со цел заштита на критичната медиумска инфраструктура и обезбедување континуитет на работењето.

Со оглед на зголемувањето на дигиталните закани и хибридните ризици, сајбер-безбедноста ќе се третира како еден од основните предуслови за стабилно функционирање на јавниот сервис.

18. УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТНИОТ УЧИНОК И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Модернизацијата на МРТ подразбира и унапредување на организациското управување.

Во 2027 година ќе се продолжи со развој на систем за управување со работниот учинок, преку кој јасно ќе се дефинираат очекувањата, целите и приоритетите на работата, ќе се следат резултатите и ќе се идентификуваат потребите за професионален развој.

Системот треба да придонесе кон:

- потранспарентно управување;
- подобро планирање;
- поефикасно користење на ресурсите;
- редовна повратна информација;
- развој на компетенциите;
- поголема мотивација;
- фер и јасно вреднување на придонесот;
- подобро поврзување на индивидуалните цели со стратешките цели на МРТ.

На тој начин развојот на човечките ресурси станува составен дел од развојот на јавниот сервис.

19. НОВА ЗАКОНСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

За успешна реализација на програмската и технолошката трансформација неопходна е современа и функционална законска рамка која ќе одговори на реалноста на дигиталното и мултиплатформското медиумско опкружување.

Новата регулаторна рамка треба да обезбеди:

- јасно дефинирана јавна мисија;
- уредничка независност;
- поголема институционална автономија;
- транспарентно управување;
- стабилен и одржлив модел на финансирање;
- одговорно користење на јавните средства;
- јасни механизми на отчетност;
- усогласеност со европските стандарди;
- услови за дигитален развој на јавниот сервис.

МРТ ќе учествува активно во процесите поврзани со унапредувањето на законската рамка и ќе обезбедува навремена подготовка за спроведување на законските обврски, вклучително и усогласување на интерните акти, правилници, организациски и работни процеси.

20. КЛУЧНИ ПРОГРАМСКИ НАСОКИ ЗА 2027 ГОДИНА

Во 2027 година МРТ ќе ги насочи своите ресурси кон следните приоритети:

- Публиката во центарот на програмското планирање.
- Зајакнување на довербата во информативната програма.
- Поголемо сопствено производство.
- Зголемување на содржините со трајна јавна и културна вредност.
- Развој на современи документарни, културни и образовни формати.
- Поголем број содржини за семејната публика.
- Развој на подкасти и дигитални формати.
- Трансмедијален пристап.
- Зголемување на присуството на младата публика.
- Продлабочување на соработката со независната креативна индустрија.
- Дигитализација и активирање на архивата.
- Воведување современи продукциски и AI алатки.
- Модернизација на техничката инфраструктура.
- Зајакнување на информацискатa и сајбер-безбедноста.
- Развој на човечките ресурси и професионалните компетенции.
- Зајакнување на уредничката независност и професионалните стандарди.

21. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализацијата на оваа програмска концепција МРТ треба да постигне:

- поголема релевантност на програмската понуда;
- подобро разбирање на потребите на различните сегменти на публиката;
- зголемен досег кај младите генерации;
- поголема дигитална присутност;
- поголем број квалитетни домашни содржини;
- подобра искористеност на архивските ресурси;
- поголема ефикасност во продукциските процеси;
- поквалитетно и побрзо информативно производство;
- подобра соработка со независната креативна индустрија;
- поголема интеракција со публиката;
- зголемена доверба во јавниот сервис;
- подобро користење на јавните средства;
- повисоко ниво на технолошка и сајбер-безбедност;
- создавање одржлив модел за развој на МРТ во дигиталната ера.

Ќе се воспостави единствен систем за следење на реализацијата на Годишната програма, редовно мерење и анализа на публиката, како и оценување на јавната вредност на програмските содржини. Системот ќе опфати периодично известување за реализираните активности, постигнатите резултати и евентуалните отстапувања од планираното. Во таа насока, ќе се обезбеди и редовно информирање на Програмскиот совет, вклучително и преку месечни средби со одговорните уредници, во рамките на неговите законски надлежности и со почитување на уредувачката самостојност.

22. ЗАКЛУЧОК

Македонската радио-телевизија во 2027 година влегува во период во кој традиционалната улога на јавниот сервис треба да се надгради со современ, дигитален и мултимедијален пристап.

Основата на оваа трансформација е едноставна, но суштинска: МРТ треба подобро да ја разбира својата публика за да создава содржини кои имаат поголема вредност за граѓаните.

Јавниот сервис не треба да се натпреварува со комерцијалните медиуми само во бројот на содржините или во брзината на нивното производство. Неговата најголема предност треба да биде довербата, професионалноста, јавната вредност, културната одговорност и способноста да ги поврзува граѓаните.

Затоа, програмската трансформација ќе се темели на квалитетно и одговорно новинарство, современи програмски формати, поголемо сопствено производство, поддршка на домашното творештво, развој на дигитални содржини и активно присуство на платформите каде што публиката денес го поминува своето време.

Истовремено, технолошката модернизација, примената на аналитички и AI алатки, дигитализацијата на архивата, сајбер-безбедноста и развојот на човечките ресурси ќе создадат инфраструктура неопходна за долгорочна одржливост.

Во таа смисла, 2027 година треба да биде година на консолидирање на новиот модел на работа на МРТ – модел во кој телевизијата, радиото и дигиталните платформи не функционираат одделно, туку како единствен мултимедијален јавен сервис.

МРТ треба да биде медиум кој информира точно, образува квалитетно, забавува одговорно, ја чува и развива македонската култура, ги почитува различностите и создава простор за јавен дијалог.

Тоа е суштината на модерниот јавен сервис: да биде близу до граѓаните, да ја заслужи нивната доверба и преку својата програма да создава трајна јавна вредност.

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ
В.Д. ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Стојан Трпчевски

„МТВ 1 – ЈАВЕН СЕРВИС СО СОПСТВЕН ИДЕНТИТЕТ“

1. ВОВЕД

Првиот програмски сервис на Македонската радио-телевизија – МТВ 1, следејќи ја генералната стратегија на Македонската радио-телевизија за 2027 година, влегува во период на интензивна содржинска и програмска трансформација, со јасна определба да создава програма според потребите и интересите на целокупната публика, независно од возраста, местото на живеење и општествениот и културниот контекст.

Програмската трансформација ќе се темели на три основни столба: квалитетно и одговорно новинарство, поголем обем на сопствено производство и воведување современи телевизиски формати.

Основната мисија на Првиот програмски сервис ќе биде да информира, образува и забавува, истовремено негувајќи ги јазикот, културата, традицијата и трајните вредности на македонското општество.

Посебен акцент ќе биде ставен на создавање синергија меѓу Јавниот сервис и граѓаните, преку програма што ги препознава нивните потреби, отвора простор за различни мислења и овозможува активна комуникација со публиката.

Во 2027 година МТВ 1 треба да направи чекор кон посовремен, подинамичен и попрепознатлив јавен сервис, кој ќе ги почитува своите традиционални вредности, но истовремено ќе создава нови телевизиски содржини и формати.

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ

2.1 МИСИЈА

Во 2027 година МТВ 1 ќе развива квалитетна, достапна и разновидна програма за сите граѓани.

Преку својата програмска понуда, Првиот програмски сервис ќе придонесува кон:

- информирано и демократско општество;
- афирмација и унапредување на македонскиот јазик;
- заштита и промоција на културното наследство;
- развој и афирмација на современата македонска култура;
- почитување на човековите права;
- промоција на европските вредности;
- создавање простор за различни општествени ставови и аргументиран дијалог;
- поврзување на граѓаните во земјата со македонската дијаспора.

2.2 ВИЗИЈА

Визијата на МТВ 1 е да биде модерен, професионален и независен Прв програмски сервис кој ја разбира својата публика и гради доверба преку квалитетот на програмата.

Основните критериуми според кои ќе се оценуваат програмските проекти ќе бидат:

- квалитет;
- релевантност;
- професионалност;
- јавен интерес;
- општествено влијание;
- продукциска одржливост.

3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МТВ 1

Во 2027 година Првиот програмски сервис ќе биде фокусиран на зголемување на сопственото производство.

Фокусот ќе биде ставен не само на дневното информирање, туку и на авторските емисии, документарните проекти, културно-уметничките содржини и забавните формати кои можат да остават траен белег и да станат дел од долгорочната телевизиска архива.

Програмата ќе биде организирана околу следните основни столбови:

- информативна програма;
- утринска, попладневна и вечерна програма;
- дебатна програма;
- културно-уметничка програма;
- образовна и детска програма;
- играно-документарна програма;
- забавна и музичка програма;
- спортска програма;
- нови телевизиски формати;
- подкаст и дигитална програма.

4. ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА

Информативната програма на МТВ 1 во 2027 година ќе се темели на брзо, точно, навремено и одговорно информирање.

Информативната програма ќе ги опфати следните информативни изданија:

- Вести во 11:00 часот;
- Вести во 17:00 часот;
- Централен дневник во 19:30 часот.

„МТВ 11“

Вестите во 11:00 часот ќе обезбедуваат краток и јасен преглед на најважните настани од земјата и светот.

„МТВ 17“

Вестите во 17:00 часот ќе понудат поширок попладневен преглед на најважните настани.

Посебен акцент ќе биде ставен на:

- вести од земјата и светот;
- спорт;
- временска прогноза.

5. ЦЕНТРАЛЕН ДНЕВНИК

„ЦЕНТРАЛЕН ДНЕВНИК – 19:30“

Централниот дневник ќе биде главниот информативен производ на МТВ 1 и ќе трае еден час.

Покрај брзото и точно информирање за најважните настани од земјата и светот, Дневникот ќе понуди подлабока обработка на темите и поширок контекст.

Во неговата структура ќе бидат застапени: главни вести, репортажи, интервјуа, гостин на денот, домашни и меѓународни теми, економија, култура, спорт, временска прогноза.

„ДИЈАСПОРА“

Посебен сегмент во рамките на Централниот дневник ќе биде посветен на македонската дијаспора.

Предвидени се вклучувања од странство, разговори со иселеници, приказни за македонските заедници, успешни Македонци во светот, културни и економски активности на дијаспората.

Посебно внимание ќе се посвети на вклучување на иселеници-волонтери кои ќе можат да придонесат со информации и приказни од средините во кои живеат.

„КУЛТУРА“

Значителен простор во Централниот дневник ќе биде одвоен за културата.

Сегментот ќе опфаќа филм, театар, музика, литература, ликовна уметност, фестивали, културни настани, интервјуа со автори и уметници.

6. УТРИНСКА, ПОПЛАДНЕВНА И ВЕЧЕРНА ПРОГРАМА

„ДОБРО УТРО, МАКЕДОНИЈО“

Утринската програма ќе биде динамичен простор на МТВ 1, со директни вклучувања од терен, разговори со гости во студио и актуелни сервисни информации.

Програмата ќе вклучува теренски вклучувања, разговори со гости, сервисни информации, временска прогноза, култура, спорт, музички појаси.

Целта е утринската програма да стане секојдневна точка на контакт меѓу МТВ 1 и граѓаните.

7. „БРЗ ПУЛС“

„Брз пулс“ ќе биде емисија посветена на авангардата и новите тенденции во општеството.

Ќе ги следи:

- урбаната култура;
- новите професии;
- младите автори и креативци.

Емисијата треба да има модерен визуелен идентитет и динамична продукција и да биде еден од форматите преку кои МТВ 1 ќе ја приближува програмата до младата публика.

8. ДЕБАТНА И АНАЛИТИЧКА ПРОГРАМА

Дебатната програма ќе има задача да отвора простор за аргументиран јавен разговор и согледување на актуелните теми од различни перспективи.

„360 СТЕПЕНИ“

„360 степени“ останува во програмската шема со две емисии неделно, во нова сезона на Првиот програмски сервис. Едната емисија ќе биде интервју, а другата магазинска. Фокусот ќе биде на актуелни теми со широко општествено значење, обработени преку разговор, анализа и релевантни гледишта.

„БЕЗ НАСЛОВ“

„Без наслов“ ќе биде дебатна емисија во која главни гости ќе бидат познати новинари и уредници. Концептот е разговор без однапред наметнат заклучок. Секоја емисија ќе отвора една актуелна тема и ќе им остава простор на соговорниците да ја анализираат од различни перспективи.

„СО ПОВОД“

„Со повод“ ќе биде емисија за јавен разговор со новинари и уредници. Секоја епизода ќе произлегува од конкретен настан, изјава или општествен проблем. За разлика од „Без наслов“, која ќе има поширока тематска рамка, „Со повод“ ќе биде директно поврзана со конкретен повод и актуелен настан.

„НАДВОРЕШНА“

„Надворешна“ ќе биде специјализирана емисија посветена на надворешната политика на Македонија, меѓународните односи, регионалните процеси, европските и евроатлантските теми, глобалните политички и економски случувања.

9. НОВИ СВЕТСКИ ТЕЛЕВИЗИСКИ ФОРМАТИ

Еден од столбовите на новата програмска стратегија ќе биде воведувањето големи, препознатливи и долгорочни забавни формати кои ќе станат брендови на МТВ 1.

Предвидени се три големи формати:

„МАКЕДОНСКИ ИДОЛ“

Национално музичко талент-шоу за откривање и промоција на нови македонски музички таленти.

Форматот ќе се реализира преку:

- аудиции;
- селекција;
- емисии;
- избор на финалисти;
- големо финале.

Победникот и најуспешните учесници треба да добијат можност за создавање оригинална музика и понатамошна промоција преку МТВ.

„ИКС ФАКТОР“

Голем музички натпревар со модерен продукциски концепт.

Фокусот ќе биде на вокалниот, музичкиот и сценскиот потенцијал на учесниците.

Форматот ќе вклучува:

- соло изведувачи;
- дуети;
- групи;
- млади таленти;
- менторски систем;
- емисии;
- големо финале.

„Икс Фактор“ треба да биде голем телевизиски настан и платформа за создавање нови музички имиња.

„ПАСВОРД“

Динамичен забавен квиз наменет за широка телевизиска публика.

Основата на форматот ќе биде комбинација од:

- знаење;
- асоцијации;
- брзина;
- комуникација;
- тимска игра.

Предвидени се и специјални ВИП и хуманитарни изданија.

10. КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКА И МУЗИЧКА ПРОГРАМА

Културно-уметничката програма останува еден од темелите на идентитетот на МТВ 1.

Програмата ќе се фокусира на:

- македонската култура;
- филм;

- театар;
- музика;
- литература;
- ликовна уметност;
- културното наследство;
- современата уметничка сцена.

Посебно внимание ќе се посвети на домашната музичка продукција и на младите музички автори.

11. ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА „СКОПСКИОТ ФЕСТИВАЛ“

Еден од стратешките проекти на новата програмска политика ќе биде возобновувањето на „Скопскиот фестивал“ како голем телевизиски и музички настан.

Фестивалот треба повторно да стане: платформа за македонската музика, место за афирмација на нови изведувачи, место за композитори, текстописци и аранжери, голем телевизиски настан, дел од музичката и телевизиската архива на МТВ.

„Македонски идол“ и „Икс Фактор“ можат да создаваат нови музички лица, а „Скопскиот фестивал“ да биде една од главните сцени за нивно понатамошно претставување.

12. ВИКЕНД-ПРОГРАМА

Викендот ќе има посебен програмски идентитет, со поголем простор за семејни, детски, забавни и музички содржини.

„РАТАТАТИРА“

Најмалите гледачи за време на викендите ќе можат да ја следат новата детска емисија „Ратататира“. Емисијата ќе има забавен и образовен карактер и ќе создава простор за детска креативност, игра, музика и учење.

„ЖЕНСКИ МУАБЕТИ“

Нов викенд-формат посветен на разговори за секојдневието, семејството, културата, животните теми и интересите на современата жена. Форматот ќе се гради како отворен и динамичен разговор со гости од различни области.

„НА ПЛАДНЕ“

Нов викенд-магазински формат со разговори, музика, гости, интересни приказни и актуелни теми. Целта е да создаде лесна, динамична и препознатлива програма во редовниот викенд-термин.

13. ПОДКАСТ ПРОГРАМА

Попладневните и вечерните подкасти, вклучително и **„До полноќ“**, ќе бидат нови домашни формати со кои МТВ 1 ќе се обиде да ја привлече и задржи младата публика. Подкастите ќе ги водат познати новинари, музичари, актери, водители, автори. Гости ќе бидат личности од различни сфери на општеството. Концептот ќе овозможи подолги и послободни разговори кои можат истовремено да се емитуваат на телевизија и да се дистрибуираат во дигитален формат.

14. ИГРАНО-ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА

На Првиот програмски сервис ќе се развива сопствена документарна серија посветена на луѓето, местата и настаните што ја создаваат Македонија.

Темите ќе опфаќаат:

- градови и села;
- личности;
- заборавени приказни;
- природни и историски богатства;
- современи приказни од Македонија.

Овој програмски сегмент ќе претставува простор за долгорочна сопствена продукција и создавање нова телевизиска архива.

15. СПОРТСКА ПРОГРАМА

Спортската програма на Првиот програмски сервис ќе опфати спортски вести, директни преноси, тематски прилози и емисии посветени на актуелните спортски случувања, значајни спортски личности, истакнати спортисти и нивните достигнувања. Посебно внимание ќе биде посветено на настапите на македонските репрезентации на европски и светски првенства, како и на најважните спортски случувања во земјата и светот. Преку интервјуа, репортажи и специјализирани емисии ќе се афирмираат и успесите на македонските спортисти, спортската традиција и развојот на спортот во земјата.

16. ПРОДУКЦИЈА

Годишниот продукциски план ќе ги поврзува програмските проекти со луѓето и ресурсите што реално ги создаваат.

За секој програмски проект ќе се утврдуваат:

- редакциски носители;
- студиски термини;
- теренски екипи;
- монтажни капацитети;
- графичка поддршка;
- авторски и хонорарни ангажмани;
- договорни обврски;
- дигитална обработка.

За дневните теми ќе се воспостави редовна координација, додека за подолгите прилози, документарните проекти и тематските емисии ќе се применува неделно и месечно планирање.

Содржините ќе се споделуваат меѓу редакциите кога тоа има уредувачка и продукциска логика, при што повторната употреба на материјалите нема да се прикажува како ново производство.

16.1 ДОПИСНИЧКА МРЕЖА

Дописничката мрежа е важна не само за информативната програма, туку и за утринската програма, локалните приказни, документарните проекти, културата, спортот.

Приоритет ќе биде обезбедување камерманска и друга теренска поддршка таму каде што недостига, навремено покривање на местата каде се очекуваат пензионирања и постепено развивање на присуство во центрите каде што нема активен дописник.

17. РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА СОДРЖИНИ

Соработката со јавните радиодифузни сервиси од Југоисточна Европа, во рамките на релевантните професионални и програмски мрежи, треба да се зајакне преку обновени или нови меморандуми за размена на документарни и други содржини од интерес за публиката во Македонија.

18. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Дигиталната програма нема да биде само дополнување на телевизиското емитување.

Кај форматите што имаат дигитален потенцијал, уште во фазата на подготовка ќе се планираат:

- кратки видеа;
- аудио содржини;
- подкасти;
- on-demand („на барање“) содржини;
- содржини за социјалните мрежи.

Формата и должината ќе се приспособуваат на конкретната платформа, со соодветна уредувачка проверка и обезбедени права. Овие кратки форми ќе произлегуваат од основниот програмски производ и нема да се третираат како нови самостојни телевизиски емисии.

18.1 МОБИЛНО НОВИНАРСТВО

Мобилното новинарство ќе се воведува постепено, преку:

- основна техничка опрема;
- стручна обука;
- пилот-продукција;
- редакциска и техничка евалуација.

Најголема корист ќе има во:

- брзата реакција;
- локалното покривање;
- кратките телевизиски содржини;
- дигиталните форми.

18.2 ПРИСТАПНОСТ

Пристапноста ќе биде дел од планирањето на програмата. Обезбедувањето двајца толкувачи на знаковен јазик ќе биде важен предуслов, а паралелно ќе се работи на зголемување на обемот на титлувани и дигитално приспособени содржини. Обемот ќе се определува согласно важечкиот акциски план и реалните продукциски можности.

19. ИНВЕСТИЦИИ И МОДЕРНИЗАЦИЈА

Годишниот продукциски план треба јасно да покаже:

- колку нови емисии се произведуваат;
- во кој ритам;
- со кои ресурси;
- колкав дел од програмата претставува ново производство.

Репризите и повторната употреба на содржините ќе се водат одделно, со цел да се добие реална слика за обемот на сопственото производство.

При планирањето на средствата ќе се земат предвид:

- студиската работа;
- теренската продукција;
- монтажата;
- графиката;
- сценографијата;
- патувањата;
- авторските и хонорарните ангажмани;
- авторските права;
- копродукциите;
- откупените содржини;
- дигиталните адаптации.

Секој поголем програмски ангажман ќе биде поврзан со расположливите финансиски средства и со јасно дефиниран договорен статус.

20. МЕРЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Успешноста на новата програмска стратегија ќе се следи преку проверливи и споредливи показатели.

Ќе се следат:

- гледаност;
- дигитална употреба;

- досег на програмските содржини;
- интерес на публиката;
- обем на сопствено производство;
- број на нови формати;
- продукциска ефикасност.

Таму каде што нема доволно податоци за почетна споредба, најнапред ќе се утврди мерна основа, а потоа ќе се постават цели кои реално можат да се следат во текот на годината.

21. ПРИОРИТЕТИ ЗА 2027 ГОДИНА

Главните приоритети на Првиот програмски сервис во 2027 година ќе бидат:

- Зајакнување на информативната програма.
- Нов концепт и структура на Централниот дневник.
- Развој на утринската програма „Добро утро, Македонијо“.
- Воведување нови дебатни и специјализирани формати.
- Развој на „Брз пулс“ како современа младинска и авангардна емисија.
- Развој на попладневни и вечерни подкасти.
- Воведување на нови детски и викенд-содржини.
- Реализација на „Македонски идол“.
- Реализација на „Икс Фактор“.
- Реализација на „Пасворд“.
- Подготовка и реализација на возобновениот „Скопски фестивал“.
- Зголемување на сопствената документарна продукција.
- Зајакнување на дописничката мрежа.
- Развој на мобилното новинарство.
- Дигитална адаптација на избрани телевизиски формати.
- Подобрување на пристапноста на програмата.
- Развој и дигитализација на телевизиската архива.
- Зајакнување на регионалната соработка и размената на содржини.

22. ЗАВРШНА ПРОГРАМСКА ИДЕЈА

Новиот изглед на Првиот програмски сервис на МТВ 1 треба да се гради врз јасни програмски определби:

- ИНФОРМИРА – со силна, професионална и навремена информативна програма.
- ОТВОРА ДИЈАЛОГ – со дебати, интервјуа и различни релевантни гледишта.
- ЕДУЦИРА – со образовни, детски и документарни содржини.
- ЧУВА – со заштита и промоција на културното наследство и телевизиската архива.
- СОЗДАВА – со поголем обем на сопствена македонска продукција.
- ЗАБАВУВА – со современи забавни, музички и семејни формати.
- ПОВРЗУВА – со граѓаните во Македонија, дијаспората и светот.
- ИНОВИРА – со подкасти, дигитални формати и нови начини на телевизиска продукција.

Основната идеја на програмската трансформација е МТВ 1 да изгради свој препознатлив идентитет – модерен, професионален, национален, културен и отворен кон светот.

Првиот програмски сервис треба да биде телевизија која има своја публика во секој дел од денот: од најмладите гледачи во детската програма, преку граѓаните и семејствата во текот на денот, до младата и возрасната публика во вечерните часови.

На тој начин МТВ 1 може повторно да ја зацврсти својата улога како централен национален јавен сервис – место каде што граѓаните се информираат, културно се поврзуваат, учат, забавуваат и ги препознаваат сопствените приказни.

МТВ 1 – ИНФОРМИРА. СОЗДАВА. ПОВРЗУВА. ИМА СВОЈ ИДЕНТИТЕТ.

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА

САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 1

НОВИНАР: Крстинка Билјаноска

1. ПРОГРАМСКА ФИЛОЗОФИЈА

Сателитскиот програмски сервис на МТВ 1 останува клучна алка меѓу Македонската телевизија и дијаспората – 24-часовен канал чија основна улога е да ја одржува континуираната врска на иселениците со матичната земја, јазикот и културата, без разлика на часовната зона во која се наоѓаат.

2. КЛУЧНИ СОДРЖИНСКИ ЛИНИИ

Програмата се темели на моделот 8+8+8, прилагоден на различните часовни зони на дијаспората, и опфаќа директно или одложено емитување на актуелни програмски содржини, архивски материјали, како и сопствена продукција на емисии и нови формати наменети за македонските иселеници. Посебно внимание ќе се посвети на преземањето и емитувањето на содржините од проектот „МК Конект“, кој се развива во рамките на МТВ 1 преку доброволна дописничка мрежа од македонската дијаспора. Овие содржини се во согласност со мисијата на Сателитскиот програмски сервис МТВ САТ1, бидејќи придонесуваат за информирање за животот, активностите и достигнувањата на Македонците во светот, како и за зајакнување на нивната поврзаност со татковината.

3. ДИГИТАЛНА ПРИСУТНОСТ

Континуитет на емитувањето преку сателит и онлајн-платформи, со цел зголемување на достапноста на програмата за иселениците независно од местото на живеење.

4. ЗАКЛУЧНА ПРОГРАМСКА ОПРЕДЕЛБА

Во 2027 година, приоритет на МТВ САТ1 ќе биде зајакнување на поврзаноста меѓу Македонија и македонската дијаспора, преку програмски содржини што овозможуваат двонасочно информирање, претставување и афирмација на културните, историските и општествените вредности. Посебен акцент ќе се стави на преземањето и емитувањето содржини од сопствената продукција на МТВ, вклучително и нови формати што одговараат на потребите и интересите на дијаспората, содржините од проектот „МК Конект“, како и внимателно избрани, значајни и соодветни содржини од богатата архива на МРТ. На овој начин, сервисот ќе ја зајакнува својата улога како медиумски мост меѓу татковината и Македонците во светот.

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ
В.Д. ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Леунора Калиќи

1. ВОВЕД

Оваа програма ја поставува насоката на МТВ 2 за 2027 година: посилна сопствена продукција, поотворена врска со публиката, повеќе содржини од терен и програмски формати што природно живеат и на телевизија и на дигиталните платформи. Редовната понуда останува основа, но се надградува со нови идеи, појасен уредувачки идентитет и поголема присутност на теми важни за албанската публика.

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ

Во 2027 година МТВ 2 ќе ја гради програмата врз континуитетот на редовната понуда, но со поизразен сопствен идентитет и поблиска врска со секојдневието на публиката. Намерата е содржините на албански јазик да бидат современи по форма, јасни по уредувачка логика и достапни на начин што одговара и на телевизиските и на новите навики за следење медиуми. Постојните формати ќе се унапредуваат, а новите ќе се воведуваат постепено, во рамките на кадровските, техничките, продукциските и финансиските можности.

3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МТВ 2

Во средиштето на програмското обновување е сопствената продукција. Поголема тежина ќе добиваат темите и приказните што произлегуваат од работата на редакциите, авторското истражување, теренот и сопствениот аудиовизуелен фонд. Секој формат треба да има јасна причина зошто постои, препознатлива содржина и редакциски тим што може да го носи во континуитет.

Информативната програма ја задржува структурата на редовните изданија, но го менува аголот од кој се избира и раскажува веста. Повеќе простор ќе добијат јавните услуги, животниот стандард, здравството, образованието, животната средина, инфраструктурата и локалната самоуправа, со повеќе терен, јасен контекст и корисни информации за граѓаните.

Утрото и попладнето ќе бидат најдиректните точки на контакт со гледачите. Овие појаси треба да бидат живи, отворени за прашања и предлози од публиката и доволно флексибилни за да реагираат на темите на денот. Дебатните и тематските емисии, пак, ќе имаат различен карактер и функција, за секој формат да носи свој агол, свои соговорници и свој начин на обработка.

Образованието, науката, детската програма, јазикот и културата остануваат важен дел од идентитетот на МТВ 2. Фокусот ќе биде на содржини што поттикнуваат љубопитност, правилно изразување, креативност и активно учество на децата и младите, а културната понуда ќе го поврзува современото творештво со книгата, музиката, традицијата и културното наследство.

Поголемо место ќе добијат репортажите и документарните приказни од терен. Намерата е да се обезбедат услови за најмалку една репортажа неделно и еден документарен производ месечно, пред сè со сопствени ресурси, а копродукција да се користи кога темата и продукцијата го оправдуваат тоа. Обемот ќе се усогласува со продукцискиот календар и расположливите екипи.

Младата публика нема да се третира како издвоена програмска ниша, туку како публика што треба да се препознае во повеќе содржини. Тоа подразбира теми и соговорници што ѝ се блиски, пократки и појасни видеоформи, објаснувачки содржини, подкасти и материјали достапни на барање. Дигиталната верзија ќе се планира уште при подготовката на емисијата, а не дури по нејзиното телевизиско емитување.

За ваква програма е неопходна посилна дописничка и продукциска мрежа. Потребни се стабилни теренски екипи, навремена техничка поддршка и нови професионални профили таму каде што недостигаат. Истовремено, подобрата координација меѓу редакциите ќе овозможи еден добро подготвен прилог, хроника или репортажа да се користи во повеќе програмски целини и на повеќе

платформи. Обезбедувањето двајца толкувачи на албански знаковен јазик останува важен чекор кон поширока пристапност.

Програмата ќе се прегледува квартално, со внимание и на тоа што е реализирано, што функционира добро и каде се потребни приспособувања. Обновувањето веќе започна во 2026 година: во август беа воведени „Мојата општина - Komuna Ime“, „Книжевно катче - Këndi i Librit“, „Светот поинаку - Bota Ndryshe“, „Малку историја - Pak Histori“ и „ТВ архива - TV Arkivi“, а втората фаза започна на 14 септември 2026 година со „Од брановите на екран - Nga Valët në Ekran“, „Пулсот на денот - Pulsi i Ditës“, „Етно нота - Etno Nota“, „По бројките - Pas Numrave“, „Спортски понеделник - E hëna sportive“, „Легендите на спортот - Legjendat e Sportit“, спорт во информативните изданија и „Хоризонти - Horizonte“. Искуството од нивната реализација ќе биде важна основа за продукциското планирање во 2027 година.

3.1 ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА

Информативната програма на МТВ 2 во 2027 година ќе се потпира на веродостојност, релевантност и јасна уредувачка одговорност. Во рамките на дневната програмска шема, во 12:00 часот ќе се емитуваат **вести** со краток преглед на најважните актуелни информации, а во 16:00 часот **попладневните вести** ќе ги обработуваат главните теми и случувања во текот на денот. **Централниот дневник**, во 18:30 часот, ќе биде главното информативно издание, со продлабочена обработка на темите, новинарски прилози, анализи и дополнителен контекст. Во 22:00 часот, **вечерните вести** ќе донесат кратко резиме на најважните настани од денот.

Повеќе внимание ќе се насочува кон темите што го допираат секојдневниот живот на граѓаните и кон објаснувањето што тие значат во практика. Редовната програмска основа ја сочинуваат „Топ вести - Top lajme“, „Вести - Lajme“, „Дневник - Ditari“ и „Флеш вести - Flesh lajme“, кои ја задржуваат својата улога во дневната шема.

Секоја поважна тема ќе се гледа и од аголот на граѓанинот: што се случува, зошто е важно, кого го засега, какви последици може да има и што е корисно да се знае. Така информативните изданија ќе нудат повеќе од пренесување на дневниот настан - ќе даваат контекст и ориентација.

Теренот ќе има поголема тежина, особено кај локалните и сервисните теми. Искуствата на граѓаните ќе се поврзуваат со проверени податоци, стручни објаснувања и одговори од надлежните институции. Кај темите што подолго ја засегаат јавноста, редакцијата ќе се враќа на нив и ќе следи што се сменило по првичното известување.

Редовните изданија ќе ја следат работата на институциите и политичките, економските и општествените процеси, со јасно разграничување меѓу факти и коментари и со простор за релевантните гледишта. Проверувањето на изворите, дигиталните материјали и автентичноста на содржините ќе биде дел од секојдневната редакциска работа, особено во средина во која дезинформациите брзо се шират. Спортот ќе биде редовно присутен во информативните изданија, во координација со спортската редакција.

3.2 УТРИНСКА И ПОПЛАДНЕВНА ПРОГРАМА

„Од брановите на екран - Nga Valët në Ekran“ ќе функционира како заеднички утрински простор на радиото и телевизијата. Информации, сервисни содржини, разговори и актуелни теми ќе се подготвуваат со заедничко користење на уредувачките и продукциските ресурси на двата медиума. Од истиот материјал ќе можат да се создаваат телевизиски, радио, аудио, видео и подкаст-верзии за различни платформи.

„Пулсот на денот - Pulsi i Ditës“ ќе биде жив попладневен простор во кој актуелните и сервисните теми се спојуваат со разговор, човечки приказни и директна комуникација со гледачите. Ќе опфаќа јавни услуги, здравје, образование, семејна економија, култура, млади, спорт и локални заедници. Публиката ќе може да предлага теми, проблеми и прашања, а редакцијата ќе ги проверува и ќе избира што заслужува новинарска обработка. Во летниот период форматот ќе добие полесна, сезонски приспособена форма, без прекин на континуитетот.

3.3 АКТУЕЛНИ ДЕБАТНИ И ЕКОНОМСКИ СОДРЖИНИ

„Зум - ZOOM“ останува неделна дебатна емисија со планирано траење од 60 до 70 минути. Фокусот ќе биде на теми со пошироко политичко и општествено значење, обработени преку аргументирана расправа и различни релевантни гледишта.

„ЕУ и НИЕ - BE DHE NE“ ќе продолжи како специјализиран формат за европската интеграција и реформите. Наместо темите да останат на ниво на институционални процеси, емисијата ќе објаснува како тие се спроведуваат и што значат за институциите, економијата и секојдневието на граѓаните.

„Фокус - Fokus“ произлегува од трансформацијата на досегашниот „Интервју 1+1 - Intervju 1+1“. Секое издание ќе ја заокружува неделата со една доминантна актуелна тема, обработена низ повеќе агли, релевантни соговорници и поширок контекст.

„По бројките - Pas Numrave“ ќе ги отвора темите преку податоци, статистики и истражувања, но бројките нема да стојат сами за себе. Четири до пет релевантни соговорници, гласови на засегнати граѓани, студенти или други групи и инфографики ќе помогнат сложените теми да се претстават појасно. Изворот, периодот и значењето на податоците ќе бидат видлив и проверлив дел од приказната.

„Бизнис Плус - Biznis Plus“ останува специјализираниот економски формат на МТВ 2. Темите за стопанството, претприемништвото, пазарот на труд и деловното опкружување ќе се обработуваат и преку нивното влијание врз граѓаните и економските субјекти.

3.4 ЛОКАЛНИ И КРАТКИ ИНФОРМАТИВНИ ФОРМАТИ

„Мојата општина - Komuna Ime“ ќе ја носи локалната перспектива директно од терен. Во фокус ќе бидат инфраструктурата, јавните услуги, развојните иницијативи и конкретните проблеми на жителите, со простор и за одговорноста на локалните институции и за различноста на средините што ги покрива МТВ 2.

„Светот поинаку - Bota Ndryshe“ ќе нуди кратки, лесно следливи содржини за интересни, необични и актуелни појави од светот. Формата ќе биде погодна и за телевизија и за дигиталните платформи, со претходна проверка на информациите, изворите и правата за користење на материјалите.

Редакциите ќе работат повеќе како поврзан систем, а помалку како одделни редакциски целини. Дневните информации, утринската и попладневната програма, тематските редакции, дописниците и техничките екипи ќе ги планираат содржините заеднички кога темата го бара тоа. Добар прилог или репортажа ќе може уредувачки да се приспособи за повеќе емисии и за дигитална употреба, додека новопроизведената содржина ќе се евидентира одделно од репризите и повторната употреба.

3.5 ОБРАЗОВНА И ДЕТСКА ПРОГРАМА

Образовната програма ќе ги доближува знаењето, науката и современите општествени прашања до публиката на разбирлив начин. „Хоризонти - Horizonte“ ќе отвора теми од образованието, науката, иновациите и технологијата, со соговорници што можат сложените појави да ги објаснат јасно и применливо. Другите општообразовни, здравствено-образовни, кулинарски и етички содржини ќе се реализираат според потврдениот концепт и продукциски модел.

Детската програма ќе го спојува учењето со љубопитноста, играта и непосредното детско искуство. „Изговарај, Објаснувај, Пишувај - Shqipto, Shpjego, Shkruaj“ ќе се занимава со јазикот, правилното изразување, разбирањето и пишувањето; „Прозорец на соништата - Dritarja e Ëndrrave“ со фантазијата, креативноста и емоционалното изразување; а „Моето училиште - Shkolla Ime“ со училишниот живот, односите, правилата, тимската работа и секојдневните искуства на децата.

Кратките едукативни содржини и квизовите остануваат дел од програмската понуда, во зависност од потврдениот продукциски модел, средствата, договорите и правата. Детските фестивали и новогодишните содржини ќе се организираат одделно, според календарот и можностите за реализација.

При секоја содржина во која учествуваат деца ќе се води сметка за нивната возраст, достоинство и приватност. Нивното присуство нема да биде само формално: ќе се отвора простор за нивни прашања, идеи, ставови и искуства, и во телевизиската и во соодветната дигитална верзија.

3.6 КУЛТУРНА, ДОКУМЕНТАРНА И АРХИВСКА ПРОГРАМА

Културната програма ќе ја поврзува современата уметност со културната меморија и наследството. **„Книжевно катче - Këndi i Librit“** ќе отвора простор за книги, автори, издаваштво и читателска култура. Другите културни и авторски содржини ќе се вклучуваат во годишниот продукциски план доколку имаат јасна уредувачка смисла и можат квалитетно да се реализираат со расположливите ресурси.

„Мотиви - Motivi“ ќе носи приказни за луѓе што оставаат трага во уметноста, спортот, науката и образованието, но и теми со пошироко општествено и превентивно значење. Освежувањето на визуелниот идентитет и сценографијата ќе се прави според продукциските можности.

„Етно нота - Etno Nota“ ќе биде враќање кон корените преку современ телевизиски јазик. Народната музика и фолклорот ќе се поврзат со инструментите, носиите, обичаите, традициите и локалните приказни, така што секое издание, покрај емитувањето, ќе остава и вреден аудиовизуелен запис за архивата.

„ТВ архива - TV Arkivi“ ќе им дава нов контекст на вредни записи од фондот на МРТ, преку тематски избор и уредничка обработка. **„Малку историја - Pak Histori“** ќе ги претвора историските теми во кратка, разбирлива форма погодна и за телевизија и за дигитална употреба. Новата обработка на архивски материјал ќе се третира различно од едноставно репризирање на готова емисија.

„Гламур – Glamur“ е емисија посветена на културата и истакнатите личности од домашната културна сцена. Преку разговори и претставување на нивната работа и творештво, емисијата ќе ги доближи до публиката културните настани и луѓето што придонесуваат за развојот на културата.

„Витрина – Vitrina“ е емисија посветена на најновите филмски остварувања. Преку претставување и осврт на актуелни филмски наслови, ќе ги запознава гледачите со новостите од филмската продукција и ќе ги насочува кон содржините што се прикажуваат на филмските платна.

Документарната линија ќе се потпира на сопствени истражени, снимени и монтирани приказни. Планираната динамика е една репортажа неделно и еден документарен производ месечно, а точниот годишен обем ќе го одредуваат продукцискиот календар и расположливите екипи. Копродукција ќе остане можност кога е оправдана, додека откупените и копродукциските содржини ќе се водат одделно од часовите произведени со сопствени ресурси.

Филмовите, сериите, домашните серијали, театарските содржини и народните приказни ќе се водат според нивниот реален продукциски модел - сопствена продукција, копродукција, откуп или обработка. За нивното емитување ќе бидат потребни соодветни права и договорен статус. **Кај „Театар на екран - Teatri në ekran“** треба да се утврдат условите со театрите, а кај **„Народни приказни - Përralla popullore“** конечниот модел ќе се избере меѓу откуп, копродукција или сопствена продукција, во рамките на расположливите средства и права.

3.7 ФИЛМОВИ, СЕРИИ И ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА

„Филмови и серии - Filma dhe seriale“ ќе обезбедуваат разновидна странска филмска и сериска понуда за различни категории гледачи. Содржините ќе се титлуваат на албански јазик и ќе се емитуваат според програмската шема, со претходно обезбедени права за користење.

Редакцијата за обработена програма ќе подготвува содржини од различни области, меѓу кои природа, животински свет и живеалишта. Преводот, титлувањето и техничката обработка ќе се организираат како посебни работни задачи, без да се менува фактот дека станува збор за странска продукција.

„Синхронизирани странски документарни серијали - Seriale dokumentare të huaja të dubluara“ ќе се избираат според програмската шема, публиката и обезбедените права, со соодветна јазична обработка. **„Домашен серијал - Serial vendor“** ќе зависи од концептот, договорните услови и средствата што се на располагање.

3.8 СПОРТСКА, МУЗИЧКА И ЗАБАВНА ПРОГРАМА

Спортот ќе биде присутен и во редовните информативни изданија и преку специјализирани емисии. **„Спортски понеделник - E hëna sportive“** ќе нуди неделен пресек и анализа на најважните резултати и настани, додека **„Легендите на спортот - Legjendat e Sportit“** ќе гради портрети на спортисти, клубови и личности што оставиле трага.

Директните спортски преноси и придружните студиски содржини ќе се определуваат според календарот, обезбедените права и можностите за продукција. Спортските информации во дневните изданија ќе останат одвоени од евентуалните самостојни спортски изданија, за секој производ да има јасна функција.

„Викенди - Vikendi“ ќе има полесен, семеен и интерактивен карактер, со гости, човечки приказни, култура, музика и животен стил. За разлика од **„Пулсот на денот - Pulsi i Ditës“**, кој е поблиску до дневната актуелност и сервисните теми, **„Викенди“** ќе се насочи кон содржини со викенд-ритам и поширока семејна публика.

Еднаш месечно се предлага музички формат посветен на еден познат пејач или изведувач. Интервјуто, портретот и архивскиот материјал ќе се надополнуваат, каде што е можно, со нови музички изведби, со што секое издание ќе создава и траен материјал за сопствениот архивски фонд.

„Аулос - Aulos“ останува условен формат. Подкастот е посветен на класичната музика, а неговото продолжување во 2027 година ќе зависи од обезбедувањето на хонорарниот ангажман на досегашниот автор и носител на форматот.

Фолклорните содржини ќе се обединат во **„Етно нота - Etno Nota“**, а другите музички, концертни, фестивалски, џез и новогодишни содржини ќе се определуваат според календарот, средствата и обезбедените права.

„На маса - Në tavolinë“ се предлага како доцновечерна разговорна емисија со познати личности, во опуштена атмосфера надвор од студио. Форматот отвора простор за подолг, помалку формален разговор и лични приказни, но неговата реализација ќе зависи од достапноста на теренските, техничките и монтажните капацитети. Редакцискиот тим, траењето и конкретниот термин ќе се утврдат со продукцискиот план.

„Џез на екран – Jazz në ekran“ е музичко-културен формат посветен на џезот и неговото богато творечко наследство. Преку претставување на различни стилови и правци, значајни музичари и нивните дела, емисијата ќе ја доближи џез-музиката до публиката и ќе го истакне нејзиното место во современата култура. Дополнително се предлага воведување ново неделно доцновечерно музичко-забавно шоу во форматот Late Night Show. Емисијата би се реализирала еднаш неделно во студио, со водител, гости од културниот, музичкиот, уметничкиот и јавниот живот, бенд во живо, музички настапи и забавни сегменти. Нејзината цел е да понуди современа и динамична вечерна програма со препознатлив телевизиски идентитет и содржини погодни за дигитална дистрибуција.

Работниот наслов, времетраењето, терминот на емитување и продукцискиот модел дополнително ќе се утврдат, во согласност со расположливите кадровски, технички и финансиски можности.

3.9 КОНЦЕРТИ, ФЕСТИВАЛИ И МАНИФЕСТАЦИИ

„Концерти и фестивали - Koncerte dhe festivale“ ќе ја пренесуваат атмосферата од значајните културни настани и ќе придонесуваат за видливоста на авторите, ансамблите и младите таленти. Кога условите дозволуваат, настаните ќе се снимаат за архивата, а во одделни случаи може да се планира и пренос во живо.

Ориентацискиот избор опфаќа: **„Песната одекнува - Kënga Jehon“**, **„Нота фест - Nota Fest“**, **„Тетовско лето - Vera e Tetovës“**, **„Скопски камерен оркестар - Orkestra Kamerale e Shkupit“**, „Вечерни звуци на Чаршијата - Tingujt e mbrëmjes në Çarshi“, „Струга фест - Struga Fest“ и „Фолк фест - Folk Fest“.

Фестивалските содржини преземени од независни продуценти без паричен надоместок ќе се регулираат со договор за секој настан. Одделно ќе се пресметуваат трошоците за сопствено снимање, екипа, транспорт и емитување. Пред емитување ќе се проверуваат уредувачките, правните и договорните услови, како и правата за телевизиско и дигитално користење.

Во календарот за 2027 ќе бидат опфатени „Ден на албанската азбука - Dita e Alfabetit“, „Ден на албанското знаме - Dita e Flamurit“, „Рамазан бајрам - Fitër Bajrami“, „Курбан бајрам - Kurban Bajrami“ и „Исламска нова година - Viti i Ri Islam“, заедно со други настани што имаат програмски интерес. Точната реализација ќе го следи календарот за 2027 година.

4. ПРОЕКТЕН ПРИСТАП ВО КРЕИРАЊЕТО СОДРЖИНИ

Во новата понуда се предлага и посебен формат за жените и девојките, замислен како современ простор за теми што се дел од нивниот реален живот и јавна улога: образование, професионален развој, лидерство, здравје, економска независност, еднакви можности, дигитална безбедност, родови стереотипи и насилство. Покрај проблемите, емисијата ќе носи и силни лични и професионални приказни, со жени и девојки како соговорнички, експертки, професионалки и активни учеснички во општеството. Насловот, носечката редакција, динамиката и траењето ќе се утврдат по концепциска и ресурсна разработка.

Новите проекти ќе се воведуваат во ритам што нема да ја наруши редовната програма и ќе може квалитетно да се поддржи со расположливите луѓе, техника и продукциски капацитет.

4.1 ПРОДУКЦИЈА, ДОПИСНИЦИ И КАДРОВСКИ УСЛОВИ

Годишниот продукциски план ќе ги поврзе емисиите со луѓето и ресурсите што реално ги создаваат: редакциски носители, студиски термини, теренски екипи, монтажа, графика, договори и дигитална обработка. За дневните теми ќе има редовна координација, а за подолгите прилози и тематските емисии - неделно планирање. Содржините ќе се споделуваат меѓу редакциите кога тоа има уредувачка смисла, без повторната употреба да се прикажува како ново производство.

Дописничката мрежа е важна не само за вестите, туку и за утринската и попладневната програма, локалните емисии, документарните приказни и спортот. Најнапред треба да се обезбеди камерманска и друга теренска поддршка таму каде што недостига, навреме да се покријат местата каде се очекуваат пензионирања и постепено да се развива присуство во центрите каде нема активен дописник.

За Тетово и Струга приоритет е одржување на континуитетот на активните екипи. За Куманово е потребен камерман или теренска техничка поддршка. За Кичево е потребно обезбедување кадровски континуитет и навремена замена на техничката поддршка поради очекувано пензионирање. Во Гостивар и Дебар: во Гостивар се бара обезбедување кадровски континуитет поради очекувано пензионирање и камерманска поддршка, а во Дебар - обезбедување нов модел на дописничко покривање и соодветна теренска техничка поддршка. За Тирана е потребно одржување на дописничкото присуство и развивање соодветна теренска техничка поддршка. Во Приштина и Брисел: Во Приштина се предвидува развивање активно дописничко покривање, во согласност со расположливите ресурси, додека Брисел е стратешки развоен приоритет за следење на европските интеграции и институции.

Во рамките на развојот на дописничката мрежа, МТВ 2 ќе ги разгледа можностите за воспоставување доброволна мрежа на соработници од дијаспората, по принципот на проектот „МК Конект“, приспособена на програмските потреби на сервисот и со посебен акцент на албанската дијаспора. Целта е создавање автентични прилози, репортажи и приказни на албански јазик за животот, активностите и достигнувањата на дијаспората, како и зајакнување на нејзината поврзаност со Македонија. Овие содржини ќе бидат наменети за информативните, утринските, документарните и другите програмски формати на МТВ 2, во согласност со неговата јавносервисна мисија.

Кадровската проекција предвидува двајца камермани, двајца монтажери, двајца графички/кајронооператори (за екрански натписи), двајца режисери и двајца толкувачи на албански знаковен јазик. Ангажманите ќе се усогласуваат со кадровскиот и финансискиот план. Централната продукција и дописничката мрежа имаат различни потреби и ќе се третираат одделно, бидејќи недостигот од технички и теренски екипи директно го ограничува бројот и квалитетот на теми, хроники, репортажи и емисии што можат да се реализираат.

Новите вработувања и професионални ангажмани треба да внесат свежа енергија и нови идеи, но и да ја зајакнат секојдневната продукциска способност на сервисот. Во комбинација со искуството на постојниот кадар, тие можат да поттикнат здрава професионална конкуренција, повеќе иницијатива, креативност и пренесување знаење меѓу генерациите. Кај условните авторски формати, меѓу кои и „Аулос - Aulos“, ангажманот на носителот ќе се решава пред да се утврди обврзувачкиот производен календар.

4.2 РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА СОДРЖИНИ

Соработката со јавните радиодифузни сервиси од Албанија и Косово може да се зајакне преку обновени или нови меморандуми за размена на документарни и други содржини од интерес за албанската публика во Северна Македонија. Пред секоја размена ќе се утврдуваат договорните страни, правата за телевизиско и дигитално објавување, дозволените обработки и периодот на користење.

5. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Дигиталната верзија нема да биде само дополнување по телевизиското емитување. Кај форматите што имаат таков потенцијал, уште во фазата на подготовка ќе се планира кратко видео, аудио, подкаст, on-demand содржина или содржина за социјални мрежи. Формата и должината ќе се приспособуваат на платформата, со уредувачка проверка и обезбедени права. Овие кратки форми се изведени од основниот програмски производ и не претставуваат нови самостојни телевизиски емисии.

За **„По бројките - Pas Numrave“** - се предвидуваат кратки објаснувања со податоци и инфографики, приближно 30–90 секунди. За **„Пулсот на денот - Pulsi i Ditës“** - избрани прашања, теми и проблеми предложени од граѓаните, со проверени одговори и редакциски контекст. За **„Мојата општина - Komuna Ime“** - локален прилог и кратка сервисна информација. За **„Малку историја - Pak Histori“** и **„ТВ архива - TV Arkivi“** - кратка историска или архивска целина со контекст. За **„Светот поинаку - Bota Ndryshe“** и **„Хоризонти - Horizonte“** - кратки информативни и научно-образовни објаснувања. За **„Етно нота - Etno Nota“** и другите музички формати - тематски музички и фолклорни извадоци според обезбедените права. За **„Фокус - Fokus“** и **„Зум - ZOOM“** - избрани тематски делови со зачуван контекст. За детските формати - Formate për fëmijë - кратки едукативни сегменти приспособени на возраста и правата.

„Мобилното новинарство (MOJO)“ ќе се воведува чекор по чекор, со основна техничка опрема, стручна обука за новинарите и уредниците, пилот-продукција и последователна редакциска и техничка оценка. Неговата најголема корист ќе биде во брзата реакција, дополнителното локално покривање и кратките телевизиски и дигитални содржини. MOJO е дополнителна алатка, а не замена за професионалните телевизиски екипи; сложените документарни, музички, спортски и други технички барани продукции ќе продолжат да се реализираат со соодветни екипи.

Пристапноста ќе се вградува во самото планирање на програмата. Обезбедувањето двајца толкувачи на албански знаковен јазик е клучен предуслов, а паралелно ќе се работи на поголем обем на титлувани и дигитално приспособени содржини. Обемот ќе се определува во согласност со важечкиот акциски план и реалните продукциски можности.

6. ИНВЕСТИЦИИ И МОДЕРНИЗАЦИЈА

Годишниот продукциски план ќе покаже колку нови изданија се произведуваат, во кој ритам, со кои ресурси и колкав дел од програмата навистина е ново производство. Репризите и повторната употреба ќе се водат одделно, за да се добие појасна слика за реалниот обем на сопствена продукција.

При планирањето на средствата ќе се земат предвид студиската и теренската работа, монтажата, графиката, сценографијата, патувањата, авторските и хонорарните ангажмани, правата, копродукциите, откупените содржини и дигиталните адаптации. Секој поголем програмски ангажман ќе се врзува со расположливите средства и со јасен договорен статус.

Следењето на реализацијата ќе опфати: планирани и реализирани нови изданија, продукциска и емисиона евиденција и квартален преглед - за реализацијата; нови изданија и произведени часови, одделно од репризи и повторна употреба - за сопствената продукција; локални теми, регионална застапеност, обработени граѓански предлози, редакциска евиденција и примери на последователно известување - за јавната вредност; достапни ТВ и дигитални резултати, прво почетна вредност, потоа реални цели - за публиката; изданија и часови со адаптации, евиденција по вид на адаптација - за пристапноста; објавени употребливи материјали и обучен кадар, пилот-евиденција и редакциска проценка - за MOJO; и трошоци и отстапувања од планот, продукциски и финансиски квартален преглед - за ресурсите.

Гледаноста, дигиталната употреба и другите резултати ќе се следат преку проверливи и споредливи извори. Таму каде што нема доволно податоци за почетна споредба, најнапред ќе се утврди мерна основа, а потоа ќе се постават цели што можат реално да се следат низ годината.

7. ПРОГРАМСКА ПОНУДА НА СОДРЖИНИТЕ

Прикажани се програмската понуда, планираната динамика, содржинската намена и продукцискиот модел. Конкретните термини, годишниот број изданија и распределбата на ресурсите ќе се доработуваат во годишниот продукциски план и сезонските програмски шеми. Кај содржините што зависат од откуп, копродукција, преземање, програмски права или договорен статус, реализацијата ќе следува по соодветна правна, финансиска и продукциска потврда.

Редовната информативна понуда ја сочинуваат: **„Топ вести - Top lajme“,** редовни изданија, траење 15 минути, сопствена продукција на МРТ, за редовно кратко информирање; **„Вести - Lajme“**, редовни изданија, траење 20 минути, сопствена продукција на МРТ, редовно информативно издание; **„Дневник - Ditari“**, редовни изданија, траење 30 до 40 минути, сопствена продукција на МРТ, централни информативни изданија со теренски прилози и контекст; и **„Флеш вести - Flesh lajme“**, редовни изданија, сопствена продукција на МРТ, краток преглед на актуелните информации.

„Од брановите на екран - Nga Valët në Ekran“ се емитува работни денови, во траење од 90 минути, сопствена продукција на МРТ, како утрински Радио–ТВ формат со телевизиска, подкаст и дигитална примена, со координација и заедничка реализација Радио–ТВ. **„Пулсот на денот - Pulsi i Ditës“** се емитува работни денови, со летна адаптација, во траење од 75 минути, сопствена продукција на МРТ, како попладневен интерактивен контакт со граѓаните, актуелни и сервисни теми, со напомена дека се емитува во живо.

„Зум - ZOOM“ се емитува неделно, во траење од 60–70 минути, сопствена продукција на МРТ, аргументирана дебата за значајни политички и општествени прашања, со напомена дека се емитува во живо. **„ЕУ и НИЕ - BE DHE NE“** се емитува според редовната шема, во траење од 30 до 35 минути, сопствена продукција на МРТ, актуелно-аналитичка обработка на европските интеграции и реформите, нивното спроведување и влијанието врз граѓаните. **„Фокус - Fokus“** се емитува неделно, сопствена продукција на МРТ, продлабочена обработка на една доминантна актуелна тема. **„По бројките - Pas Numrave“** се реализира според годишниот продукциски план, во траење од 30 минути, сопствена продукција на МРТ, со податоци, статистики, 4 до 5 соговорници, граѓански изјави и инфографики со проверливи извори. **„Бизнис Плус - Biznis Plus“** се емитува според редовната шема, сопствена продукција на МРТ, посветена на економија, претприемништво и деловно опкружување.

„Мојата општина - Komuna Ime“ се емитува според редовната шема, во траење од 45 до 60 минути, сопствена продукција на МРТ, со локални проблеми, јавни услуги, инфраструктура и теренски приказни, со теренска реализација. **„Светот поинаку - Bota Ndryshe“** се емитува според редовната шема, сопствена продукција на МРТ, кратки информации и куриозитети од светот, со обработка и користење материјали согласно обезбедените права и проверка на извори. **„Хоризонти - Horizonte“** се емитува според редовната шема, во траење од 30 минути, сопствена продукција на МРТ, посветена на наука, образование и технологија. **„Про вита - Pro vita“** се емитува според редовната шема, во траење од 45 минути, сопствена продукција на МРТ, со здравствено-образовни теми.

Детската и образовната понуда опфаќа: **„Изговарај, Објаснувај, Пишувај - Shqipto, Shpjego, Shkruaj“**, според плановите на детската програма, во траење од 20 до 25 минути, сопствена продукција на МРТ, за јазична писменост, правилно изразување, разбирање и пишување; **„Моето училиште - Shkolla Ime“**, според плановите на детската програма, сопствена продукција на МРТ, за училиштен живот и детски искуства, со теренска реализација; и **„Прозорец на соништата - Dritarja e Ëndrrave“**, според плановите на детската програма, сопствена продукција на МРТ, за детска креативност и емоционално изразување.

„Книжевно катче - Këndi i Librit“ се емитува според редовната шема, во траење од 20 до 25 минути, сопствена продукција на МРТ, посветена на книга, автори, издаваштво и читателска култура. **„Мотиви - Motivi“** се емитува според редовната шема, во траење од 40 до 45 минути, сопствена продукција на МРТ, за инспиративни личности и општествени теми. **„Етно нота - Etno Nota“** се емитува неделно, во траење од 50 минути, сопствена продукција на МРТ, за традиција, инструменти, носии, обичаи и

музичко наследство. **„На маса - Në tavolinë“** се емитува неделно, сопствена продукција на МРТ, како доцновечерна разговорна емисија со познати личности во опуштена атмосфера надвор од студио, при што реализацијата зависи од редакциска и ресурсна проценка, а редакцискиот тим, траењето и терминот ќе се утврдат со продукцискиот план.

„Репортажа - Reportazh“ се планира со цел еднаш неделно, сопствена продукција на МРТ, за сопствени теренски приказни. **„Документарен производ - Produkt dokumentar“** се планира со цел еднаш месечно, сопствена продукција на МРТ или копродукција, како истражена и обработена документарна целина, приоритетно сопствена продукција, а копродукција по потреба и согласно права. **„ТВ архива - TV Arkivi“** се емитува според програмската шема, сопствена продукција на МРТ, за тематско активирање и контекстуализација на архивата, со архивска обработка. **„Малку историја - Pak Histori“** се емитува според програмската шема, сопствена продукција на МРТ, како кратка историско-образовна форма.

„Спортски понеделник - E hëna sportive“ е неделен преглед, сопствена продукција на МРТ, за спортски преглед и анализа, со напомена дека **„Спортски преглед - Pasqyra Sportive“** е алтернативен назив за истиот формат и не се евидентира како посебна емисија. **„Легендите на спортот - Legjendat e Sportit“** се реализира според планот за портретни изданија, сопствена продукција на МРТ, портрети на спортисти, клубови и личности од спортската историја. **„Викенди - Vikendi“** се емитува викенд, во траење од 50 до 60 минути, сопствена продукција на МРТ, како семеен интерактивен магазин.

„Аулос - Aulos“ се емитува според редовниот план, во траење од 25 до 30 минути, сопствена продукција на МРТ, посветена на класична музика и претставување уметници од областа, со напомена дека станува збор за условно продолжување, зависно од обезбедувањето на хонорарниот ангажман на досегашниот автор и носител на форматот. **„Музичкиот формат со изведувач - Format muzikor me interpretues“** се емитува месечно, сопствена продукција на МРТ, со интервју, музички портрет, архива и можни нови изведби. **„Форматот за жени и девојки - Format për gratë dhe vajzat“** се планира според годишниот продукциски план, сопствена продукција на МРТ, за образование, кариера, здравје, еднакви можности и активно учество, со напомена дека станува збор за предлог-формат. **„Верска етика - Etika fetare“** се емитува според редовната шема, сопствена продукција на МРТ, со етички и религиски теми со образовна намена, при што статусот се потврдува со годишниот продукциски план.

7.1 ПОСЕБНИ СОДРЖИНИ И ПРОГРАМСКИ КАТЕГОРИИ

Посебните програмски содржини ја дополнуваат редовната програмска понуда и ќе се реализираат во согласност со календарот на настани, склучените договори, обезбедените права за емитување и расположливите продукциски и финансиски средства. Реализацијата на содржините предвидени за откуп, копродукција или преземање ќе зависи од исполнувањето на соодветните договорни и правни услови. При планирањето и пресметувањето на вкупниот годишен обем на програмата ќе се избегнува двојно пресметување на содржините што се опфатени во повеќе програмски категории.

„Спортски преноси и студио спорт - Transmetime sportive dhe studio sportive“ се реализираат според календарот на настани, сопствена продукција на МРТ, како преноси на спортски настани и придружна студиска програма, со програмски права според договори. „Емисија за кулинарството - Emision për kulinarinë“ се емитува секој ден, сопствена продукција на МРТ, посветена на кулинарството.

„Новогодишна детска програма - Programi i Vitit të Ri për fëmijë“ се реализира според календарот на настани, сопствена продукција на МРТ, како посебна новогодишна програма за деца, чија реализација зависи од обезбедените права. „Детски фестивали - Festivale për fëmijë“ се реализираат според календарот, сопствена продукција на МРТ, за претставување детски таленти и фестивалски содржини, со уредувачка и правна проверка пред емитување.

„Музичка емисија - Emision muzikor“ се емитува секој ден согласно програмската шема, сопствена продукција на МРТ, со музички содржини во редовната програмска понуда. „Новогодишна програма - Programi i Vitit të Ri“ се реализира според календарот на настани, сопствена продукција на МРТ, како посебна програма по повод Новата година, чија реализација зависи од обезбедените права. „Виенски новогодишен концерт - Koncerti i Vitit të Ri në Vjenë“ се емитува според календарот на настани, преземена програма (EBU пакет), за емитување на Виенскиот новогодишен концерт, зависно од обезбедените права. „Евровизија - Eurovizioni“ се емитува според календарот на настани, откупена програма, со евровизиски програмски содржини според календарот, зависно од обезбедените права.

„Концерти и фестивали - Koncerte dhe festivale“ се реализираат според календарот, како преземена програма или сопствена продукција на МРТ, за претставување на културни настани, автори, ансамбли и млади таленти; преземањето се врши без надоместок по договор за секој настан, техничките трошоци се планираат одделно, а емитувањето е согласно договор и обезбедени права. „Театар на екран - Teatri në ekran“ се реализира според договор и програмска шема, сопствена продукција на МРТ, за телевизиско претставување театарски содржини, за што е потребен договор со албанските театри во РСМ. „Домашен серијал - Serial vendor“ се реализира според продукцискиот план и договор, како сопствена продукција на МРТ, копродукција или откупена програма, за домашна сериска продукција, при што моделот се утврдува според продукцискиот план и договор.

„Филмови и серии - Filma dhe seriale“ се емитуваат согласно програмската шема, откупена програма, за разновидна странска филмска и сериска понуда, титлувана на албански јазик. „Обработена програма - Program i përpunuar“ се емитува согласно програмската шема, странска продукција обработена на МРТ, со јазично и технички обработени содржини за албанската публика, титлувана на албански јазик. „Синхронизирани странски документарни серијали - Seriale dokumentare të huaja të dubluara“ се емитуваат согласно програмската шема, странска продукција обработена на МРТ, како странски документарни серијали со соодветна јазична обработка, со можни извори ВВС („Британска радиодифузна корпорација“) и друга странска продукција, зависно од достапност и права.

8. ЗАКЛУЧОК

Предлог-програмата на МТВ 2 за 2027 година го поврзува континуитетот на редовната понуда со унапредување на сопствената продукција, развој на нови формати и поголема достапност на содржините. Во средиштето остануваат граѓаните и нивните потреби, со програма на албански јазик што информира, образува, ја афирмира културата и создава простор за различни искуства и гледишта.

Реализацијата на планираните програмски активности ќе се темели на координирана работа на редакциите, дописничката мрежа и продукциските екипи, во рамките на договорите, одлуките и утврдените постапки на ниво на МРТ, согласно важечките прописи и интерни акти. Активностите ќе се спроведуваат во согласност со расположливите финансиски средства, техничките капацитети и човечките ресурси, како и со обезбедените програмски права. Годишниот продукциски план и сезонските шеми ќе ги разработат динамиката, обемот и ресурсите за одделните содржини, а кварталното следење ќе овозможи навремено приспособување според резултатите и условите за работа.

Со оваа определба, МТВ 2 ќе го зајакнува својот јавносервисен придонес преку веродостојно информирање, разновидна програмска понуда, поголема присутност на терен и содржини релевантни за различни генерации гледачи. Останатите програмски определби и приоритети се веќе опфатени во предложениот документ, па останатиот дел од доставениот предлог за МТВ 2 останува непроменет.

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ 2
ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Мерита Дулатаху

1. ВОВЕД

Сателитскиот сервис на МТВ 2 како програмски сервис на МРТ наменет за гледачите надвор од територијата на државата, во 2027 година ќе продолжи да емитува 24-часовна програма на албански јазик на онлајн-платформата MRT Play (http://al.play.mrt.com.mk/live/46) и да ја остварува својата основна функција, односно обезбедување квалитетни, релевантни и разновидни телевизиски содржини, со кои се овозможуваат навремено информирање и одржување на континуираната врска на иселениците со матичната земја, јазикот, културата, традицијата и општествениот живот.

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ

Програмата ќе се реализира во 24-часовен циклус согласно моделот 8+8+8, со соодветно распоредување на премиерните и репризните содржини во зависност од временските зони и потребите на целната публика. Пресметано временски Сателитскиот програмски сервис на МТВ 2 ќе презема и реемитува дневно 7 до 9 часа премиерна програма од Вториот програмски сервис. Сите програмски содржини што ќе се преземаат од МТВ 2, ќе се најавуваат преку форшпани и џинглови во кои стои и логото на САТ 2.

Програмата ќе се темели на содржини од Вториот програмски сервис, сопствено производство на САТ 2, архивски материјали, копродукциски и други програмски содржини за кои МРТ ги поседува соодветните права.

Посебно внимание ќе биде посветено на создавање и унапредување на содржини наменети за различни гледачи во дијаспората, со цел Сателитскиот програмски сервис на МТВ 2 да претставува современ медиумски мост меѓу татковината и нашите иселеници во странство.

3. ОСНОВНИ ПРОГРАМСКИ СТРАТЕГИИ НА САТЕЛИТСКИОТ СЕРВИС НА МТВ 2

Во текот на 2027 година Сателитскиот сервис на МТВ 2 ќе ги насочи своите активности кон следните цели:

- обезбедување континунирана и квалитетна 24-часовна програмска понуда;
- навремено информирање на гледачите во дијаспората за најзначајните настани и процеси во земјата и светот;
- афирмација и промоција на културата, јазикот, традицијата, историјата и културното наследство;
- воспоставување посилна врска со заедниците и иселениците во Европа, Северна Америка, Австралија и другите делови од светот;
- зголемување на уделот и препознатливоста на сопствените програмски содржини на Сателитскиот сервис на МТВ 2;
- поголемо користење и програмско оживување на вредните материјали од телевизискиот архив;
- создавање содржини кои ќе бидат интересни и достапни за различни возрасни групи, особено за младите генерации во дијаспората;
- афирмација на успешни и истакнати поединци од дијаспората;
- промоција на природните, туристичките, културните и економските потенцијали на татковината;
- модернизирање на програмскиот пристап и приспособување на содржините кон променетите навики и потреби на телевизиската публика.

4. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ НА САТЕЛИТСКИОТ СЕРВИС НА МТВ 2

Програмскиот концепт на МТВ САТ2 во 2027 година ќе се темели врз компилација на програмата на МТВ 2 и на сопствената продукција на Сателитскиот сервис на МТВ 2.

Во рамките на програмата ќе се обезбедува соодветен баланс помеѓу актуелните програмски содржини и репризното емитување, при што особено внимание ќе се посвети на рационално и функционално распоредување на програмските блокови во однос на различните временски зони во кои се наоѓаат гледачите на Сателитскиот сервис на МТВ 2.

Покрај преземањето содржини од МТВ 2, во 2027 година ќе се настојува да се зголеми присуството на сопствени содржини на САТ 2, особено преку емисии посветени на животот на иселениците, нивните организации, активности, успеси и поврзаноста со матичната земја.

Посебен програмски приоритет ќе претставува создавање содржини за младите генерации во дијаспората, со современ пристап и теми преку кои ќе се поттикнува интересот за јазикот, културата, традицијата и современото општество.

Сателитскиот сервис ќе продолжи да го користи и богатото архивско наследство на МРТ како значаен програмски ресурс, преку избор, дигитализација и повторно емитување на вредни телевизиски материјали од различни периоди.

Програмата на САТ 2 во 2027 година ќе се реализира како 24-часовен програмски сервис на албански јазик, со примена на постојниот концепт на програмско ротирање и прераспределување на содржините во текот на денот. Програмската структура ќе овозможи гледачите во различни временски зони да имаат пристап до актуелни и репризирани програмски содржини во соодветни временски периоди.

Основата на програмата ќе ја сочинуваат:

- преземени програмски содржини од МТВ 2;
- сопствени програмски содржини на Сателитскиот сервис на МТВ 2;
- архивски програмски содржини;
- копродуциски содржини со право на емитување;
- тематски програмски блокови и специјални програмски содржини.

При планирањето на програмската шема ќе се води сметка за соодветен однос помеѓу премиерните и репризните содржини, нивната разновидност, актуелност и присособеност кон потребите на публиката во дијаспората.

4.1 ПРЕЗЕМЕНИ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ ОД ВТОРИОТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС

Од информативната програма на МТВ 2 ќе се преземаат дневно информативните содржини, актуелностите, дебати, значајни културни, верски и спортски настани (со право на емитување), фестивали и други настани. Документарните содржини, драмите и серијалите на МТВ 2 ќе имаат посебно значење во остварувањето на мисијата на Сателитскиот сервис на МТВ 2. Преку овие содржини ќе се афирмираат албанскиот јазик, културата, традицијата, историјата, уметноста, фолклорот и културното наследство.

Исто така, ќе се преземаат содржини наменети за децата и младите. Особено внимание ќе се посвети на содржини кои на современ и интересен начин ја претставуваат културата, јазикот, традицијата и современиот живот. Програмите наменети за младите генерации во дијаспората треба да придонесат кон одржување на нивниот интерес и поврзаност со матичната земја.

Музичките содржини ќе бидат застапени како составен дел од програмската понуда, со избор на емисии, музички програми, концерти и други соодветни содржини од продукцијата на МТВ 2 и копродукцискиот дел со право на емитување. Посебно внимание ќе се посвети на албанското музичко творештво и на содржините кои придонесуваат кон афирмација на домашната музичка и сценска продукција.

Спортските содржини би се емитувале во зависност од програмските права со кои располага МРТ и од можностите за нивно емитување преку Сателитскиот сервис на МТВ 2. При изборот на содржините ќе се земат предвид значајните спортски настани кои се од посебен интерес за публиката во дијаспората.

4.2 АРХИВСКА ПРОГРАМА

Архивските материјали на МТВ 2, како и на САТ 2 претставуваат значаен програмски ресурс и ќе продолжат да се користат во програмската шема. Од неодамна почна реализацијата на заедничкиот проект со МТВ 2, каде САТ 2 учествува со над 100 дигитализирани емисии. Преку тематски избор на архивски емисии, документарни записи, репортажи, интервјуа, музички и други материјали ќе се овозможи повторно презентирање на значајни делови од телевизиското наследство.

Архивската програма ќе има и дополнителна вредност за гледачите во дијаспората, бидејќи преку неа ќе се овозможи потсетување на значајни личности, настани, места и периоди од современата историја и културниот живот во земјата.

4.3 СПЕЦИЈАЛНИ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ

Во текот на 2027 година во соработка со МТВ 2 ќе се подготвуваат и специјални програмски блокови и содржини по повод: државни празници, значајни датуми и јубилеи, верски и традиционални празници, значајни културни настани поврзани со нашата дијаспора како и други настани од особено значење за публиката на Сателитскиот сервис на МТВ 2.

Во 2027 година посебен приоритет ќе биде даден на развојот на сопствени програмски содржини на Сателитскиот сервис, со кои ќе се надгради постојната програмска понуда и ќе се зајакне неговиот препознатлив идентитет.

САТ 2 ќе настојува преку програмата да ја оствари својата двојна улога: да ја информира дијаспората за случувањата во татковината, но истовремено и да ја приближи дијаспората до домашната публика, претставувајќи го нејзиниот живот, придонес и поврзаност со земјата.

4.4 ПРОГРАМА ПОСВЕТЕНА НА ДИЈАСПОРАТА

Посебен сегмент во програмската структура ќе претставуваат содржините посветени на нашите иселеници и заедници во странство. Целта е дијаспората да биде претставена не само како публика, туку како активен дел од програмската содржина.

Во оваа насока ќе се реализираат репортажи посветени на:

- животот на нашите иселеници во странство;
- успешни и истакнати наши сограѓани во различни области;
- пресликување на огништето и родниот крај;
- програми наменети за младите генерации во дијаспората;
- соработката помеѓу иселениците и матичната земја;
- лични приказни и сведоштва на иселеници од различни генерации.

На овој начин ќе се создава двонасочна комуникација, при што програмата не само да информира за случувањата во земјата, туку и да го претставува животот на нашите иселеници и заедници надвор од државата.

5. НАЦРТ-ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ ОД СОПСТВЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА САТ 2 ВО 2027

Во рамките на програмските приоритети за 2027 година Сателитскиот сервис на МТВ 2 ќе настојува постепено да го зголемува уделот на сопствени програмски содржини, со посебен акцент на теми поврзани со нашата дијаспора, културата, традицијата, современото живеење и поврзаноста на иселениците со матичната земја.

Планираните програмски содржини од сопствено производство, со нивните термини, содржинско образложение и вид на продукција, се следните:

„МЁ AFËR“ (Поблиску) е серијал од репортажи, реализирани во дијаспората, во кои се пресликува животот на нашите сограѓани кои живеат и работат надвор од татковината, со цел афирмирање на нивните завидни успеси во различни области. Форматот е репортажа и се емитува во однапред утврдени термини според програмската шема на САТ 2, во траење од 45 минути. Содржински, репортажите се снимаат преку посета на однапред одредени локации во дијаспората и имаат вовед, заплет, кулминација, расплет и порака. Преку изјави и интервјуа со успешни личности кои живеат и

делуваат во странство се афирмираат нивните значајни успеси во одредени области. Станува збор за сопствена продукција, зависно од кадровската екипираност и финансиските можности.

„VATRA IME“ (Моето огниште) е серијал на репортажи реализирани низ земјата со цел да се биде мост на зближување на нашите иселеници и сонародници со родниот крај. Форматот е репортажа и се емитува два пати месечно, во термини усогласени со програмската шема на САТ 2, во траење од 30 минути. Репортажите се снимаат на терен низ земјата, посебно во летниот период кога нашите сограѓани престојуваат во РСМ, и имаат вовед, заплет, кулминација, расплет и порака. Станува збор за сопствена продукција, зависно од кадровската екипираност и финансиските можности.

„VENDLINDJA IME“ (Мојот роден крај) е серијал во кој се презентираат видео-материјали и информации за природни реткости, културно-историски споменици и атрактивни локации на РСМ. Се емитуваат по два видео-записи неделно, во времетраење од 5 до 10 минути, во форма на видео-записи. Содржински, во серијалот се презентираат видео-материјали и информации за природни реткости, културно-историски споменици и атрактивни локации. Станува збор за сопствена продукција, која се реализира со помош на научно-образовната програма на МТВ 2.

„TV ARHIVI“ (ТВ архива) е серијал во кој се презентираат репортажи и документарни емисии кои се дел од ризницата на МТВ 2 и кои оставија белег и претставуваат еден вид времеплов низ годините. Се емитува по една емисија неделно, во времетраење до 60 минути, во форма на репортажи и документарни емисии кои се дел од ризницата на МТВ и кои оставија белег и претставуваат еден вид времеплов низ годините. Станува збор за заеднички проект на МТВ САТ 2 и МТВ 2, во кој МТВ САТ 2 учествува со над 100 дигитализирани емисии од архивата на МТВ САТ 2.

„GjEN Z“ (Ген З) е емисија наменета за младите на возраст од 14 до 29 години, чија цел е САТ 2 да создаде содржина која ќе биде блиска до младата публика и да придонесе кон нејзино поголемо интересирање за јазикот, културата и современото општество. Форматот е младинска емисија и се емитува во последниот четврток од месецот, со репризно издание, во траење од 30 минути. Во емисијата ќе се обработуваат теми од интерес за младите, нивното образование, професионалните интереси, културните навики, современата музика, технологијата, спортот и нивната поврзаност со Македонија. Станува збор за сопствена продукција, зависно од кадровската екипираност и финансиските можности.

Покрај наведените серијали, предвидени се и специјални програмски содржини - директни преноси и одложени снимки, кои се реализираат според динамиката на настаните, во форма на директен пренос и одложена снимка. Тие опфаќаат директни преноси на важни настани во Македонија од интерес за иселениците, како и директни преноси од верските настани, фестивали и повремено од спортски настани (со право на емитување). Станува збор за сопствена продукција.

6. ПРИСТАП ВО РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА СОДРЖИНИ

ПРИНЦИП НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Предложените програмски содржини ќе се реализираат фазно, согласно ресурсите на Сателитскиот сервис на МТВ 2.

При реализацијата би се користеле можности за:

- студиска реализација;
- теренско снимање во земјата и надвор од неа;
- користење архивски материјали;
- видео-материјали од заедниците на нашите сограѓани кои живеат и делуваат во странство;
- дигитални платформи и современи начини на комуникација со публиката.

На овој начин ќе се создаде одржлив програмски модел кој постепено ќе овозможи Сателитскиот сервис на МТВ 2 да развива сопствен препознатлив програмски идентитет.

7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Пристапот кон животот и успесите на поединците во дијаспората, поврзувањето на дијаспората со матичната земја, промовирањето на татковината и нејзините обележја, културното и историското

наследство, активното користење на архивските материјали, отворањето простор за теми од интерес за дијаспората, како и нивното поврзување со актуелностите во земјата, се вградени во концептот на наведените нацрт-програмски содржини кои се планираат како сопствена продукција на МТВ САТ 2 за 2027 година.

Со примената на позитивните искуства од други јавни сервиси, но и со развивање на сопствени програмски решенија, Предлог-програмата за 2027 година има за цел МТВ САТ 2 да ја зајакне својата улога како мост помеѓу татковината и дијаспората.

8. ЗАКЛУЧОК

Предложената нацрт-програмска определба за Сателитскиот сервис на МТВ 2 за 2027 година е конципирана со цел унапредување на квалитетот, разновидноста и препознатливоста на програмата, со посебен акцент на сопственото производство и содржините наменети за дијаспората. Сепак, реализацијата на предложената програмска концепција во значителен дел зависи од обезбедувањето на соодветни кадровски, технички и финансиски услови. Особено треба да се има предвид дека со заминувањето на одговорниот уредник во пензија, САТ 2 во наредниот период ќе остане со еден вработен. Со постојниот кадровски капацитет, реализацијата на целокупниот предвиден обем на сопствена продукција и континуираното следење и уредување на 24- часовната програма ќе бидат значително отежнати.

Оттука, за целосна и квалитетна реализација на предложената определба за 2027 година, потребно е навремено да се обезбедат соодветни кадровски ресурси, односно дополнително ангажирање на потребниот број извршители во САТ 2, согласно обемот и спецификите на работните задачи. Во спротивно, предложените програмски содржини и обемот на сопствената продукција ќе можат да се реализираат само постепено и во зависност од расположливите кадровски и технички капацитети. Имајќи го предвид значењето на МТВ САТ 2 за информирањето и поврзувањето на гледачите во дијаспората со матичната земја, обезбедувањето соодветни услови за негово функционирање треба да претставува еден од приоритетите во 2027 година.

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ

В.Д. ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Зоран Мирчевски

1. ВОВЕД

Во согласност со законските обврски на ЈП Македонска радио-телевизија како јавен радиодифузен сервис и стратешките насоки, Програмата на МТВ 3 за 2027 година е конципирана како специјализиран музичко-забавен канал со силен фокус на урбаната култура, младинскиот животен стил и едукативните содржини за млади.

Додека Првиот програмски сервис (МТВ 1) го задржува својот информативен карактер, МТВ 3 во 2027 година се позиционира како водечка национална медиумска платформа за помладата генерација (целна група 18–35 години, со секундарна публика до 50 години).

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ

Главната мисија е промоција и заштита на современиот македонски идентитет преку исклучива поддршка на домашната забавна музика, визуелизација на културниот живот, афирмација на младите таленти и едукација за квалитетен и здрав животен стил.

3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРТ

Програмската филозофија и целокупната шема на МТВ 3 за 2027 година се градат директно околу потребите, дневниот ритам и медиумските навики на својата примарна целна група: младата и урбана публика на возраст од 18 до 35 години (студенти, млади професионалци, креативци и млади семејства).

Прилагодување на дневниот ритам: програмските содржини се распоредени според животните навики на категоријата 18 до 35 години – енергични утрински музички блокови, содржини за релаксација и инспирација во попладневните часови, како и премиерни забавни, урбани и топ-листа формати во ударните вечерни термини.

Јазикот и естетиката на новата генерација: презентацијата, графичкиот изглед и начинот на комуникација се модерни, директни и ослободени од патетика и застарени клишеа. МТВ 3 зборува на автентичен, урбан јазик што природно резонира со младите луѓе.

Интерактивност наместо еднонасочност: публиката од 18 до 35 години не е само набљудувач, туку активен креатор на програмата. Преку дигитално гласање за домашните топ-листи, вклучување преку социјалните мрежи и предлози за млади бендови и артисти, публиката директно влијае врз содржината што ја гледа.

Креирање навика за домашна музика: главната цел е преку препознавање на нивниот музички вкус (од модерен поп, трап и урбан звук, до инди, рок и електроника) да се изгради трајна поврзаност и гордост кај младите за вредностите на современата македонска музичка и културна сцена.

Зголемување на присуството на младата публика: привлекувањето и задржувањето на младата публика пред малите екрани е еден од најголемите предизвици за секој јавен сервис. Во 2027 година МТВ 3 на овој предизвик одговара со суштинска промена: младите луѓе нема да бидат само пасивни гледачи, туку главни протагонисти, глас и лице на програмата.

4. МТВ 3 ВОВЕДУВА НЕКОЛКУ КОНКРЕТНИ СТРАТЕШКИ СТОЛБОВИ

4.1 ОТВОРЕН МЕДИУМСКИ ПРОСТОР ЗА МЛАДИ БЕНДОВИ И ИЗВЕДУВАЧИ

Најголемиот проблем на младите музички таленти е недостатокот на професионална промоција. МТВ 3 станува нивниот прв сериозен медиумски дом – простор каде што средношколските, студентските, гаражните и андерграунд бендови (од поп, рок и инди, до трап, хип-хоп и електроника) добиваат квалитетна видеопрезентација, студиско снимање во живо и интервјуа, без комерцијални условувања.

4.2 АФИРМАЦИЈА НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ И КРЕАТИВЦИ

Каналот гради директни партнерства со уметничките факултети и независни школи: Факултетот за музичка уметност (ФМУ), Факултетот за ликовни уметности (ФЛУ), Факултетот за драмски уметности (ФДУ), академии за моден дизајн и визуелни уметности. Младите режисери, актери, сликари, графички дизајнери, костимографи и фотографи редовно добиваат медиумска платформа за своите премиери, дипломски проекти, кратки филмови и изложби.

4.3 ИНСПИРАЦИЈА ПРЕКУ МЛАДИТЕ СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ

Наместо фокус на мега-комерцијалниот сениорски спорт, каналот дава простор за тинејџери и млади спортисти од сите дисциплини (пливање, атлетика, боречки спортови, гимнастика, кајак, велосипедизам, екипни младински лиги). Приказните за нивната дисциплина, патувања, натпревари и успеси се прикажуваат на модерен, филмски начин што ги мотивира нивните врсници кон спорт и активен живот.

4.4 ВРСНИЧКА КОМУНИКАЦИЈА – МЛАДИ ЗБОРУВААТ ЗА МЛАДИ

Уредничката политика ќе инсистира водителите, новинарите и презентерите на терен да бидат од истата генерација со целната публика. Ослободени од крут, бирократски или пренагласен телевизиски говор, тие комуницираат природно, динамично и непосредно, користејќи автентичен урбан израз.

4.5 ИНТЕРАКТИВНОСТ И ГРАДЕЊЕ ЗАЕДНИЦА

Младите сакаат нивното мислење да се вреднува. Преку онлајн гласање за домашните топ-листи, видеопрашања испратени директно преку социјалните мрежи, предлози за рубриките за миленици и мода, како и соработка со студентски и младински организации, публиката има реално чувство на ко-креатор на програмата на МТВ 3.

5. ПУБЛИКАТА ВО ЦЕНТАРОТ НА ПРОГРАМСКОТО ПЛАНИРАЊЕ

Програмската шема и динамиката на емитување на МТВ 3 ќе бидат целосно прилагодени на навиките, ритамот и интересите на младата и урбаната публика. Содржините се конципираат брзо, визуелно привлечно и флексибилно, следејќи ги актуелните трендови на консумација на видео и аудиосодржини, со цел каналот да биде секојдневен избор на новите генерации за музика, релаксација и инспирација. МТВ 3 ќе биде секојдневна платформа каде младата генерација лесно и органски ќе се поврзе со македонската музика – од најновите трендови и премиери на спотови, до интерактивно учество во креирањето на неделните топ-листи.

6. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ НА МТВ 3 ВО 2027 ГОДИНА

Поголемо сопствено производство. Во 2027 година, сопственото производство претставува темел и 'рбет на програмската шема на МТВ 3. Наместо пасивно реемитување на веќе видени содржини, каналот прави суштински исчекор преку динамично, теренско и студиско производство реализирано од сопствените креативни и технички екипи. Продукцискиот фокус е јасно хиерархиски поставен: најголемиот и доминантен дел од ресурсите е насочен кон македонското забавно творештво, додека останатите сегменти претставуваат модерни, атрактивни и концизни рубрики.

7. ПРИМАРЕН ФОКУС: МАКЕДОНСКАТА ЗАБАВНА МУЗИКА И ПРОЦЕСОТ НА СОЗДАВАЊЕ

КАМЕРИТЕ ВО МУЗИЧКИТЕ СТУДИЈА (КАКО НАСТАНУВА ПЕСНАТА):

Сопствените екипи на МТВ 3 влегуваат директно на местата каде се раѓа музиката — во тонските и продукциските студија низ Македонија. Преку динамични репортажи се демистифицира целиот творечки пат: од првичната демо-идеја и акустична скица на пијано или гитара, преку креирањето на аранжманот, снимањето на живите инструменти и вокалните делници, сè до финалниот микс и мастеринг.

АФИРМАЦИЈА НА „НЕВИДЛИВИТЕ“ АВТОРИ – КОМПОЗИТОРИ И ТЕКСТОПИСЦИ

Каналот создава сопствени тематски разговори и авторски мини-портрети посветени на луѓето кои го градат македонскиот музички идентитет, а ретко добиваат екрански простор. Композиторите, текстописците, аранжерите и музичките продуценти детално ќе зборуваат за инспирацијата, пораките во текстовите, хармониските решенија и историјата на создавањето на незаборавните хитови.

МЛАДИ БЕНДОВИ, ПРОБИ И ГАРАЖНИ СЦЕНИ

Сопствена продукциска иницијатива за откривање и снимање на младите таленти директно во нивните простории за проби, гаражи и младински центри. МТВ 3 продуцира автентични кратки репортажи и студиски претставувања на бендови од средните училишта, факултетите и алтернативната клупска сцена (рок, инди, поп, хип-хоп, електроника), обезбедувајќи им професионална аудиовизуелна легитимација.

СНИМАЊЕ ПРОМОЦИИ, ФЕСТИВАЛИ И НАСТАПИ ВО ЖИВО

Екипите на МТВ 3 се секогаш на терен за да ги забележат сите значајни промоции на нови синглови, видеоспотови и албумски изданија, како и клупските настапи и фестивалските бекстејџ атмосфери низ градовите во Македонија.

РЕФЕРЕНТНА НЕДЕЛНА „ТОП 10 ЛИСТА НА НАЈГЛЕДАНИ МАКЕДОНСКИ СПОТОВИ“

Сопствен редовен неделен формат кој преку прецизни податоци од дигиталните платформи, барања на гледачите и уреднички филтер нуди релевантен преглед на десетте најпопуларни домашни спотови, збогатен со студиски интервјуа со артистите и најави за дебитанти.

8. СЛЕДЕЊЕ НА УРБАНАТА КУЛТУРА: ТЕАТАР, БАЛЕТ, ФИЛМ И МЛАДИ КРЕАТИВЦИ

Театарски и танцови процеси: репортажи од пробите зад сцената, подготовката на костимите и сценографиите, разговори со млади режисери, актери и кореографи од класичниот и модерниот балет.

Филмски новитети: сопствено следење на снимањата на македонски играни филмови, промоција на кратки студентски остварувања од ФДУ и фестивалски хроники.

Профили на млади урбани уметници: кратки прилози од ателјеата на млади сликари, дигитални илустратори, стрит-арт уметници и графички дизајнери.

9. КОМПЛЕМЕНТАРНИ КРАТКИ ЛАЈФСТАЈЛ РУБРИКИ

Мода и креација: сопствени разговори со домашни модни дизајнери, костимографи и студенти по моден дизајн, со фокус на современиот урбан стил и текстилното творештво.

Занимливости од Македонија: брзи, визуелно атрактивни теренски репортажи кои истражуваат интересни куриозитети, малку познати локации, природни убавини и позитивни локални иницијативи низ целата земја.

Минути за домашни миленици: едукативно-забавни прилози со практични совети од ветеринари за правилна грижа, исхрана, нега и соживот со животните, со постојана промоција на уличната емпатија и посвојувањето.

Здрав живот: кратки препораки од експерти (нутриционисти, лекари, фитнес инструктори) за урамнотежена исхрана, рекреација и ментален баланс кај младите.

Спортски минути за идните шампиони: концизни, инспиративни видео-приказни посветени на по еден млад и надежен спортист (во боречки спортови, пливање, атлетика, гимнастика и други спортски дисциплини)., прикажувајќи ги нивниот труд, тренинзи и дисциплина.

10. КЛУЧНИ ПРОГРАМСКИ НАСОКИ ЗА 2027 ГОДИНА

10.1 ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА

Во 2027 година, МТВ 3 ќе дејствува како отворен медиумски партнер и интегративен мост помеѓу институционалната култура, приватната продукција и независната сцена. Продлабочувањето на соработката претставува стратешки интерес и ќе се реализира на неколку клучни нивоа:

10.2 СТРАТЕШКО ПАРТНЕРСТВО СО ДОМАШНАТА МУЗИЧКА ИНДУСТРИЈА

Музички студија и продуценти: воспоставување редовна комуникација со приватните тонски студија, аранжери и продуценти низ државата, за навремено следење на новите проекти уште во фаза на нивно снимање.

Издавачки куќи и видеопродукции: директна координација со независните издавачи и продукциски куќи кои снимаат видеоспотови во Македонија, со цел МТВ 3 да биде природно место за ексклузивни премиери, споделување на бекстејџ материјали и заедничко креирање на релевантната неделна Топ 10-листа.

Авторско-правни здруженија (Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП и Македонска музичка продуцентска асоцијација МПМА): соработка во насока на промоција на авторите, композиторите и текстописците, како и заштита и афирмација на правата на домашните автори.

10.3 МЕДИУМСКО ПОКРИВАЊЕ И СИНЕРГИЈА СО ФЕСТИВАЛИТЕ

МТВ 3 станува главен медиумски покровител и партнер на фестивалите за забавна музика во земјата (традиционалниот „Макфест“, фестивалите на нови забавни мелодии, урбаните и студентските рок и инди-фестивали, џез-фестивалите).

Соработката нема да се сведе само на пренос, туку на сеопфатни специјални содржини: хроники пред фестивалот, снимање на пробите, бекстејџ интервјуа со композиторите и текстописците, како и презентација на дебитантите.

10.4 ПОВРЗУВАЊЕ СО ОБРАЗОВНИТЕ И УМЕТНИЧКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Уметнички факултети: Продлабочување на соработката со ФМУ, ФЛУ, ФДУ и приватните дизајнерски академии. Обезбедување медиумски простор за студентски претстави, дипломски филмови, концерти на класични и современи состави и изложби на млади автори.

Културни центри и театри: Тесна соработка со Македонскиот народен театар, Драмски театар, Театар Комедија, Младинскиот културен центар (МКЦ), Националната опера и балет и регионалните домови на култура низ Македонија за следење на театарските премиери, современиот балет и танцовите претстави.

10.5 ПОДДРШКА ЗА УРБАНАТА НЕЗАВИСНА СЦЕНА И КРЕАТИВЦИТЕ

Отворање на каналот за независните уметнички платформи, алтернативните арт-центри, фотографски колективи, графички дизајнери и стрит-арт сцената.

Промоција на домашните модни студија, дизајнери и костимографи преку специјализирани рубрики кои го приближуваат процесот на кроење и создавање на современиот моден идентитет.

10.6 СОРАБОТКА СО СПОРТСКИТЕ ФЕДЕРАЦИИ И МЛАДИНСКИТЕ КЛУБОВИ

Директен контакт со спортските клубови и националните спортски федерации (боречки спортови, атлетика, пливање, гимнастика, кајак, велосипедизам и младински лиги во екипните спортови) со цел да се селектираат и претстават најуспешните млади таленти кои ретко добиваат простор во класичните информативни медиуми.

10.7 ПАРТНЕРСТВО СО ВЕТЕРИНАРНИОТ СЕКТОР И ЗДРУЖЕНИЈАТА ЗА ЖИВОТНИ

Соработка со Ветеринарната комора, ветеринарни клиники и здруженијата за заштита на животните за креирање стручни, проверени содржини за правилна нега, исхрана и здравје на миленициите, како и заедничка промоција на кампањи за посвојување и одговорно сопственишство.

10.8 ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ СО ТРАЈНА ЈАВНА И КУЛТУРНА ВРЕДНОСТ

Македонското забавно творештво и урбаната уметност се суштински дел од националното културно наследство. МТВ 3 во 2027 година континуирано ќе снима ексклузивни акустични студиски сесии, свирки во живо и тематски портрети на етаблирани и легендарни македонски музичари и автори. Истовремено, преку следење на сите сегменти од културното живеење – театарски претстави, класичен и современ балет/танц, студентски и независни филмски проекти се создава современа видеотека од трајна вредност, која претставува веродостојна хроника на актуелното македонско творештво.

10.9 РАЗВОЈ НА СОВРЕМЕНИ ДОКУМЕНТАРНИ, КУЛТУРНИ И ОБРАЗОВНИ ФОРМАТИ

Напуштање на стереотипните форми преку динамичен документарен сторителинг прилагоден за помладата публика:

Образовни содржини за музичка писменост (креативно пишување текст, музичка продукција, композиција, разлика меѓу аналоген и дигитален звук).

Краткометражни документарни форми за историјатот и значењето на македонските фестивали за забавна музика („Макфест“, „Скопски фестивал“ и др.).

Документирање на процесите во уметноста (компонирање на наменска театарска и филмска музика, функционирање на современите танцови трупи и реализирање на уметнички изложби и инсталации од страна на младите креативци).

10.11 РАЗВОЈ НА ПОДКАСТИ И ДИГИТАЛНИ ФОРМАТИ

Воведување мултимедијален студиски концепт (хибрид меѓу видео-подкаст и радио-ТВ емитување). Овој простор е наменет за директни, опуштени и суштински разговори со композитори, текстописци, изведувачи, продуценти, но и со млади урбани креативци, сликари, дизајнери и артисти. Форматот обработува теми за автономијата во творештвото, авторските права, независното издаваштво и новите уметнички бранови, со целосна прилагодливост за платформите за видео и аудио на барање (VOD/AOD). Сите најави за нови спотови, моменти од снимањата во студијата, изјави од млади уметници, совети за здравје или миленици паралелно се обликуваат како кратки видеоформи (Reels, TikTok, Shorts).

11. ЗАКЛУЧОК

Во 2027 година, МТВ 3 ќе продолжи да се развива како препознатлив јавен телевизиски сервис посветен на македонската музика, културата, уметноста и современото творештво, со цел зачувување, афирмација и промоција на националното културно наследство и создавање трајна јавна и културна вредност.

Посебен акцент ќе биде ставен на збогатување на програмската понуда со квалитетни содржини од сопствената продукција на МРТ, музички и културни емисии, концерти, документарни приказни и нови формати што ќе ги претставуваат домашните автори, уметници и културни достигнувања.

Важен дел од програмскиот развој ќе биде и продлабочувањето на соработката со културните институции, музичките и уметничките организации, независните автори и младите креативци, со цел поддршка и афирмација на домашното творештво и негово приближување до поширокатa публика.

Истовремено, МТВ 3 ќе го користи богатото архивско наследство на МРТ, преку внимателен избор и повторно претставување на значајни музички, културни и уметнички остварувања, придонесувајќи за зачувување на колективната меморија и пренесување на културните вредности на новите генерации.

Со ваквата програмска определба, МТВ 3 ќе ја зајакнува својата улога како јавен сервис што ја негува македонската култура, го поддржува современото творештво и создава простор за поврзување на културното наследство со новите уметнички изрази и генерации.

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
ЧЕТВРТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ

ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Еран Хасипи

1. ВОВЕД

Четвртиот програмски сервис на Македонската телевизија (МТВ 4) обезбедува програма наменета за припадниците на немнозинските заедници во Македонија – турската, ромската, српската, босанската и влашката. Оваа програма за работа е изготвена во согласност со мандатот на Јавниот радиодифузен сервис и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ

Македонија е мултиетничка, мултиконфесионална и повеќекултурна држава, во која живеат Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци и припадници на други заедници. Слободното изразување на националната припадност и негувањето и унапредувањето на јазичните и културните вредности и традиции се утврдени утврдено како една од темелните вредности на уставниот поредок.

Во таа уставна рамка, МТВ 4, како програмски сервис на јавниот радиодифузен сервис наменет за турската, ромската, српската, босанската и влашката заедница, претставува еден од клучните институционални механизми преку кои уставните гаранции се остваруваат во практика. Програмата на мајчин јазик за секоја од овие заедници не е дополнителна услуга, туку начин на кој јавниот сервис ја исполнува својата обврска кон целото население и придонесува за меѓусебното запознавање, соживотот и општествената кохезија.

Наспроти досегашната пракса на исцрпен, минута-по-минута преглед на секоја емисија, оваа програма е подготвена согласно со нов, поконцизен и посистематизиран концепт, во согласност со насоките за изработка на Годишната програма на МРТ за 2027 година: содржините се групирани по програмски области, со јасно определени цели, приоритети и очекувани резултати за секоја редакција.

Во 2027 година МТВ 4 продолжува да обезбедува секојдневна и неделна програма за петте јазични заедници, со претежно сопствено производство, со континуиран акцент на теренско известување, зачувување на културниот идентитет и зголемено дигитално присуство.

3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МТВ 4

- Квалитетно, навремено и професионално информирање на секоја заедница на нејзиниот мајчин јазик.
- Зачувување и афирмација на јазикот, културата, историјата и традицијата на секоја заедница на која ѝ служи МТВ 4.
- Зголемување на теренското известување и на сопственото производство во сите редакции.
- Зголемување на кадровските и продукциските капацитети во сите пет редакции, неопходно за целосна реализација на планираната програма.
- Развој на дигитални формати и содржини за социјалните мрежи, со цел поголем досег кај младата публика во сите заедници.
- Зајакнување на меѓуредакциската соработка и заедничкото користење продукциски ресурси меѓу петте јазични редакции.
- Разгледување на можноста за развој на заедничка мултикултурна емисија, со учество на сите пет јазични редакции, која ќе промовира меѓусебно запознавање, културна разновидност и дијалог меѓу заедниците. Во таа насока, ќе се разгледаат и можностите за воведување систем на титлување на различни јазици, со цел програмските содржини да бидат достапни и разбирливи за поширокатa публика, надвор од поединечните јазични заедници.
- Продолжување на промоцијата на меѓусебното запознавање, толеранцијата и општествената кохезија меѓу заедниците во Македонија.

3.1 ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ ПО РЕДАКЦИИ

Содржините на секоја редакција се групирани по програмски области, наместо по поединечни емисии, со цел појасен преглед на приоритетите за 2027 година. Каде што распоредот е веќе утврден, терминте на емитување и годишниот обем се наведени; целосниот распоред по наслов, како и евентуалните промени во текот на годината, се утврдуваат во оперативните планови на секоја редакција.

ПРОГРАМА НА ТУРСКИ ЈАЗИК

Програмата на турски јазик е организирана во три редакциски единици: Информативно-документарна, Културно-образовна и Забавно-музичка редакција.

ИНФОРМАТИВНО-ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА

Информативно-документарната редакција е носител на секојдневното информирање на турската заедница и претставува нејзина најзначајна алка со тековните општествени, политички и економски случувања во земјата и во регионот. Редакцијата ја гради довербата на публиката преку навременост, точност и балансирано известување, а посебно внимание посветува на теми кои директно ги засегаат граѓаните од турската заедница.

Зачувување на водечката информативна позиција кај турската публика – **„Дневник“** и **„Флеш вести“** остануваат централни извори на дневни вести, со акцент на брзина, точност и релевантност.

Поттикнување плурализам на мислења – **„Актуел“ и „Муабети во сабота“** обезбедуваат простор за дебата меѓу различни општествени и политички чинители.

Приближување на меѓународните случувања – **„Свет денес“** ја поврзува публиката со актуелните настани во Турција и во регионот.

Поддршка на граѓанскиот и стопанскиот живот на заедницата – преку **„Невладин сектор“** и **„Амбар“** се следат активностите на граѓанскиот сектор и можностите за стопански развој.

Во делот на дневните вести**, „Дневник“** – секој ден, 19:30 часот, 25 минути, ги носи дневните настани од интерес за турската заедница, а **„Флеш вести“** се емитуваат секој ден, 15 минути, преглед на вестите. Дебатната и меѓународната програма ги опфаќа **„Актуел“** – понеделник, среда и петок, 20:00 часот, 45 минути, дебата за општествени, политички и културни теми; **„Свет денес“** – работни денови, 11:00 часот, со реприза во 15:00 часот, 30 минути, меѓународни настани, со акцент на Турција и регионот; и **„Муабети во сабота“** – сабота, 20:00 часот, 60 минути, неделна дебатна емисија.

Општеството и економијата ги опфаќаат **„Невладин сектор“** – понеделник, 12:00 часот, 45 минути, активности на невладини организации во заедницата, и **„Амбар“** – вторник, 14:00 часот, 45 минути, земјоделство, бизнис и претприемништво.

КУЛТУРНО-ОБРАЗОВНА РЕДАКЦИЈА

Културно-образовната редакција работи на зачувување на јазикот, историјата и идентитетот на турската заедница, со посебен фокус на пренесување на знаењето и вредностите кон најмладите генерации. Програмата ја поврзува едукативната содржина со промоција на заедничкиот културен простор во Македонија.

Зачувување на историското и културното наследство – **„Наш Век“** ги пренесува историјата и традициите на заедницата на новите генерации.

Поттикнување меѓусебно запознавање и толеранција – **„Културен Мозаик“** ја промовира заедничката култура на турската и другите заедници во земјата.

Афирмација на значајни личности од заедницата – **„Наши Луѓе“** ги претставува придонесите на истакнати претставници на турската заедница.

Едукација и грижа за најмладите – **„МТВ Дете“** и **„Нашата Бајка“** развиваат образовни и културни навики кај децата, а **„Прво Здравје“** ја поддржува здравствената писменост на публиката.

ДИЈАЛОГ ЗА ДУХОВНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ЗАЕДНИЦАТА – **„Етика и Морал“** отвора простор за дискусија за моралните и духовните прашања релевантни за заедницата.

Во делот на историјата, културата и идентитетот, **„Наш Век“** – работни денови, 13:00 часот, 15 минути, ги пренесува историјата, културата и традициите на заедницата; **„Културен Мозаик“** – сабота и недела, 12:00 часот, 30 минути, ја негува заедничката култура на турската и другите заедници; и **„Наши Луѓе“** – вторник и среда, 23:00 часот, 30 минути, ги претставува значајните личности од турската заедница. Детската програма ги опфаќа **„МТВ Дете“** – четврток, 10:30 часот, 45 минути, едукативна и забавна содржина, и **„Нашата Бајка“** – работни денови, 10:30 часот, 15 минути, традиционални турски приказни и обичаи. Здравјето и верската програма ги опфаќаат **„Прво Здравје“** – недела, 10:30 часот, 45 минути, превенција, здрави навики и совети од здравствени експерти, и **„Етика и Морал“** – петок, 14:00 часот, 45 минути, верска дебатна емисија со фокус на духовни вредности и дијалог.

ЗАБАВНО-МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА

Забавно-музичката редакција ги негува музичкото и театарското творештво на турската заедница и обезбедува пригодна програма по повод значајни празници и настани. Целта е публиката да се поврзе со сопствената традиција преку квалитетна забавна содржина, а истовремено да се доближи до поширокатa театарска и музичка сцена.

Промоција на турската музичка традиција – **„Музика за сите“** и **„Класична музика“** го негуваат музичкото наследство и афирмираат локални изведувачи.

Поддршка на драмската уметност – „ТВ Театар", во соработка со Националната установа **„Турски театар“**, ја доближува театарската продукција до домашната публика.

Следење на спортските достигнувања на заедницата – **„Шампион“** ги промовира спортистите и спортските активности релевантни за турската заедница.

Одбележување значајни датуми и празници – пригодни изданија по повод Бајрам, Хидрелез и другите национални и верски празници ја зајакнуваат поврзаноста со традицијата.

Спортот е застапен преку **„Шампион“** – среда, 14:30 часот, 45 минути, репортажи, интервјуа и анализи на спортски настани и личности. Театарот и музиката ги опфаќаат **„ТВ Театар“** – еднаш месечно, во соработка со Националната установа „Турски театар“; **„Музика за сите“** – сабота, 14:00 часот, 45 минути, турска народна и забавна музика; и **„Класична музика“** – недела, 14:00 часот, 45 минути. Празниците ги опфаќаат **„Нова година“** – еднаш годишно, 90 минути: музичка забавна емисија, и **„Фестивали и празници“** – 30 до 60 минути: преноси по повод Бајрам, Хидрелез и 21 Декември (Денот на наставата на турски јазик – официјален празник).

РЕДАКЦИЈА ЗА ЕМИСИИ НА РОМСКИ ЈАЗИК

Редакцијата за емисии на ромски јазик **„Бијандипе – Преродба“** продолжува со создавање и емитување професионални, квалитетни и разновидни содржини на ромски јазик, во функција на јавниот интерес, со три дневни емисии од по 30 минути. Програмата обезбедува информирање, едукација, културна афирмација и зачувување на ромскиот јазик, култура и традиција.

КВАЛИТЕТНО, НАВРЕМЕНО И ПРОФЕСИОНАЛНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА – „Бијандипе – Преродба“ секојдневно ги следи настаните од значење за ромската заедница.

УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И РАЗНОВИДНОСТА НА ПРОГРАМАТА – поширок опфат на теми и формати, во чекор со интересите на публиката. Зголемување на теренското известување и на сопственото производство – поголемо присуство на екипите на терен, наместо потпирање на студиска продукција.

АФИРМАЦИЈА НА РОМСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРАТА, ИСТОРИЈАТА И ТРАДИЦИЈАТА – преку проектот **„Минато, сегашност и иднина“** и содржини посветени на јазичната култура.

ЗАСТАПУВАЊЕ ТЕМИ ОД ОБРАЗОВАНИЕТО, ЗДРАВСТВОТО, ВРАБОТУВАЊЕТО, СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА – содржини кои директно го подобруваат информирањето на заедницата за нејзините права и можности.

ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА МЛАДИТЕ И НИВНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА – проектот „**Ромски приказни – позитивни модели“** претставува успешни млади Роми како пример за заедницата.

РАЗВОЈ НА ДОКУМЕНТАРНА, РЕПОРТАЖНА И ДИГИТАЛНА ПРОДУКЦИЈА – збогатување на програмата со нови формати покрај класичната информативна емисија.

ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА СО ПУБЛИКАТА И НА ПРОДУКЦИСКАТА ЕФИКАСНОСТ – поблиску следење на реакциите на публиката при обликувањето на идните содржини.

Информативната програма **„Бијандипе – Преродба“** опфаќа дневни вести и прилози за настани од значење за ромската заедница, во сопствено производство. Културата, историјата и традицијата ги опфаќаат ромската култура, фолклорот и наследството, како и проектот **„Минато, сегашност и иднина“**. Ромскиот јазик е застапен преку јазичната култура, правописот и книжевното творештво. Образованието и младите ги опфаќаат учениците, стипендиите, младинските таленти, како и проектот **„Ромски приказни – позитивни модели“.** Здравјето и социјалната политика ги опфаќаат здравствената едукација, социјалната заштита, вработувањето и човековите права. Детската и верската програма нуди содржини за најмладата публика, како и емисии по повод Рамазан и Курбан Бајрам. Спортот и музиката ги следат спортските достигнувања на Ромите, како и народната, фолклорната и современата ромска музика. Значајните датуми се 14 јануари (Василица), 8 април (Меѓународен ден на Ромите), 6 мај (Херделез), 2 август (сеќавање на геноцидот врз Ромите), 5 ноември (Меѓународен ден на ромскиот јазик), Недела на ромската култура, и Рома Труба Фест. Дигиталните содржини опфаќаат кратки видеа, видеоинтервјуа, аудио и видео подкасти и содржини за социјални мрежи, насочени особено кон младата публика.

РЕДАКЦИЈА ЗА ЕМИСИИ НА СРПСКИ ЈАЗИК

Редакцијата за емисии на српски јазик негува верска, историска и културна содржина посветена на српската заедница во Македонија. Програмата е конципирана претежно околу значајни верски празници, историски датуми и пригодни настани, наместо секојдневна информативна шема, со цел зачувување на духовната и националната традиција и поврзување на заедницата со нејзиното потекло и со дијаспората.

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВЕРСКИТЕ ПРАЗНИЦИ И ЛИТУРГИСКАТА ГОДИНА – **„Свети Сава**“, Светосавска академија, **„Видовден“, „Водици“** и Православната Нова година го негуваат духовниот живот на заедницата низ целата година.

ЧУВАЊЕ НА ИСТОРИСКАТА И ВОЕНАТА МЕМОРИЈА – содржините за **„Удово“**, **„Кајмакчалан“**, **„Брегалничка битка“, „Зебрњак“** и пробивот на Сремскиот фронт ја пренесуваат историјата на новите генерации.

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ ПРАЗНИЦИ НА МАТИЧНАТА ДРЖАВА – содржина посветена на Денот на државноста на Р. Србија.

ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРАТА И МЕЃУСЕБНОТО ЗАПОЗНАВАЊЕ – **„Денови на српската култура во РМ“** и **„Срби и пријатели“** ги истакнуваат заедничките културни вредности со другите заедници во земјата.

ПОВРЗУВАЊЕ СО ДИЈАСПОРАТА И АФИРМАЦИЈА НА ЗАЕДНИЦАТА – **„Денови на српската дијаспора“** и портретите во **„Успешни жени Србинки“** ги претставуваат придонесите на припадниците на заедницата дома и во странство.

ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ЗА ЈАЗИКОТ, ИСТОРИЈАТА И ТРАДИЦИЈАТА – образовната емисија ги пренесува основните знаења за идентитетот на заедницата на новите генерации. Верските празници и академии ги опфаќаат **„Свети Сава“** и Светосавска академија, **„Видовден“, „Водици“** (Богојавление), **„Велики петок“**, Православна Нова година – верски содржини кои ја одбележуваат литургиската година на заедницата.

Историските настани и сеќавањето ги опфаќаат **„Удово“, „Кајмакчалан“**, годишнина од пробивот на Сремскиот фронт, **„Брегалничка битка“, „Зебрњак“** – документарни изданија за настани значајни за српската национална историја.

Државноста е застапена преку Денот на државноста на Р. Србија – историски и културни теми релевантни за заедницата. Културата и меѓусебното запознавање ги опфаќаат **„Денови на српската**

култура во РМ“ и **„Срби и пријатели“** – промоција на културата и соработка со другите заедници во земјата.

Дијаспората и афирмацијата ги опфаќаат **„Денови на српската дијаспора“** и **„Успешни жени Србинки“** – поврзување со заедницата надвор од земјата и промоција на нејзините достигнувања.

Музиката и празниците ги опфаќаат музичките емисии со српска народна и забавна музика и новогодишната програма. Образованието е застапено преку образовна емисија за историјата, културата и традициите на заедницата, наменета особено за младата публика. Актуелните теми ги обработува „Видик“ – информативна програма за прашања од интерес за српската заедница.

РЕДАКЦИЈА ЗА ЕМИСИИ НА БОСАНСКИ ЈАЗИК

Редакцијата за емисии на босански јазик обезбедува секојдневно информирање и широк опсег културно-образовни, верски и спортски содржини за бошњачката заедница. Посебен акцент се става на теренска продукција и поврзување со **бошњачките средини низ земјата.**

СЕКОЈДНЕВНО И ВЕРОДОСТОЈНО ИНФОРМИРАЊЕ – „Сехара“ секој ден ги следи настаните од значење за заедницата.

ЗАЧУВУВАЊЕ НА КУЛТУРНИОТ И ИСТОРИСКИОТ ИДЕНТИТЕТ – документарните изданија, **„Портрети“** и **„Денови на Бошњачката култура“** го негуваат наследството, а репортажите од теренот (Оризари, Црквино, Велес, Градско и др.) ја одржуваат врската со локалните средини.

ЕДУКАЦИЈА И ГРИЖА ЗА МЛАДИТЕ – образовната програма и **„Сехарчичи – дечја радост“** градат навики за учење и афирмација на јазикот кај најмладите.

ПОДДРШКА НА ДУХОВНИОТ ЖИВОТ НА ЗАЕДНИЦАТА – рамазанските изданија, илахиите и Бајрамските емисии ја негуваат верската традиција.

АФИРМАЦИЈА НА ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ И ПОВРЗУВАЊЕ СО ДИЈАСПОРАТА - одбележувањето на националните празници и содржините посветени на дијаспората ја зајакнуваат националната свест и поврзаноста со матицата.

ПРОМОЦИЈА НА СПОРТОТ И СПОРТСКАТА ТРАДИЦИЈА НА ЗАЕДНИЦАТА – „Движи се“ ги претставува поранешните и сегашните бошњачки спортисти и нивниот живот по кариерата.

Информативната програма е **„Сехара“** – дневни вести. Културата, традицијата и историјата ги опфаќаат **„Портрети“,** документарни емисии, **„Денови на Бошњачката култура“**, театарски претстави, репортажи од бошњачки средини (Оризари, Црквино, Велес, Градско и др.). Образованието и децата ги опфаќа образовната програма **„Сехарчичи – дечја радост“.** Земјоделството е застапено преку **„У атару“** – посети на земјоделци низ земјата. Здравството е застапено преку интервјуа со бошњачки доктори. Спортот е застапен преку **„Движи се“** – поранешни и сегашни бошњачки спортисти. Верската програма и музиката ги опфаќаат рамазанските емисии и емисиите со илахии, Бајрамските емисии, како и музички емисии со материјал од БиХ, Р. Србија и Р. Хрватска, вклучувајќи го Фестивалот на севдалинки во Тузла. Значајните датуми се: 21 февруари (Ден на мајчиниот јазик), 11 мај (Ден на бошњачко-санџачкото знаме), 20 ноември (Ден на Санџак), 25 ноември (Ден на државноста на БиХ), 11 јули (Меѓународен ден на сеќавање на Сребреница), 28 септември (Меѓународен ден на Бошњаците). Дијаспората и младинските содржини опфаќаат програма посветена на Бошњаци во дијаспора; политички и младински емисии; театарски претстави од земјата и регионот.

РЕДАКЦИЈА ЗА ЕМИСИИ НА ВЛАШКИ ЈАЗИК

Редакцијата за емисии на влашки јазик обезбедува секојдневно информирање преку **„SCANTEAU – ИСКРА“**, како и неделна културна, музичка и детска програма за влашката заедница. Посебно внимание се посветува на теренска продукција во местата со поголема концентрација на Власи и на вклучување на најмладите во зачувувањето на јазикот и традицијата. Секојдневно информирање на заедницата – **„SCANTEAU – ИСКРА“** останува централен извор на вести за влашката заедница.

ЗАЧУВУВАЊЕ НА ВЛАШКАТА КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА – **„Центри на влашката култура“, „Во влашко маало“** и репортажите за влашките села ја документираат заедницата низ земјата.

ПРОМОЦИЈА НА ВЛАШКИОТ МЕЛОС И ТВОРЕШТВО – **„Влашкиот мелос“** и музичките емисии го негуваат музичкото наследство и афирмираат локални изведувачи.

ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ И ДЕЦАТА – **„Иднината, во рацете на младите“**, **„Во царството на децата“** и **Летниот камп на влашката култура** ги поттикнуваат новите генерации кон учество во животот на заедницата.

ПОВРЗУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ПРЕКУ НАСТАНИ И ФЕСТИВАЛИ – **„Денови на влашката култура“**, концертите и Етно фест го зајакнуваат чувството на припадност кај припадниците на заедницата.

Одбележување значајни национални настани – свечената академија по повод Националниот ден на Власите ја зајакнува националната самосвест.

Информативната програма **„SCANTEAU – ИСКРА“** – информативни емисии, вести и прилози од секојдневниот живот на Власите поврзани со јазикот, културата, традицијата и сè она што е обележје за влашката заедница, во терминот 18:00 до 18:30 часот.

Културата и традицијата ги опфаќаат **„Низ призмата на прозорецот“** (документарни портрети), **„Центри на влашката култура“**, **„Во влашко маало“** – обичаи на заедницата. Репортажите од терен вклучуваат репортажи за влашките села, посети на местата со поголема концентрација на Власи низ Македонија.

Музиката е застапена преку **„Влашкиот мелос“,** музички емисии, концерти и фестивали, како и емисии со познати пејачи Власи. Дебатите и младите ги опфаќаат **„Дебати“** - политички и економски дебати, како и дебати во врска со образованието, јазикот, културата, фолклорот, влашкиот идентитет, емисијата за младите под наслов **„Иднината, во рацете на младите“**, и кратки интервјуа со млади Власи за јазикот и идентитетот.

Детската програма ги опфаќа **„Во царството на децата“;** детска новогодишна емисија; **Летен камп на влашката култура** со учениците кои ја посетуваат наставата на влашки јазик во Крушево, Штип и Битола, детски емисии снимени во студио (квизови, театарски претстави).

Културните настани и фестивалите вклучуваат промоција на книги, Форум на немнозинските заедници, концерти, театарски претстави, 12 јули - за Петровден сите на планина, 8 август - Етно фестивал - Моловиште, Септември – Песната не поврзува. Значајните датуми ги опфаќаат свечената академија по повод Националниот ден на Власите – 23 Мај; новогодишна емисија, одбележување на роденденот на Тоше – 25 јануари, 21 февруари – Меѓународен ден на мајчиниот јазик, 21 мај - меѓународен ден за културна разноликост и дијалог, 26 јуни – Балкан без граници – поврзување на Власите од Балканот и пошироко, „Денови на влашката култура – 4 август – Десет дена Крушевска република", 8 декември – Меѓународен ден на правата на малцинствата.

ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Покрај програмата на јазиците на заедниците, МТВ 4 емитува и документарна програма на македонски јазик, наменета за поширокатa публика. Со неа сервисот го отвора просторот за заедничко гледање и меѓусебно запознавање: темите од културното и духовното наследство, руралниот живот и туризмот, здравјето и филмската уметност се обработуваат како заеднички вредности на сите граѓани.

ЗАЧУВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО И ДУХОВНОТО НАСЛЕДСТВО – „Манастирите во Македонија“ и документарните портрети на значајни личности и уметници го документираат наследството и го доближуваат до публиката.

АФИРМАЦИЈА НА РУРАЛНИОТ ЖИВОТ И ОДРЖЛИВИОТ ТУРИЗАМ – „Убавите села“ и „Алтернативен туризам“ ги претставуваат руралниот, еко- и културниот туризам како развојна можност.

НЕГУВАЊЕ НА ФИЛМСКАТА КУЛТУРА И АРХИВСКОТО НАСЛЕДСТВО – „Филмски приказни“ ја следи филмската сцена и фестивалот „Браќа Манаки“, а „Црно и бело“ и „Викенд за паметење“ ја оживуваат архивата на МТВ.

ПОДДРШКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ПИСМЕНОСТ – „Во здраво тело, здрав дух“ и „Доктор дома“ нудат проверени совети за превенција и здрав начин на живот.

ОТВОРАЊЕ КОН ГЛОБАЛНИ ПЕРСПЕКТИВИ – внимателно одбрани странски документарни филмови и серијали ја збогатуваат понудата со теми од меѓународно значење.

4. ПРОЕКТЕН ПРИСТАП ВО КРЕИРАЊЕТО СОДРЖИНИ

Реализацијата на планираната програма за 2027 година зависи првенствено од зголемувањето на човечките капацитети. Сите пет редакции: турска, ромска, српска, босанска и влашка – работат со ограничен број новинари во однос на обемот на планираните содржини. Затоа, зголемувањето на кадарот и на бројот на екипи е предуслов за целосна реализација на планираната програма во сите редакции.

- Зголемување на бројот новинари и уредници во сите пет редакции, сразмерно на обемот на нивните програмски обврски.
- Зголемување на бројот на екипи, неопходно за теренското известување, документарната продукција и репортажите предвидени низ сите редакции.
- Обезбедување соодветна монтажна и техничка поддршка, во согласност со зголемениот обем на сопствено производство.
- Заедничкото користење репортажни коли и постпродукциски ресурси меѓу редакциите дополнително ја зголемува ефикасноста, но не го заменува потребното зголемување на кадарот и на снимателските капацитети.

5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Редовно следење на обемот, квалитетот и теренската застапеност на содржините по редакции. Зголемен дигитален досег, особено кај младата публика во сите пет заедници. Подобрена меѓуредакциска координација и заедничко користење ресурси. Целосна усогласеност со законските обврски и роковите утврдени за Годишната програма на МРТ за 2027 година.

6. ЗАКЛУЧОК

Програмата на МТВ 4 за 2027 година ги следи приоритетите на петте јазични заедници, преку јасно определени цели, приоритетни програмски области и мерливи очекувани резултати – согласно со новиот, поконцизен концепт на Годишната програма на МРТ.

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА

ПЕТТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ (Детски канал)

ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Дијана Гогова

1. ВОВЕД

МРТ 5 е наменета за деца и млади, со јасна определба да понуди квалитетна, современа, едукативна, културна и забавна содржина, создадена во согласност со развојните потреби, интересите и медиумските навики на најмладата публика.

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ

Програмата ќе биде насочена кон поттикнување на љубопитноста, креативноста, критичкото размислување, љубовта кон знаењето, уметноста и позитивните општествени вредности. Преку образовни, музички, играни, забавни и едукативни содржини, МРТ 5 ќе настојува да биде медиумски простор во кој децата не се само публика, туку и активни учесници, простор во кој ќе учат, ќе се инспирираат, ќе ги развиваат своите таленти и ќе се чувствуваат препознаени, вклучени и охрабрени да го изразат сопствениот глас.

Една од важните програмски определби и во 2027 година ќе биде унапредувањето на пристапноста и инклузивноста. Секогаш кога форматот, содржината и техничките услови го овозможуваат тоа, програмите ќе се реализираат или дополнително ќе се адаптираат со цел да бидат достапни за што поширок круг деца и млади. Пристапноста ќе се развива преку титлување, соодветни визуелни елементи и други форми на адаптација, согласно карактерот на содржината и расположливите продукциски можности.

МРТ 5 ја препознава и значајната улога што квалитетната детска телевизиска програма може да ја има во семејството. Содржините треба да поттикнуваат заедничко гледање, разговор, љубопитност и интеракција меѓу децата и родителите, но и да придонесуваат кон создавање доверба во јавниот сервис уште од најрана возраст.

Во 2027 година посебен акцент ќе биде ставен на сопствената продукција, развојот на нови формати, афирмацијата на младите таленти, образовните и културните содржини, медиумската писменост, пристапната програма, креативното користење на архивата на МРТ, сезонските програмски содржини и меѓународните проекти.

1.1 НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРТ 5

- зголемување на обемот и квалитетот на сопствената продукција за деца и млади;
- развој и унапредување на образовни, забавни, едукативни, музички формати;
- поголема видливост на детските и младинските таленти од различни области;
- систематско негување на медиумската и дигиталната писменост;
- зголемено присуство на театарски, балетски и музички сценски содржини;
- афирмација на македонскиот јазик, култура, творештво и традиционални вредности;
- активно користење на програмската архива на МРТ и нејзино приближување до новите генерации;
- развивање на соработката со образовни и културни институции;
- учество во значајни меѓународни детски проекти и манифестации;
- создавање современ и препознатлив програмски идентитет на МРТ 5.

1.2 ПРОГРАМА И ПРОДУКЦИЈА

УЧИЛИШНА, ОБРАЗОВНА И ОПШТООБРАЗОВНА ПРОГРАМА

Програмата за деца од училишна возраст ќе обработува теми поврзани со образованието, секојдневието на учениците, науката, културата, социјализацијата и развојот на личните интереси. Форматите ќе се реализираат во студио и на терен, со активно учество на деца, наставници, стручни лица и релевантни соговорници. Во рамките на овој сегмент ќе продолжи развојот на емисијата „Звон", како и на општообразовни и забавно-едукативни содржини кои на разбирлив и современ начин ќе обработуваат теми од интерес за детската и младинската публика.

Во план е и можноста за реализација на емисија со работен наслов „И јас имам свои права", посветена на детските права, нивното препознавање и разбирање во секојдневниот живот. Преку теми и ситуации блиски до децата, емисијата ќе има за цел да ги информира најмладите за нивните права, но и да ја поттикне свеста за почитување, еднаквост и меѓусебна одговорност.

Во 2027 година МРТ 5 ќе развива содржини од областа на медиумската писменост, со цел децата и младите да стекнуваат вештини за критичко следење на медиумите, проверка на информации, препознавање манипулативни содржини и одговорно однесување во дигиталната средина. Како основа за развој на нов програмски концепт ќе се користи искуството од концептот „Медиатека" кој веќе се емитува на МТР 5. Истиот ќе биде надграден и адаптиран согласно современите медиумски навики и потреби на младата публика.

ИГРАНА, СЕРИСКА, ЗАБАВНА, МУЗИЧКА ПРОГРАМА

Во рамките на програмските развојни насоки на МРТ 5, постои интерес за реализација и на играна, сериска и забавно-музичка програма за деца и млади, особено во форма на оригинални домашни телевизиски проекти кои би биле приспособени на интересите и потребите на современата детска публика.

Реализацијата на ваков тип продукција, сепак, подразбира значително поголем ангажман на финансиски, кадровски, технички и продукциски ресурси, како и подолг период на подготовка, развој и снимање. Поради тоа, евентуалното започнување на вакви проекти во 2027 година ќе зависи од расположливите услови, продукциските капацитети и можностите за обезбедување соодветна поддршка.

„НА РАСПУСТ!“ (РАБОТЕН НАСЛОВ)

Во програмскиот план за 2027 година, МРТ 5 предвидува можност за реализација на нова летна содржина со наслов „На распуст!“, наменета за детската и младинската публика во периодот на летниот распуст. Целта на емисијата е во летниот период да понуди лесна, свежа и содржински разновидна програма, која ќе ги спојува забавата, музиката и едукацијата во современа телевизиска форма, а истовремено ќе овозможи рационално и креативно користење на постојните продукциски ресурси на Детскиот канал.

„ЗИМСКИ ЛУДОРИИ“ (РАБОТЕН НАСЛОВ)

„Зимски лудории“ е замислена како сезонска програмска содржина на МРТ 5, соодветна за емитување во зимскиот период, за време на новогодишните и божиќните празници, како и во деновите кога децата се на зимски распуст. Концептот претставува современо навраќање на форматот што своевремено се реализираше како „Зимска рекреативна програма“, но осмислен во нов, динамичен и визуелно посовремен телевизиски формат. Содржината ќе комбинира забавни, музички, едукативни и рекреативни сегменти, теми и избрани моменти од програмата на МРТ 5, со акцент на лесна, весела и празнична атмосфера.

Форматот ќе биде претежно монтажно ориентиран, со брзо темпо, кратки рубрики и современи графички и музички елементи, со цел традиционалната идеја за зимска детска програма да добие нова форма, прилагодена на навиките и очекувањата на денешната детска публика.

ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛИ

Детските музички фестивали имаат особено значење во програмската определба на МРТ 5, бидејќи претставуваат важен сегмент во афирмацијата на детското музичко творештво и младите изведувачи. Во изминатите години МРТ 5 со задоволство реализираше соработка со повеќе фестивали од различни градови во Македонија, а интересот за продолжување и проширување на оваа соработка е сè поизразен. Во 2027 година ќе продолжи следењето и снимањето на фестивали како „Си-До“ – Битола, „Весело штурче“ – Штип, „Калинка“ – Гевгелија, „Распеано детство“ – Куманово, „Тетовски јаболчиња“ – Тетово, како и други релевантни детски музички манифестации. Со нивната телевизиска презентација, МРТ 5 обезбедува поголема видливост на децата изведувачи, авторите и организаторите, а истовремено придонесува кон зачувување, развој и промоција на детската музичка сцена во земјата.

БАЛЕТСКИ ПРЕТСТАВИ И МУЗИЧКИ КОНЦЕРТИ

Посебен развоен сегмент во 2027 година ќе биде снимањето и емитувањето балетски претстави и музички концерти со учество на млади изведувачи. Македонската радио- телевизија потпиша Меморандум за соработка со ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, што создава дополнителна можност за систематска соработка и телевизиска презентација на балетските и музичките продукции на училиштето. Преку снимање на балетски претстави, годишни и тематски концерти, камерни настапи и други ученички проекти, МРТ 5 ќе обезбеди поголема медиумска видливост на младите музички и балетски таленти. На овој начин јавниот сервис ќе ја зајакне својата улога во афирмацијата на музичкото и балетското образование, сценската култура и младото македонско творештво.

ЈУНИОРСКИ ЕВРОСОНГ (JUNIOR EUROVISION SONG CONTEST - JESC)

Јуниорскиот Евросонг претставува еден од клучните меѓународни проекти поврзани со детската и младинската програма. Активностите ќе опфаќаат избор и подготовка на претставник, продукција и промоција на песна, официјален видеоспот, сценски и визуелен концепт, телевизиски и дигитални содржини, како и координација со Европската радиодифузна унија и организаторот на натпреварот. Проектот овозможува меѓународна видливост на младите изведувачи и македонското музичко творештво, но истовремено претставува платформа за развој на современи продукциски, креативни и промотивни практики во рамките на јавниот сервис.

ДЕТСКА НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА

Новогодишната програма традиционално е еден од најочекуваните програмски сегменти за детската публика. Во изминатите години новогодишните програми за деца беа реализирани во сопствена продукција на МРТ 5 и бележеа значителен интерес и гледаност кај публиката.

Во 2027 година ќе продолжиме со подготовка на богата и внимателно осмислена новогодишна програма со учество на деца, музички изведувачи и други гости соодветни на форматот, со цел да се создаде топла, забавна и празнична атмосфера. Дополнително, за време на новогодишниот период и зимскиот распуст ќе бидат подготвени и други специјални емисии и тематски содржини за деца, со што програмската понуда на МРТ 5 ќе биде збогатена и приспособена на периодот кога детската публика има зголемено време за следење телевизиски содржини.

АРХИВСКА ПРОГРАМА „КОВЧЕЖЕ“

МРТ 5 ќе продолжи со користење на богатата програмска архива на Македонската радио- телевизија преку програмскиот сегмент „КОВЧЕЖЕ“. На новите генерации ќе им бидат доближени безвременски детски и младински содржини како „Во светот на бајките“, „Втората смена“, „Умни глави“, „Ајде да се дружиме“, „Чудовиштата од нашиот град“, „Опстанок“, „До Ре Ми“, „Девојките на Марко“, „Училиште за кловнови“, „Едно лето“, „Чук, чук Стојанче“, „Случки од животот“ и други архивски програмски материјали. Со ова не само што се обезбедува дополнителна програмска вредност, туку се зачувува континуитетот на македонската детска телевизиска продукција и се создава врска меѓу различните генерации гледачи.

ИНКЛУЗИВНА И ПРИСТАПНА ПРОГРАМА

Унапредувањето на пристапноста ќе остане една од важните програмски определби на МРТ 5. Целта е, секогаш кога содржината, форматот и техничките услови го овозможуваат тоа, програмите да се реализираат или дополнително да се приспособуваат на начин што ќе овозможи нивна поголема достапност за деца и млади со различни потреби.

Во зависност од карактерот на содржината, пристапноста може да се обезбедува преку титлување, соодветни визуелни елементи или други форми на адаптација, со постепено проширување на практиките согласно расположливите технички, кадровски и продукциски можности.

МРТ 5 веќе применува телопи со кои се најавува и означува пристапната содржина, со што гледачите добиваат јасна информација за програмите што содржат елементи на пристапност. Во 2027 година ќе се настојува овој пристап дополнително да се развива, со принцип дека секоја програма која по својата структура и начин на реализација нуди можност за адаптација, ќе се разгледува како потенцијална пристапна содржина. На тој начин МРТ 5 ќе продолжи постепено да ја

зајакнува својата инклузивна и јавносервисна функција и да создава програмска средина достапна за што поширок круг деца и млади.

3. ПЛАН ЗА 2027 ГОДИНА

Општообразовните емисии ја опфаќаат училишната програма **„Звон“**, како и **„Мислам, значи постојам“**, **„Медиумска писменост“** и **„И јас имам свои права“** (работен наслов), со теми од општото образование, науката, културата и општеството; се реализираат во студио, на терен и преку надворешни снимки (ЕНГ), во сопствено производство. JESC е меѓународен детски музички проект што се реализира во студио, на терен и на меѓународниот настан, во продукција на МРТ како дел од меѓународен проект.

Забавните емисии за деца ги опфаќаат **„Детска новогодишна програма“, „На распуст“** (работен наслов) и **„Зимски лудории“** (работен наслов), реализирани во студио, на терен и преку ЕНГ снимки, во сопствено производство. Балетските претстави и музичките концерти опфаќаат снимање концерти и камерни настапи со акцент на младите таленти, во соработка со ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, реализирани со репортажно возило, во сопствено производство.

Архивската програма **„КОВЧЕЖЕ“** ги користи архивските материјали на МРТ, вклучувајќи ги: **„Во светот на бајките“, „Втората смена“, „Умни глави“, „Ајде да се дружиме“, „Чудовиштата од нашиот град“, „Опстанок“, „До Ре Ми“, „Девојките на Марко“, „Училиште за кловнови“, „Едно лето“, „Чук, чук Стојанче“, „Случки од животот“** и други архивски програмски материјали, во сопствено производство. Детските фестивали ги опфаќаат **„Калинка“, „Поточиња“, „Распеано детство“ „Весело штурче“, „СИ ДО“** и **„Тетовски јаболчиња“**, кои се следат и снимаат со репортажно возило и преку ЕНГ снимки, во сопствено производство.

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА
СОБРАНИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС
В.Д. ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Ели Јосифовска

1. ВОВЕД

Работата на Собранискиот канал е регулирана со Законот за Собранието на Република Македонија донесен во 2009 година (Сл. весник на Република Македонија бр. 104/2009), и неговите измени и дополнувања во 2021 година (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 174/2021), како и со Законот за радиодифузната дејност. Реформата на Собранискиот канал е дел од стратешката цел „Отворен парламент" во Стратешкиот план на Собранието, при што во сегментот „Подобрена ИКТ инфраструктура" е предвиден „Целосно функционален Собраниски ТВ канал", како дел од Акцискиот план на Партнерството за отворена власт на Собранието.

Согласно член 32 точка 5 од Законот за Собранието на Република Македонија, Собранието обезбедува услови за пренос на телевизиски сигнал до Јавниот радиодифузен сервис, а Јавниот радиодифузен сервис до крајните корисници. Уредувачката одговорност на Собранискиот канал ја има јавниот радиодифузен сервис, кој е должен да постапува согласно годишната програма за содржините на програмите на Собранискиот канал. Програмската шема на Собранискиот канал се усогласува со Советот на Собранискиот канал на начин утврден со Законот за Собранието на Република Македонија и договорот кој Собранието го склучува со Јавниот радиодифузен сервис за емитувањето на активностите на Собранието и на други програмски содржини на Собранискиот канал.

2. МИСИЈА И ВИЗИЈА

Мисијата на Собранискиот канал е граѓаните навремено, точно и објективно да бидат информирани за работата на претседателот на Собранието, генералниот секретар, пратениците, за средбите со меѓународни и домашни претставници и за донесените закони. Преку Собранискиот канал граѓаните се запознаваат со надлежностите на Собранието, одлуките, декларациите, резолуциите, препораките, заклучоците и работата на органите и телата на институцијата, а навремено се информираат и за пратеничките прашања, интерпелациите, довербата на Владата, работата на анкетните комисии, одлуките за други носители на јавни функции одговорни пред Собранието, како и за организираните надзорни расправи за спроведувањето на политиките и извршувањето на законите. Визијата на сервисот е Собранието да биде претставено како отворена, одговорна и транспарентна институција, блиска до граѓаните и вклучена во секојдневниот демократски дијалог.

3. ПОСТОЈНИ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ

Годишниот план и програмата за работа на Собранискиот канал ги опфаќа следните програмски содржини, кои ќе продолжат да се продуцираат и во наредниот период: „Вести", „Собраниска ризница", „Законодавен брифинг", „Интервју", „Вашиот пратеник", „Парламентарен економски брифинг" и „Парламентарен караван".

„Вести" е емисија од информативен карактер и ќе се емитува два до три пати дневно во текот на работната недела — во 10:30, 14:30 и 18:30 часот, а за викенд (сабота и недела) во 12 часот, како и во период кога Собранието не заседава поради изборни активности.

„Собраниска ризница" е емисија од документарен карактер која го опфаќа историјатот на содржините во Собраниската зграда — ќе бидат изработени емисии за собраниските сали (Охридска, Струшка, Кристална, Уставна и другите), за холот на портрети на поранешни претседатели, за добиените подароци, слики и слично. Оваа емисија нема да биде врзана со фиксни термини и ќе се емитува три пати неделно.

„Законодавен брифинг" е емисија од информативен карактер во која ќе бидат презентирани предлог-законите и донесените закони, со цел јавноста целосно и изворно да биде информирана за целите на предложените закони кои влегуваат во законодавна постапка и за нивната конечна содржина кога ќе бидат изгласани од Собранието, онака како што се формулирани целите на законот од страна на предлагачите.

„Интервју" е информативна емисија која ќе се реализираат поединечни интервјуа со претседателот и потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија и координаторите на пратеничките групи, со генералниот секретар на Собранието и заменикот на генералниот секретар, со клучните раководители во државата — претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Владата — со поранешни претседатели на Собранието и на државата, како и со раководители на организации кои учествуваат во законодавниот процес како засегнати страни, на регулаторни тела и на независни институции од сите области.

„Вашиот пратеник" е емисија од информативен карактер која ќе овозможи поединечно претставување на пратениците, по азбучен редослед, на средината на својот мандат, лично и професионално — нивната партиска припадност, местото и изборната единица која ја претставуваат и сè друго што пратеникот или пратеничката сака да го сподели со граѓаните. Ќе содржи и осврт кон сработеното и реализираните активности на пратеникот во Собранието — колку предлози на закони има поднесено, учество во дискусии, придонес кон зацврстување на имиџот и транспарентноста на Собранието како претставнички дом.

„Парламентарен економски брифинг" е информативно-дебатна емисија која се однесува на законите од економските области, со оглед на значењето на економијата и стандардот на граѓаните. Концептот на емисијата е да се повикаат на дебата предлагачот на законот (ако е пратеник) и еден пратеник од спротивставената политичка опција, а доколку предлагач е Владата, се повикуваат по еден пратеник од позицијата и од опозицијата. Во двата случаи се повикуваат и претставници на засегнатите страни на кои се однесува законот — организации, комори, синдикати, здруженија и слично, кои ги застапуваат интересите на целните групи. Пратениците се повикуваат согласно нивната припадност во надлежните комисии на кои се разгледува предметниот закон, при што се известуваат и координаторите на пратеничките групи. Во новиот формат, брифингот ќе се снима во студиски услови со присуство на еден пратеник, додека изјавите од друг пратеник — од власта или од опозицијата, ќе се обезбедуваат одвоено. Дополнително, ќе се реализираат теренски снимања надвор од амбиентите на Собранието, каде ќе се вклучуваат експерти и претставници од невладиниот сектор.

„Парламентарен караван" е емисија за настан кој го организира Собранието, чија цел е да го претстави Собранието како отворена, одговорна и транспарентна институција преку приближување на законодавната власт до граѓаните и овозможување поголема вклученост на јавноста во демократската дебата и во подготовката на законски решенија кои ќе го подобрат животот. Преку разни активности во централните места во градовите и општините ќе се испратат клучните пораки на манифестацијата „Собранието за граѓаните" и „Отворено и одговорно", со цел да се подвлече дека законодавниот дом е одговорен како институција пред граѓаните. Парламентарниот караван ќе обезбеди присуство на пратениците во општините или изборните единици од каде што се избрани — можност пратениците да ги слушнат впечатоците на граѓаните за работата на Собранието и да се запознаат со проблемите кои бараат законодавна иницијатива.

4. НОВИ ЕМИСИИ ЗА 2027 ГОДИНА

За новата годишна програма се предвидува продукција на четири нови емисии.

„Белезите на регионите" ги претставува спецификите на шесте изборни единици/региони во Република Северна Македонија од повеќе аспекти — географски, историски, економски, природните ресурси, збир на различни општини со свои специфики, државните и регионалните планови за развој и буџетските проекции, како и во смисла на избрани пратеници во Собранието. Емисијата ќе комбинира наративно-претставувачки дел, со инсерти и изјави на граѓани од регионите, и дел кој ќе се снима во Собраниското ТВ студио, каде ќе се говори за состојбите и перспективите на регионот, односно изборната единица. Ќе се емитува еднаш во два месеци, вкупно шест емисии годишно, согласно бројот на изборните единици.

„**Здраво млади"** е емисија за млади чија цел е промоција и едукација на младите од различни области — општествени околности, образование, дружење, европски вредности, култура, социјала и здравство, студентски стандард, хобија, социјални мрежи, булинг, семејно насилство, дрога и алкохол. Емисијата ќе содржи анкета од граѓаните поврзана со темата и гости во студиото — психолог, педагог, социолог, тренер и други актери поврзани со темата, со фокус на младите и простор за промоција и споделување на мислења и искуства поврзани со актуелни теми.

„Собраниска ЕУ агенда" е емисија за евроинтеграциите, чија цел е да се акцентира улогата на Собранието во процесот на евроинтеграцијата на Република Северна Македонија, преку подготовка и емитување прилози, анализи, емисии и интервјуа за конкретни сегменти поврзани со темата. Во оваа емисија ќе се вклучат и други организациските единици на Собранието поврзани со ЕУ агендата и меѓународните односи: Секторот за надворешна политика и европски прашања, Националниот совет за евроинтеграции, Кабинетот на претседателот на Собранието, Секторот за меѓународна соработка на Собранието, како и други совети и комисии кои реализираат активности или настани поврзани со ЕУ агендата.

Програмата понатаму би се дополнила согласно законски предвидените содржини со пренос и известување од настани во Европскиот парламент, Организацијата на Обединетите нации и други меѓународни организации, а би се збогатила и со содржини од едукативен, документарен и историски карактер, кои би произлегле како резултат на соработка со други парламентарни канали. Програмските содржини ќе се надополнат и со информативни емисии изготвени во соработка со Парламентарниот институт, врз основа на нивните анализи и други податоци, кои ќе бидат опфатени во емисијата „Собранието одблиску". Во програмските активности е вклучено и известување — известител, камерман и фотограф од значајни државни посети во странство, како што е посетата на Рим по повод чествувањето на празникот „Св. Кирил и Методиј". Доколку во наредната година се спроведат избори, тогаш согласно одредбите од Изборниот законик, за време на избори на Собранискиот канал ќе се врши емитување на бесплатно политичко претставување на кандидатите.

5. ПРОГРАМСКИ КОНЦЕПТ – ДОПОЛНУВАЊЕ НА СОБРАНИСКИОТ СЕРВИС

Дваесет и четиричасовната програма на Собранискиот сервис, покрај законски предвидените парламентарни, информативни и образовни содржини, се дополнува со соодветно избрани содржини од богатата архива на Македонската телевизија, во согласност со програмската намена на Собранискиот канал утврдена со член 32 од Законот за Собранието.

Во таа насока, ќе се разгледа можноста за тематско групирање и емитување архивски содржини поврзани со значајни државни празници, историски датуми и настани, како што се Денот на независноста, Денот на донесувањето на Уставот, значајни годишнини од парламентарниот и државотворниот развој, како и други настани од јавен интерес.

Програмскиот концепт предвидува и современ пристап кон претставувањето на македонската изворна музика, како значаен дел од културното и историското наследство. Преку внимателен избор на архивски музички, документарни, историски и културни содржини, Собранискиот канал ќе придонесува за зачувување на историската меморија, афирмација на културната разновидност, меѓусебното запознавање и општествената кохезија.

Изборот и распоредувањето на овие содржини ќе се вршат во согласност со законската намена на Собранискиот канал и програмската шема усогласена со Советот на Собранискиот канал, без нарушување на неговата основна парламентарна, информативна и образовна функција.

6. ПРЕДЛОГ ЗА НОВИ ЕМИСИИ

Во текот на 2027 година ќе се разгледуваат можностите за реализација на заеднички програмски проекти и копродукциски емисии на Собранието и МРТ од взаемен јавен интерес, во согласност со член 32-а од Законот за Собранието.

Развојот, содржината и динамиката на реализација на овие програмски формати ќе се разгледуваат и усогласуваат со Советот на Собранискиот канал, согласно законските надлежности и расположливите продукциски и финансиски средства. Трошоците за создавање на програмските содржини што Собранието ги изработува самостојно или копродукциски ќе се обезбедуваат од Буџетот на Собранието, согласно член 32-а став (6) од Законот за Собранието, во рамките на средствата предвидени за 2027 година.

7. ЗАКЛУЧОК

Собранискиот канал во 2027 година ќе продолжи да ја зајакнува својата улога како мост меѓу законодавната власт и граѓаните, преку унапредување на постојните информативни, документарни и дебатни формати, разгледување на можностите за развој на нови програмски содржини, како и тематско користење на архивското богатство на МРТ. Посебно внимание ќе се посвети на соработката со Советот на Собранискиот канал и можностите за реализација на заеднички програмски проекти и копродукции со Собранието, во согласност со законските надлежности и обезбедените средства. Основната цел останува Собранието да се претставува како отворена, одговорна и транспарентна институција, блиска до граѓаните, а Собранискиот канал да ја остварува својата јавна функција во согласност со Законот за Собранието.

МАКЕДОНСКО РАДИО
ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС – РАДИО СКОПЈЕ
В.Д. ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Снежана Димовска

1. ВОВЕД

Програмата на Првиот програмски сервис на Македонското радио — Радио Скопје со години наназад е конципирана согласно со Законот и програмските видувања на одговорниот уредник, во соработка со уредниците на програмските сектори и редакции, со определени измени на долгогодишните емисии според потребите на времето и со воведување нови содржини, актуелни и потребни за слушателската публика во одреден термин. Сите програмски целини според шемата на Радио Скопје се усогласени со потребите и законските обврски на јавниот радиодифузен сервис, како и со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Програмата за 2027 година го продолжува овој континуитет и кореспондира со условите за емитување и реформската стратегија на Македонската радио-телевизија како јавен сервис на сите слушатели.

2. МИСИЈА И ВИЗИЈА

Мисијата на Македонското радио – Радио Скопје е да остане првиот глас на јавниот радиосервис, брз и доверлив извор на информации од сите области на општественото живеење: политика, економија, здравство, социјална политика, култура, образование, спорт, музика, достапен на сите граѓани преку разновидна и сопствена продукција. Визијата за 2027 година е континуитет на препознатливата програмска шема, со постепено осовременување на форматите и зајакнување на дигиталното присуство, без да се загуби идентитетот граден низ годините.

3. ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Дневната редакција реализира „Вести" — во траење од три минути во сопствена продукција, кои се емитуваат секој час во 8:00, 9:00, 10:00, 11:00, 13:00,14:00,17:00 и 24:00 часот.

Радио-весниците на МРА — „Точно напладне", „ПРВ", „Прес 19" и „Радио 22" — се емитуваат целогодишно во 12:00, 15:30, 19:00 и 22:00 часот, во сопствена продукција.

Редакцијата на Актуелности ја реализира „Актуелно" — 90-минутна дебатна политичка емисија со интервјуа и репортажи, секој работен ден, во сопствена продукција. „ЗУМ-ИНФО" е 30-минутна емисија со акцент и обработување на настанот на денот, и се емитува секој ден од понеделник до петок. „Радио Спектар" е 150-минутен саботен, информативен магазин, со теми од политиката, економијата и културата. Секоја последна сабота во месецот ќе биде резервирана за Хајд парк – „Јас Граѓанинот“, во која граѓаните-слушателите отворено говорат на однапред определена тема.

Утринската редакција ја подготвува утринската програма „Добро утро Македонијо" — целогодишна емисија со дневни сервисни информации, пет дена во неделата од 7:00 до 10:00 часот, 180 минути дневно, во живо и во сопствена продукција.

Со новата програмска шема од 14 октомври внесуваме нови рубрики кои ќе бидат во интерес на граѓаните. Станува збор за рубриката „Моја Македонија“, во која низ 3 минути се раскажуваат убавините на Македонија. Во соработка со МВР во контекст на проектот Безбеден град ќе ја реализираме рубриката „Каде грешиме во сообраќајот“. Од 11:03 часот, секој работен ден, се емитуваат новинарски-авторски 60-минутни емисии посветени на различни теми од секојдневието, преку интервјуа, разговори во живо, интересни соговорници и телефонски контакти, со наслови кои се менуваат по денови: „Зборуваме македонски“, „Чувари на здравјето“, „Во живо и гласно“ и „Родокрајна убавина“, а со новата програмска шема ја воведуваме и емисијата „Отворено со градоначалниците“, во која градоначалниците ќе зборуваат за проектите во нивните општини. Планирано е секоја последна среда во месецот, градоначалникот на Скопје да има отворена емисија во која слушателите прашуваат, а градоначалникот одговара.

Редакцијата за економија, претприемништво и менаџмент ја реализира „Виножито“ — 55-минутна емисија за земјоделство, недела од 7:00 часот, во сопствена продукција.

Спортската редакција ја носи **„Спорт, музика, спорт“** — 55-минутен преглед на најважните спортски настани кај нас и во светот, со директни преноси од наши клубови и репрезентации, неделно од 17:05 часот, во сопствена продукција.

4. КУЛТУРНА ПРОГРАМА

Детско-образовната редакција ја реализира **„Детско катче“** — 25-минутна музичко-забавна емисија за деца, пет пати неделно, **„Радио театар за деца“** — 55-минутна културно-едукативна емисија за деца од училишна возраст, секоја недела од 12:00 часот, а од октомври ја враќаме и **„Шарената емисија“** секоја сабота, во траење од 60 минути.

Од октомври го враќаме и серијалот **„Боите на Македонија“** од понеделник до петок, со емисии посветени на црквите и манастирите, за историјата на македонската народна музика, за историјата на македонските народни инструменти, за археолошките наоѓалишта.

Научно-документарната редакција ги носи **„Историски фокус“** (25 минути, сабота од 8:00 часот, портрети и процеси од македонското историско минато), **„Од нашиот незаборав“** (30 минути, секој понеделник од 18:20 часот, за револуционерното минато на македонскиот народ), **„Траги во времето“** (55 минути, секоја недела од 9:00 часот, портрети на истакнати творци од различни области), **„Простор, збор и време“** (120 минути, секој работен ден од 1:00 до 3:00 часот, за литературни и културни дејци од минатото и сегашноста), **„Огледи и погледи“** (30 минути, секој вторник од 18:20 часот, осврти за писатели од светски глас), и **„Православна ризница“** (30 минути, секоја среда од 18:20 часот, за православието кај нас и пошироко). Редакцијата за култура и уметност ги носи **„Културна клучалка“** (55 минути, секој работен ден најави, изјави за културните настани, личности, промоции на културни вредности и афирмација на автори) и **„Минути за култура — Радио спектар“** (15 минути, избор на културни настани што ја одбележале седмицата).

5. МУЗИЧКА ПРОГРАМА

Македонското радио - Радио Скопје во новата програмска шема става акцент на македонската народна, забавна и класична музика.

Во текот на 24 часа се емитува и македонска евергрин музика и популарна, која опфаќа околу 50 проценти од програмата.

Музичката програма опфаќа илустрација и избор на музика во сите програмски појаси, 24 часа, како и изработка на шпици и џинглови за МРА — Радио Скопје по потреба, сето тоа во сопствена продукција.

Сериозната музика е застапена преку **„ФМ Класик“** (петок, 18:30 часот, 25 минути, светска класична сцена и македонски автори на класиката), **„Од авторскиот опус“** (сабота, 1:00 часот, 60 минути), „Романтично пијано" (недела, 4:20 часот, 20 минути), **„Музички вињети“** (секој ден, 10 до 15 минути), „Музика Вива" (од вторник до сабота, 4:00 часот, 60 минути), **„Од Македонското музичко творештво“** (понеделник, 4:00 часот, 60 минути) и **„Музички калеидоскоп“** (среда, 2:00 часот, 60 минути).

Народната музика е застапена преку **„Запеало славеј пиле“** (секој работен ден од 5:00 часот, 20 минути, фолклорна традиционална музика и современи естрадни фолк рефрени), **„Песна пеам македонска“** (секој работен ден од 5:40 часот, 20 минути), **„Фолклорна естрада“** (понеделник, 3:00 часот, 60 минути), „Песни на мојата душа" (четврток, 20:00 часот, 120 минути), **„Неделен фолк подиум“** (недела, 13:00 часот, 60 минути) и **„Фолклорен времеплов“** (недела, 8:00 часот, 30 минути). Постојните авторски емисии остануваат меѓу кои **„Везилка“,** музичка емисија со народна музика, секој петок од 14:05 часот, во траење од 60 минути.

Забавната музика е застапена преку **„Музички новитети од светската и домашната сцена“** (секој работен ден од 10:00 часот, 60 минути — фестивалски рефрени, најава на нови синглови, промоција на албуми), **„Сината птица“** (филмска музика, петок, 19:30 часот, 30 минути), „Звукот и светот" (вторник, 20:00 часот, 60 минути), **„Џез и блуз“** (вторник, 21:00 часот, 60 минути), **„Глобален бит“** (среда, 21:00 часот, 60 минути), **„Хит микс“** (понеделник, 14:00 часот, 60 минути), **„На рандеву со звукот на минатото“** (недела, 18:00 часот, 60 минути), **„Евровизиски рефрени**“ (сабота, 15:00 часот, 30 минути), „**Приказни на една нота“** (10 минути) и **„Песни на една младост“** (16:00 часот, 20 минути). Од октомври

стартуваме со специјална емисија за македонските музички автори, композитори, текстописци, аранжери, во траење од 60 минути.

Фестивалите и другите манифестации на МРА — Радио Скопје се реализираат заеднички со Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, линковски, во сопствено производство.

Редакцијата за ноќни емисии ја носи **„Ноќната програма — Ритамот на ноќта“** (секој работен ден и избрано за викенд, од 22:30 до 1:00 часот — програма со најразлични теми од секојдневието, општествениот живот и музичкото живеење, со гости во студио и одбрана забавна музика). Започнавме и специјална емисија **„Гласот на македонската дијаспора“,** во која нашите иселеници зборуваат животни приказни вклучително и за нивното враќање во татковината, која се емитува секоја среда во Ноќната програма.

Покрај редовните содржини, во програмската шема за 2027 година ќе бидат опфатени и реализирани актуелни спортски натпревари, преноси и радио проекти, културни настани, музички и филмски настани погодни и прилагодливи за радио, во координација и соработка со Македонската телевизија.

6. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРА 1

Во 2027 година, приоритет е надминување на техничките проблеми со сигналот на емитување што ги оптоваруваа Радио Скопје во претходниот период, за што веќе се известени одговорните во ЈП Национална радиодифузија — со цел програмата да може непречено да се следи низ целата земја и пошироко, без прекини предизвикани од слаб сигнал. Неопходна е целосна промена на техничката опрема, режијата, студијата за изведба во живо, за снимање и продукција. Паралелно, ќе продолжи постепеното зајакнување на дигиталното присуство на постојната програма и зголемувањето на сопственото производство во авторските и контактните формати, во согласност со заедничката програмска политика на МРТ.

7. ЗАКЛУЧОК

Македонското радио - Радио Скопје во 2027 година останува препознатлив, сеопфатен јавен радиосервис — со информативна, економска, спортска, културна, научно-документарна, музичка и ноќна програма што ја одржува континуираната врска со публиката. Приоритет на годината е стабилноста на емитувањето и постепеното, реално остварливо осовременување на програмата, без да се напушти идентитетот граден низ деценииите.

МАКЕДОНСКО РАДИО
ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС – МРА 2

НОВИНАР: Рашела Гинова-Карафилоски

1. ВОВЕД

Македонско радио 2 (МРА 2) е Вториот програмски сервис на Македонско радио во рамките на Македонската радио-телевизија (МРТ) кој емитува рекреативно-забавна програма.

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ

Во 2027 година Радио 2 ќе продолжи да развива современа, динамична и препознатлива музичко-забавна програма, со акцент на авторските и контактните содржини, непосредната комуникација со слушателите, квалитетниот музички избор и промоцијата на македонската музика, култура и творештво.

Планот се темели на три насоки: зачувување и унапредување на содржините што веќе имаат континуитет, развој на програмските новини воведени во 2026 година и воведување нови, реално остварливи формати што ќе ја збогатат вечерната и ноќната понуда на Радио 2.

Посебна цел е Радио 2 да создава повеќе сопствена и препознатлива содржина, да ја зајакне врската со домашната музичка сцена и постепено да го проширува присуството на својата програма и на дигиталните платформи.

3. ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРА 2

3.1 ПОСТОЈНА ПРОГРАМСКА ШЕМА И НЕЈЗИН РАЗВОЈ:

РАБОТНИ ДЕНОВИ – ПОНЕДЕЛНИК ДО ПЕТОК

07:30–09:30 | „Тик-так и Зорка“ со Тик-так и Зорица Н.

Утринска програма на Радио 2 со Тик-так и Зорка, со музика, актуелни информации, сервисни содржини и непосредна комуникација со слушателите. Емисијата го отвора дневниот програмски циклус и создава динамичен утрински ритам.

09:50–10:50 | „Звук што се гледа“ со Ване М. и Зорица Н.

Радио-телевизиска емисија со Ване Марковски и Зорка, која претставува продолжение на утринскиот програмски блок и поврзување на радиото и телевизискиот медиум. Форматот овозможува разговори, гости и теми приспособени за истовремено радио и телевизиско претставување.

11:00–13:00 | „Ритамот на денот“ со Рашела Г.К.

Дневна контактна и музичко-забавна емисија и еден од централните дневни термини на Радио Концептот се темели на непосредна комуникација со слушателите, актуелни теми од секојдневието, интересни информации, гости, препораки од областа на културата и забавата и внимателно избрана музика.

Преку динамичен водителски пристап, емисијата го следи ритамот на денот и создава простор за интеракција, актуелност и добро расположение.

13:06 | „Дали знаете дека“ со Саше А.

Кратка дневна програмска содржина од информативно-забавен и едукативен карактер, конципирана преку интересни и помалку познати факти од различни области.

Во кратка и лесно приемчива радио-форма се обработуваат занимливости поврзани со музиката, културата, науката, историјата, секојдневниот живот и светот околу нас, со цел дневната програма да понуди и корисна или изненадувачка информација.

13:30 | „Оригинал или обработка“ со Зоран М.

Музичка содржина посветена на оригинални композиции и нивните обработки, со можност слушателите да ги препознаат различните интерпретации, музички периоди и авторски пристапи.

14:00–16:00 | „Ивана на Радио 2“ со Ивана М.

Попладневна контактна и музичко-забавна програма со Ивана, наменета за периодот во кој слушателите го завршуваат работниот ден и влегуваат во попладневниот ритам.

Емисијата комбинира музика, непосредна комуникација со слушателите, лесни актуелни теми, интересни информации, сервисни и забавни содржини, со можност за повремени гости и тематски разговори. Целта е создавање жив, комуникативен и препознатлив попладневен термин на Радио 2.

17:00–18:00 | „Втора смена“ со Зорица Н.

Авторска попладневна емисија, досега емитувана под наслов „Успори малку“.

Од октомври 2026 година емисијата го менува насловот во „Втора смена“ и добива освежен концепт, ново програмско руво и нови тематски содржини. Во 2027 година се планира нејзино понатамошно развивање и профилирање.

ВЕЧЕРНА ПРОГРАМА

Вторник и четврток, 19:00 | „19 и нешто“ со Ване М.

„19 и нешто“ е авторска вечерна емисија која започнува со емитување од 15 септември 2026 година и претставува дел од освежувањето на вечерната програмска понуда на Радио 2.

Емисијата е конципирана како динамичен музичко-забавен формат, со внимателно избрана музика, актуелни теми, интересни информации и кратки авторски содржини. Концептот овозможува слободен и непосреден водителски пристап, приспособен на вечерниот термин и на слушателите кои бараат лесна, современа и ненаметлива радио-програма.

Среда и петок, 19:00 | „Заводлива квечерина“ со Рашела – авторска вечерна емисија со премиерни изданија двапати неделно, со препознатлив тематски, музички и наративен пристап.

„Заводлива квечерина“ е авторска вечерна емисија со препознатлив тематски, музички и наративен концепт, во кој музиката и зборот се поврзуваат во единствена радио-приказна.

Секое издание е посветено на определена тема од животот, љубовта, односите меѓу луѓето, емоциите, спомените и секојдневието, обработена преку авторски текстови, размислувања, приказни и внимателно избрана музика која ја следи атмосферата на темата.

Посебна карактеристика на емисијата е нејзиниот интимен и непосреден начин на комуникација со слушателите, со што „Заводлива квечерина“ се издвојува од класичните музичко-забавни формати и гради сопствен препознатлив идентитет во вечерната програма на Радио 2.

ВИКЕНД-ПРОГРАМА

Сабота, 11:00–13:00 | „Пецетека“ со Петар М.

„Пецетека“ е саботна забавна емисија во живо, која во терминот од 11:00 до 13:00 часот внесува поопуштен и динамичен карактер во викенд-програмата на Радио 2.

Концептот на емисијата се темели на комбинација од внимателно избрана музика, актуелни и забавни теми, интересни информации, непосредна комуникација и содржини приспособени на саботниот претпладневен термин.

Емитувањето во живо овозможува спонтаност, директен контакт со слушателите и флексибилност во изборот на темите, а во зависност од содржината, програмата може да вклучува и гости, разговори и осврти на актуелни музички, културни и забавни случувања.

Целта на „Пецетека“ е да понуди лесна, комуникативна и ведра саботна програма, со препознатлив водителски пристап и музика која одговара на викенд-атмосферата, а воедно да го задржи живиот контакт на Радио 2 со своите слушатели и во деновите од викендот.

Недела, 10:00–12:00 | Претпладневна програма со Ване М.

Во викенд-програмата продолжуваат и репризните изданија на: „Заводлива квечерина“, како и емисиите „Незаборавни дуети“ и „На чекор до врвот“.

4. НОВИ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ ЗА 2027 ГОДИНА

4.1 РАДИО 2 ВО ЖИВО

Како една од носечките програмски новини за 2027 година се предлага воведување авторска музичка емисија „Радио 2 во живо“, со настапи на музички групи и изведувачи во живо во студиото на Радио 2.

Емисијата е предвидено да се реализира еднаш неделно, во терминот од 20:00 до 21:00 часот, со Рашела Гинова-Карафилоски како автор и водител. Концептот претставува спој на жив музички настап и краток, непосреден разговор со гостите за нивната музика, актуелните проекти и приказните зад песните.

Посебен простор ќе се даде на македонските групи, автори и изведувачи, вклучително и на нови имиња на домашната сцена. На тој начин Радио 2 ќе создава сопствена, автентична музичка содржина, наместо исклучиво да презентира веќе снимена музичка продукција.

За можноста за реализација на ваков тип програма веќе е дискутирано со релевантните служби и е потврдено дека проектот е технички изводлив во студиските услови. Целта е „Радио 2 во живо“ да стане препознатлив музички термин во кој музиката не само што се емитува, туку се создава во живо пред радиомикрофоните.

4.2 ГРАДСКИ ШМЕК

Се предлага воведување нова ноќна авторска програма „Градски шмек“, наменета пред сè за зрелата слушателска публика. Програмата би се емитувала еден до два пати неделно, од 21:00 до 22:30 часот.

Концептот се темели на добар разговор, квалитетна музика и препознатливи градски приказни. Гости ќе бидат интересни и автентични личности од културниот, музичкиот, уметничкиот и јавниот живот – луѓе со искуство, став, спомени и приказни што вреди да се слушнат.

Емисијата ќе ја води искусен водител од повозрасната генерација, чиј начин на комуникација одговара на концептот и целната публика. Разговорите нема да бидат поставени како класични интервјуа, туку како непосредни ноќни средби со гостите, проследени со внимателно избрана музика.

Координатор на програмата ќе биде Рашела, задолжена за концепциската поставеност, тематските насоки, координацијата на гостите и усогласувањето на содржината со програмската политика на Радио 2.

4.3 НАЈДОБРОТО НА РАДИО 2

Се предлага воведување нов музички формат без класично водителско присуство, заснован на авторски осмислени и внимателно селектирани музички плејлисти.

Секое издание ќе има сопствена тема, атмосфера и музички карактер. Наместо едноставен редослед на композиции, изборот ќе биде структуриран како музичка целина што гради расположение и препознатливост.

Можни тематски изданија се: македонска музика, заборавени хитови, нови изданија, женски или машки вокали, музика од различни децении, песни што се препознаваат од првиот такт и интересни спојувања на постари и современи композиции.

Целта на „Најдоброто за Радио 2“ е самиот избор на музиката да стане програмска содржина и дополнително да го гради музичкиот идентитет на Радио 2.

4.4 СПЕЦИЈАЛНИ ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ И ПРОЕКТИ

Во текот на 2027 година се планира подготовка на посебни програмски содржини по повод значајни државни празници, културни и музички настани и датуми од поширок општествен интерес.

За Илинден, 8 Септември, Нова година и други значајни датуми ќе се подготвуваат тематски програмски блокови со соодветна музика, авторски текстови, гости, кратки прилози и специјални изданија на постојните емисии.

Се предвидува и реализација на тематски денови на Радио 2, во кои повеќе содржини во текот на денот ќе бидат поврзани со една заедничка тема: македонска музика, определена музичка декада, значаен автор или изведувач, градска култура или актуелен културен настан.

5. ПРОГРАМСКИ ПРИОРИТЕТИ НА МРА 2 ВО 2027 ГОДИНА

Континуираната поддршка на македонските автори и изведувачи останува една од важните програмски определби на Радио 2. Покрај застапеноста на домашната музика во редовната програма, ќе се создава простор за претставување нови композиции, албуми, концерти и музички проекти, како и за гостувања на домашни изведувачи.

„Радио 2 во живо“ дополнително ќе овозможи домашните музичари не само да бидат претставени, туку и да настапуваат во живо, со што Радио 2 ќе создава сопствена музичка продукција и архивска вредност.

6. ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

6.1 ДИГИТАЛНО ПРИСУСТВО И ПРОМОЦИЈА

Во 2027 година се предлага засилување на присуството и препознатливоста на програмските содржини на Радио 2 и надвор од класичното радио емитување.

Ќе се поттикнува редовна подготовка на визуелни најави, фотографии и кратки аудио и видео содржини од гостувања, студиски моменти и специјални програмски проекти, наменети за соодветните дигитални канали и социјални мрежи, во согласност со можностите и правилата на МРТ.

Особен потенцијал за ваква промоција има „Радио 2 во живо“, од чии настапи може да се создаваат кратки промотивни содржини, во согласност со продукциските, техничките и авторско-правните услови.

6.2 ТЕХНИЧКО И СТУДИСКО ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ

За понатамошен развој на програмата потребно е постепено техничко осовременување на Радио 2 и подобрување на функционалноста и изгледот на студискиот простор.

Современата радио-продукција бара сигурна и квалитетна техника, но и студио кое овозможува реализација на различни формати – од контактни емисии и гостувања до музички настапи во живо и создавање содржини за дигиталните платформи.

Во рамките на расположливите можности ќе се предлагаат подобрувања на опремата, работните услови и визуелното уредување на студиото, со цел поквалитетна продукција и посовремено претставување на Радио 2.

7. КЛУЧНИ НАСОКИ ЗА МРА 2 ЗА 2027 ГОДИНА

7.1 ОРГАНИЗАЦИЈА И КООРДИНАЦИЈА НА РАБОТАТА

Во текот на 2027 година ќе се продолжи со подобрување на организацијата на работата, јасното дефинирање на програмските задолженија и подобрата координација меѓу новинарите, водителите, музичката редакција, техничките служби и останатите учесници во реализацијата на програмата.

Целта е рационално користење на постојните човечки и технички ресурси, навремена подготовка на програмските содржини, поголема одговорност и иницијативност и поефикасна реализација на програмските задачи.

7.2 ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- зачувување на континуитетот на препознатливите програмски содржини и нивно постепено унапредување;

- воведување три нови и меѓусебно различни програмски формати;
- збогатување на вечерната и ноќната програма;
- создавање повеќе сопствена авторска и музичка продукција;
- поголема видливост и поддршка на македонските музичари и автори;
- поголема интеракција и поврзаност со слушателите;
- посилно дигитално присуство и промоција на програмата;
- постепено техничко и визуелно осовременување на студискиот простор;
- подобра организација и координација во реализацијата на програмата.

8. ЗАКЛУЧОК

Предлог-програмата за 2027 година се темели на континуитет, освежување и реално остварлив развој. Целта не е промена на препознатливиот карактер на Радио 2, туку негово надградување со нови авторски содржини, современи музички формати, живи настапи, квалитетни соговорници и поголема присутност на програмата и надвор од класичниот радио приемник.

Радио 2 треба да остане блиску до својата постојна публика, а истовремено да отвора простор за нови слушатели, нови идеи и современ начин на доживување на радиото.

МАКЕДОНСКО РАДИО
ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК)

ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Себахат Нухиу

1. ВОВЕД

МРА 3-програма на албански јазик, како дел од Третиот програмски сервис на ЈРП МРТ, има значајна улога во исполнувањето на мисијата на јавниот сервис за информирање, едукација и промовирање на културата, како и во обезбедувањето корисни, професионални и квалитетни содржини за јавноста на албански јазик.

Преку својата програма, Третиот програмски сервис МРА 3 има за цел да биде отворен простор за точно и објективно информирање, дебата, култура, образование, музика, забава и обработка на важни прашања поврзани со животот и интересите на граѓаните. Програмата за работа за 2027 година има за цел натамошно унапредување на уредувачкиот квалитет, зголемување на професионалноста во подготовката и обработката на темите, развивање нови програмски формати и воспоставување подиректна комуникација со слушателите. Посебно внимание ќе биде посветено на актуелните случувања, општествените, културните, образовните и економските прашања, како и на медиумската писменост и информирањето на јавноста.

Во насока на остварување на поставените цели, во периодот од септември до декември 2026 година започнавме да реализираме отворена утринска, попладневна и ноќна програма. Со тоа се збогатува програмската понуда и се создаваат нови можности за непосредна комуникација со слушателите. Поднесено е и барање за обезбедување официјален телефонски број за интеракција со публиката. Во текот на 2027 година се планира постепено унапредување на овие програмски целини, како и поорганизирано дигитално присуство и развој на нови форми на комуникација со слушателите.

„Медиумите на јавниот сервис имаат важна улога во гарантирањето на основното право на слобода на изразување и информирање, овозможувајќи им на луѓето да бараат и да добиваат информации, како и промовирајќи ги вредностите на демократијата, различноста и општествената кохезија.“ *(Council of Europe Campaign for the Safety of Journalists, 2018)*

2. ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ТПС на МРА 3, Радио Скопје во моментов функционира со структура од вкупно 23 новинари и 4 ангажирани соработници со хонорарен ангажман. Организациската и програмската структура е поделена во неколку главни области на работа, со цел покривање на различните програмски и уредувачки потреби.

Во рамките на организацијата на редакциите, МРА 3 Радио Скопје функционира преку Информативната редакција, Културната редакција и Редакцијата за рекреативно-забавна програма. Оваа поделба овозможува подготовка и реализација на различни содржини, обезбедувајќи поразновидна и посеопфатна програма за слушателите.

Во постојната структура се ангажирани уредници и новинари, распоредени во соодветните редакции согласно потребите и програмските области. Ангажирани се двајца програмски уредници, од кои едниот е задолжен за културните содржини, а другиот работи во Редакцијата за рекреативно-забавна програма.

Имајќи ја предвид потребата од јасно утврдување на уредничката одговорност, се наметнува потребата од именување уредник на информативната програма, согласно важечките правилници и внатрешните акти на институцијата. Со ова ќе се обезбеди јасна надлежност во процесот на уредување, координација и одобрување на информативните содржини, како и прецизно дефинирање на одговорностите за нивната подготовка и емитување.

Во рамките на овој сервис се емитуваат вкупно 14 емисии, кои опфаќаат различни тематски области и се реализираат во претпладневниот и попладневниот период. Овие емисии, поделени според соодветните редакции, ќе бидат презентирани и дополнително објаснети во продолжение.

Сите емисии опфатени во програмата на МРА 3 Радио Скопје се авторски продукции, реализирани и произведени од страна на нашите редакции.

ИНФОРМАТИВНАТА РЕДАКЦИЈА претставува еден од главните столбови на програмата, со фокус на следење на актуелните случувања и обезбедување брзи, точни и професионални информации. Во рамките на редовната програмска шема се предвидени три дневни информативни изданија (дневници), кои ќе се емитуваат во 09:00, 16:00 и 21:00 часот, вести во 07:00, 10:00 и 18:00 часот, како и флеш вести во 24:00 часот.

„Актуелности“ е емисија чија цел е да ги сумира и обработи најзначајните случувања во текот на неделата. Емисијата се емитува секој петок од 17:00 до 17:20 часот. Преку вести, анализи, интервјуа и разговори со гости, емисијата им овозможува на слушателите сеопфатен преглед на настаните и темите што ја обележуваат неделата.

„Без граници“ се емитува секој четврток од 16:30 до 17:30 часот, и претставува формат чија цел е да создаде заеднички медиумски простор меѓу Тирана, Приштина, Скопје и Црна Гора. Емисијата обработува актуелни случувања и теми, интервјуа и различни гледишта од овие центри, придонесувајќи кон зајакнување на комуникацијата и медиумската соработка во албанскиот јазичен простор.

КУЛТУРНО-ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА, содржи богата и разновидна програма, чија цел е да ги промовира културните вредности, традицијата, знаењето, творештвото и улогата на жената во општеството. Преку посебен избор на емисии, јавноста има можност да следи теми, личности и настани кои го збогатуваат културниот и интелектуалниот живот.

Во рамките на својата програма, Културната редакција ги реализира следните емисии:

„Нашата ризница“ секоја среда, од 17:00 до 17:30 часот. Простор посветен на нашето културно богатство, традицијата и наследството, со ставање акцент на вредностите што се зачувуваат и пренесуваат од генерација на генерација.

„Културен мозаик“ секој петок од 09:30 до 10:00 часот. Мозаик од теми и настани од културниот, уметничкиот, општествениот и театарскиот живот, како и од кинематографијата, кој пред публиката ги претставува различните бои и димензии на културата.

„Отворен микрофон“ секој петок, од 09:30 до 10:00 часот. Отворен форум за идеи, мислења и дискусии, во кој гласот на граѓаните и на актерите од јавниот живот го добива заслужениот простор.

„Нејзиниот глас“ секој понеделник, од 17:00 до 17:30 часот. Емисија посветена на жената, нејзиниот придонес, успеси и предизвици, преку која во фокус се стават инспиративни приказни и истакнати личности.

„Хоризонти на знаењето“ секоја сабота од 09:30 до 10:00 часот. Едукативен и информативен простор чија цел е проширување на хоризонтите на знаењето и поттикнување на љубопитноста, културата и континуираното образование на публиката.

„Образование“ секој вторник, од 09:30 до 10:00 часот. Емисија која ги обработува најзначајните случувања и прашања поврзани со образованието, воспитувањето и формирањето на младите генерации.

Редакција за економија и претприемништво, економската редакција ги обработува најзначајните економски случувања и прашања, обезбедувајќи им на слушателите корисни и разбирливи информации за пазарот, бизнисот, економскиот развој и современите предизвици.

„Економија и пазар“ секој вторник, од 17:00 до 17:30 часот. Информативна и аналитичка емисија која во фокус ги става актуелните случувања во економијата и на пазарот.

Во летниот период, емисијата добива сезонски карактер и се реализира со нов наслов „Економија и туризам“, при што посебно внимание се посветува на развојот на туристичкиот сектор, туристичките потенцијали, сезонската економија и можностите што ги нуди оваа област за економски развој.

ЗАБАВНО-РЕКРЕАТИВНА ПРОГРАМА, во рамките на оваа програма, за 2027 година се предвидува проширување на проектот **„Фати го денот со нас“**, кој во текот на изминатата година се реализираше секоја среда.

Врз основа на досегашното искуство и интересот на слушателите, програмата ќе се реализира пет дена во неделата, со двајца водители, со што ќе се внесе нова динамика, актуелни теми од различни области, гости и посебни рубрики. Во фокусот ќе биде директната интеракција со слушателите, со цел програмата да биде поблиску до нив, позабавна, подинамична и да стане неизоставен дел од нивните утрински навики. Во рамките на оваа редакција се реализираат програми наменети за различни категории и интереси на публиката:

„Цвет до цвет“ детска емисија која се емитува секоја недела, од 09:30 до 10:00 часот, со забавни, едукативни и креативни содржини наменети за најмладите.

„Спортски викенд“ секоја недела, од 17:00 до 17:30 часот. Простор посветен на спортот, резултатите, настаните и најзначајните спортски случувања и актуелности.

МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА, разновидна и инклузивна програма, при што во својата основа ја зачувува традицијата и вредностите на квалитетната албанска музика. Преку внимателен музички избор, радиото во етерот носи звуци кои ги спојуваат традицијата, носталгијата и современите музички тенденции.

Во програмата се застапени емисиите **„Звуци на срцето“**, **„Носталгија на албанската музика“**, **„Ритам на градската песна“**, како и посебни музички блокови посветени на џез и поп-музиката. На овој начин се создава богата и разновидна музика, прилагодена на различните вкусови и интересите на слушателите. Исто така секоја сабота од 17:00 до 17:45 минути се емитува неделната емисија „Од опусот на музичката класика“.

3. ВИЗИЈА И МИСИЈА

Визијата на МРА 3 Радио Скопје е да биде доверлив јавен медиум кој информира точно и навремено, ја промовира културата и образованието и создава простор за комуникација и интеракција со граѓаните.

Мисијата е да обезбедува квалитетни информативни, културни, едукативни и забавни содржини, почитувајќи ги професионалните новинарски стандарди, јавниот интерес и мисијата на јавниот сервис.

4. ГЛАВНИ ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ ЗА 2027 ГОДИНА

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНФОРМАТИВНАТА ПРОГРАМА

- Зајакнување на информативната програма и континуирано унапредување на квалитетот на програмските содржини.
- Натамошно развивање и унапредување на утринската, попладневната и ноќната програма, кои веќе започнаа со реализација.
- Зголемување на содржините наменети за младите и поголема застапеност на нивните ставови, интереси и гласови во програмата.
- Зајакнување на присуството на интернет и на социјалните мрежи преку редовно објавување програмски најави, аудио- и видеосодржини, интервјуа, извадоци од емисиите и информации за актуелните програмски активности.
- Зголемување на комуникацијата и интеракцијата со слушателите преку телефонски повици, СМС-пораки и апликациите Viber и WhatsApp, по обезбедување на потребните технички услови.
- Утврдување конкретни активности, рокови, одговорни лица, потребен кадар, финансиски средства и мерливи показатели за следење на реализацијата на планираните програмски проекти.

5. РАДИО СКОПЈЕ И МЛАДИТЕ ВО 2027 ГОДИНА

Една од програмските определби за 2027 година е создавање поголем простор за младите, нивните интереси, ставови и теми. Програмата треба да овозможи младите да бидат присутни не само како публика, туку и како активни учесници во креирањето на содржините.

Во овој контекст, започна реализацијата на ноќната програма, која ќе се реализира до јуни со музички, забавни, тематски и интерактивни содржини. Во текот на 2027 година, програмата ќе се развива постепено, со цел да се зголеми интересот на младата публика и да се создаде простор за нејзино поактивно учество.

Целта е младите да не бидат само слушатели, туку и соговорници и активни учесници во програмата, преку предлагање теми, музика и различни содржини.

6. ГЛАВНИ ПРОЕКТИ НА РАДИО СКОПЈЕ ЗА 2027 ГОДИНА

Во рамките на програмскиот развој за 2027 година се предвидуваат активности поврзани со: радиото во живо, подкастите, дигиталниот архив, младинската програма, образовните, културните и спортските содржини, како и комуникацијата со редакцијата и слушателите.

Целта за проширување на емитувањето од 17 на 24 часа дневно, седум дена во неделата, останува долгорочна програмска определба. За да се утврдат реалните можности и динамиката на нејзината реализација, потребно е во соработка со надлежните органи и служби да се разгледа актуелната состојба на постапката и да се дефинираат можните фази на постепено проширување.

Од јануари 2027 година се планира постепено воведување и развивање на интеракцијата со слушателите преку телефонски повици, СМС-пораки и апликациите Viber и WhatsApp, во зависност од обезбедувањето официјален телефонски број и потребните технички услови. Преку овие канали ќе се овозможи слушателите да предлагаат теми, да поставуваат прашања и да учествуваат во избрани програмски содржини. Повратните информации, бројот на примени повици и пораки и нивното вклучување во програмата ќе се користат како почетни показатели за следење на интересот и ангажираноста на публиката. Овие показатели ќе дадат појасна слика за интеракцијата со слушателите, но сами по себе нема да претставуваат целосна мерка за вкупната слушаност.

За поорганизирано присуство на МРА 3 Радио Скопје на социјалните мрежи, се предлага ангажирање хонорарен соработник со соодветни ИТ и дигитални вештини, во согласност со процедурите и можностите на институцијата. Од јануари 2027 година се предлага постепено започнување со редовни објави, програмски најави, кратки аудио- и видеосодржини, интервјуа и извадоци од емисиите, во зависност од одобрувањето и обезбедените ресурси.

Конкретните цели и одговорности ќе се утврдат по разгледување на кадровските, техничките и финансиските можности.

7. ЗАКЛУЧОК

Целта на Третиот програмски сервис на МРА 3 „Радио Скопје" на албански јазик е постепено унапредување и проширување на постојната програмска понуда.

Во таа насока, започна реализацијата на утринската, попладневната и ноќната програма, а преземени се и активности за унапредување на комуникацијата со слушателите. Во 2027 година се предлага постепено развивање на интерактивните канали, поорганизирано дигитално присуство и подготовка на нови програмски и дигитални формати.

Предложените активности се дел од годишното програмско планирање и ќе се реализираат постепено, во согласност со програмските приоритети, расположливите ресурси и соодветното одобрување од надлежните органи.

На овој начин, МРА 3 Радио Скопје има цел да продолжи да се развива како современ мултимедијален јавен медиум, во кој радиото, подкастите и социјалните мрежи ќе се надополнуваат во комуникацијата со јавноста.

МАКЕДОНСКО РАДИО
ЧЕТВРТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС

УРЕДНИК НА РЕДАКЦИЈА, културно-образовна редакција на турски јазик: Суна Ќерим

1. ВОВЕД

Четвртиот програмски сервис на Македонското радио, кој опфаќа Програма на турски јазик и редакции на ромски, влашки, српски и босански јазик, претставува значаен дел од програмската понуда на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радио-телевизија.

Основна цел на сервисот е обезбедување квалитетни, разновидни и професионално реализирани програмски содржини наменети за припадниците на заедниците кои ги зборуваат овие јазици, со почитување на принципите на јавниот радиодифузен сервис.

Предлог-програмата за работа за 2027 година е конципирана со цел да обезбеди континуитет на постојните програмски содржини, но и нивно понатамошно унапредување преку зголемување на сопственото производство, емисиите во живо, контактните емисии и специјализираните содржини.

Програмата ќе се реализира во согласност со важечката законска регулатива од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и со професионалните и етичките стандарди на јавниот радиодифузен сервис.

2. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРА 4

Во 2027 година Четвртиот програмски сервис ќе се стреми кон:

- навремено, точно и професионално информирање;
- обезбедување разновидни програмски содржини;
- зголемување на сопственото радио производство;
- поголема застапеност на емисиите во живо;
- развивање на интерактивни форми на комуникација со слушателите;
- афирмирање на културата, јазикот, традицијата и историското наследство;
- следење на образовните процеси и состојбите во образованието;
- отворање простор за младите и децата;
- афирмирање на граѓанското општество;
- следење на економските, социјалните и политичките процеси;
- развивање на музичката и забавната програма;
- покривање на значајните настани од интерес за заедниците;
- негување на меѓукултурниот дијалог и општествената кохезија.

ПРОГРАМА НА ТУРСКИ ЈАЗИК

Програмата на турски јазик и во 2027 година ќе продолжи да биде насочена кон потребите и интересите на турската заедница во Република Северна Македонија.

Посебен акцент ќе биде ставен на актуелните политички, економски, културни, образовни и општествени прашања, како и на настаните од непосреден интерес за турската заедница.

Програмата ќе овозможи простор за информирање, анализа, интервјуа, разговори со соговорници, теренски прилози, културни и образовни содржини, музичка програма и директна комуникација со слушателите.

ИНФОРМАТИВНО-ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА

„ВЕСТИ“

Информативна емисија со најважните домашни и меѓународни настани.

Емитување: секој ден во 11:00 часот, во траење од 10 до 15 минути.

„ДНЕВНИК – АКТУЕЛНИ НАСТАНИ“

Дневна информативна емисија со најважните вести, изјави, интервјуа и прилози од земјата и светот.

Емитување: секој ден од 14:00 часот.

„ПОЛИТИЧКИ СМЕРНИЦИ“

Аналитичка и дебатна емисија за актуелните политички процеси во земјата, со учество на политичари, аналитичари, експерти и други релевантни соговорници.

Емитување: секој понеделник од 12:00 часот, 50 минути, во живо.

„ОД СВЕТОТ НА ВЕРУВАЊЕТО“

Емисија посветена на религиозните теми, верскиот живот, теолошките размислувања и значајните настани од религиозниот свет.

Емитување: секој четврток од 12:00 часот, 60 минути, во живо.

„ОТВОРЕН МИКРОФОН“

Дебатна емисија со актуелни теми и гости од различни области, со можност за директно учество на слушателите.

Емитување: секоја сабота од 12:00 часот, 60 минути.

КУЛТУРНО-ОБРАЗОВНА РЕДАКЦИЈА

„ОБРАЗОВАНИЕ, ВОСПИТУВАЊЕ И НАСТАВА“

Актуелности од образованието, воспитанието и наставата, како и соработката меѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на образованието.

Емитување: секој вторник од 12:00 часот, 30 до 40 минути.

„ПРИМЕРИ ОД КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО“

Емисија посветена на материјалното и нематеријалното културно наследство, традицијата и културните вредности.

Емитување: секоја среда од 12:10 часот, 20 минути.

„НА ДЕНЕШЕН ДЕН ВО ИСТОРИЈАТА“

Кратка историска емисија посветена на значајни настани, личности и датуми.

Емитување: од понеделник до петок во 15:00 часот, 5 до 10 минути.

„ОДЈЕК ОД ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО“

Следење на активностите на невладините организации, граѓанскиот сектор и нивната соработка со институции и организации од Република Турција.

Емитување: секоја среда од 11:40 часот, 10 до 20 минути.

ЗАБАВНО-МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА

„МУЗИКА И РАЗГОВОРИ“

Музичко-разговорна емисија со гости од светот на културата, уметноста и музиката, интервјуа и презентација на нови музички содржини.

Емитување: секоја недела од 14:30 часот, 60 минути.

„ФОЛКЛОРНА МУЗИКА“

Емисија со традиционална и фолклорна музика, со посебен акцент на зачувувањето и афирмацијата на музичкото наследство.

Емитување: согласно програмската шема.

„СЕРИОЗНА МУЗИКА“

Презентирање дела од класичната и сериозната музика, композитори и изведувачи.

Емитување: согласно програмската шема.

„ТОП 10“

Контактна музичка емисија во која слушателите учествуваат во изборот на песната на неделата.

Емитување: секоја сабота од 14:30 часот, 60 минути.

СПЕЦИЈАЛНИ ПРОГРАМИ ВО 2027 ГОДИНА

Во текот на 2027 година ќе се реализираат специјални емисии, директни вклучувања и теренски известувања по повод значајни настани од интерес за турската заедница.

Планирано е програмско следење на:

- 13 март – одбележување на Денот на дипломирањето на Мустафа Кемал Ататурк во Битола;
- 23 април – Меѓународниот ден на детето;
- 4–7 мај – Меѓународниот пролетен фестивал „Хидирелез“ во Валандово, село Чалакли;
- 19 мај – Денот на младоста и Денот на Ататурк;
- крајот на јули и почетокот на август – фестивалот „Турците од Источна Македонија“ во Радовиш, село Тополница;
- 21 декември – Денот на турската настава и образование во Република Северна Македонија.

Покрај наведените датуми, програмата ќе ги следи и другите значајни културни, образовни, верски, спортски и општествени настани што ќе се реализираат во текот на 2027 година.

ВЕРСКИ ПРАЗНИЦИ

Програмата ќе продолжи со посебно одбележување на значајните верски празници, особено Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам.

По повод празниците ќе се реализираат специјални емисии, разговори со верски лица, соговорници и претставници на заедницата, како и соодветна музичка програма.

РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК

Во рамките на Редакцијата на ромски јазик, емисијата „Вести и други содржини“ е информативна емисија со вести и други актуелни содржини од земјата и светот, со посебен акцент на теми од интерес за ромската заедница, сопствено производство, која се емитува секој ден од 18:00 часот, во траење од 30 минути. „Рубрики од различни области“ се разновидни програмски рубрики посветени на музиката, културата, образованието, детската програма, традицијата и други теми од интерес за слушателите, сопствено производство, кои се емитуваат секој ден, со различна рубрика. **„Изворна музика“** претставува избор и емитување на изворна и традиционална музика, со цел зачувување, негување и афирмација на музичкото наследство, и се емитува секој ден. „Одбележување на празници и значајни датуми“ опфаќа специјални програмски содржини посветени на државни, национални, културни, верски и други значајни празници и датуми од интерес за ромската заедница, сопствено производство, а се емитуваат согласно календарот на празници и значајни настани.

РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК

Во рамките на Редакцијата на влашки јазик, емисијата **„Вести и други содржини“** е информативна емисија со вести и други актуелни содржини од земјата и светот, со посебен акцент на теми од интерес за влашката заедница, сопствено производство, која се емитува секој ден од 19:00 часот, во траење од 30 минути. **„Рубрики од различни области“** се разновидни програмски рубрики посветени на музиката, културата, образованието, детската програма, традицијата и други теми од интерес за слушателите, а рубриките опфаќаат и разговори со гости и соговорници, сопствено производство, кои се емитуваат секој ден, со различна рубрика. **„Изворна музика“** претставува избор и емитување на изворна и традиционална музика, со цел зачувување, негување и афирмација на влашкото музичко и културно наследство, при што содржините се реализираат како сопствено производство или се обезбедуваат по пат на отстапување, и се емитуваат секој ден. **„Одбележување на празници и значајни датуми“** опфаќа специјални програмски содржини посветени на празниците и значајните датуми за влашката

заедница, како и следење на меѓународни фестивали, културни манифестации и други настани поврзани со негувањето и афирмацијата на влашкиот јазик, традицијата и културното наследство.

РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК

Во рамките на Редакцијата на српски јазик, емисијата **„Вести и други содржини“** е информативна емисија со вести и други актуелни содржини од земјата и светот, со посебен акцент на теми од интерес за српската заедница, сопствено производство, која се емитува секој ден од 19:30 часот, во траење од 30 минути. **„Емисии и репортажи од различни области“** се редовни емисии, прилози и репортажи од областа на културата, детската програма, традицијата, политиката, образованието, општествениот живот и други актуелни теми од интерес за слушателите, сопствено производство, кои се емитуваат секој ден. **„Изворна музика“** претставува избор и емитување на изворна и традиционална музика, како дел од негувањето и афирмацијата на музичкото наследство, при што содржините се реализираат како сопствено производство или се обезбедуваат по пат на отстапување, и се емитуваат секој ден. **„Одбележување на празници и значајни датуми**“ опфаќа специјални програмски содржини посветени на државни, национални, културни, верски и други значајни празници и датуми од интерес за српската заедница, сопствено производство, а се емитуваат согласно календарот на празници и значајни настани.

РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК

Во рамките на Редакцијата на босански јазик, емисијата **„Вести и други содржини“** е информативна емисија со вести и други актуелни содржини од земјата и светот, со посебен акцент на теми од интерес за бошњачката заедница, сопствено производство, која се емитува секој ден од 20:30 часот, во траење од 30 минути. **„Рубрики од различни области“** се разновидни програмски рубрики посветени на музиката, културата, образованието, детската програма, традицијата и други актуелни теми, со разговори со гости и соговорници, сопствено производство, кои се емитуваат секој ден, со различна рубрика. **„Изворна музика**“ претставува избор и емитување на изворна и традиционална музика, со цел зачувување и афирмирање на музичкото и културното наследство, при што содржините се реализираат како сопствено производство или се обезбедуваат по пат на отстапување, и се емитуваат секој ден. **„Одбележување на празници и значајни датуми“** опфаќа специјални програмски содржини посветени на празниците и значајните датуми за бошњачката заедница, како и следење на меѓународни фестивали, културни манифестации и други настани поврзани со негувањето и афирмацијата на босанскиот јазик, традицијата и културното наследство.

3. ПРОЕКТЕН ПРИСТАП ВО КРЕИРАЊЕТО СОДРЖИНИ

3.1 ПРОГРАМСКИ РАЗВОЈ ВО 2027 ГОДИНА

Во рамките на работата во 2027 година се предлага постепено унапредување на Четвртиот програмски сервис преку:

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОПСТВЕНОТО ПРОИЗВОДСТВО

Поголем број авторски емисии, прилози, интервјуа и теренски содржини. Поголем број емисии во живо особено во информативната, политичката, младинската и контактната програма.

ЗГОЛЕМЕНО ТЕРЕНСКО ПРИСУСТВО

Следење на настани во општините и средините во кои живеат припадници на турската и другите немнозински заедници.

РАЗВОЈ НА МЛАДИНСКАТА И ДЕТСКАТА ПРОГРАМА

Создавање простор за младите и децата како активни учесници во програмата, а не само како слушатели.

КУЛТУРНА АФИРМАЦИЈА

Поголемо присуство на културните настани, традицијата, фолклорот, литературата, музиката и културното наследство.

ИНТЕРАКТИВНОСТ

Развивање на контактни емисии и други форми на непосредна комуникација со слушателите.

3.2 КАДРОВСКИ ПОТРЕБИ

За целосна реализација на предложената програмска шема неопходно е да се обезбедат соодветни кадровски услови.

Особено се укажува на потребата од дополнителен ангажман на:

- новинари;
- водители;
- музички уредници;
- новинари за теренско известување.

Недостатокот на доволен број извршители директно влијае врз можноста за зголемување на сопственото производство, реализација на програмите во живо, теренско известување и покривање на настани во повеќе градови.

Поради тоа, обезбедувањето дополнителен кадровски потенцијал треба да претставува една од приоритетните мерки за реализација на Програмата за работа за 2027 година.

4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализацијата на предложената програма се очекува:

- зголемување на обемот и квалитетот на сопственото производство;
- подобро информирање на слушателите;
- поголема застапеност на теми од непосреден интерес за заедниците;
- зголемена интерактивност;
- поголема видливост на културните и образовните активности;
- унапредување на квалитетот на програмата;
- поголема препознатливост на Четвртиот програмски сервис во рамките на јавниот радиодифузен сервис.

5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Предложената Програма за работа за 2027 година претставува основа за продолжување и унапредување на работата на Четвртиот програмски сервис на Македонското радио.

Преку разновидната информативна, документарна, културно-образовна, младинска, детска, спортска, музичка и забавна програма ќе се обезбеди содржина што одговара на потребите и интересите на слушателите од турската и другите немнозински заедници.

Посебен приоритет во 2027 година ќе биде зголемувањето на сопственото производство, развојот на програмите во живо, теренското известување и создавањето интерактивна и современа радио-програма.

За остварување на поставените цели потребно е обезбедување соодветни кадровски, технички и финансиски услови.

МАКЕДОНСКО РАДИО
ПРОГРАМСКИ СЕРВИС ПРЕКУ САТЕЛИТ И ПОСЕБНИ РАДИО-ПРОГРАМИ – РАДИО МАКЕДОНИЈА

ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Јошко Бошковски

1. ВОВЕД

Радио програмски сервис - САТ на МРА 5 – Радио Македонија има три сегменти:

Програма за соседните земји и Европа на странски јазици (бугарски, грчки, албански, српски). Оваа програма е информативно-политичка со акцент на актуелните случувања во РСМ, со прилози на различни теми кои ја афирмираат Македонија.

Програма Глас од татковината - за иселениците и граѓаните на РСМ во соседните земји, во Европа и на другите континенти (дијаспора). Оваа програма со сопствена оригинална продукција има врвен приоритет да ги информира нашите иселеници. Основна мисија: Мост меѓу татковината и дијаспората.

Сателитската програма на Македонското радио се емитува секој ден во неделата со избор на содржини од програмските сервиси на Македонско радио.

2. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ЈАВНА ВРЕДНОСТ

Тенденцијата на годинашнава програма е да се направи уште попривлечна, со што ќе се доближиме до помладите генерации на македонски иселеници, Македонците што живеат во соседните земји и меѓународната заедница, која се потпира на Гласот од татковината за сеопфатни информации во реално време за нашата земја и секојдневниот живот, доставени на странски јазици со која програма ја правиме МРТ единствена во медиумскиот простор во Македонија. Секако, целата програмска содржина е исполнета со 100% домашна музика од најразлични жанрови.

3. НОВА ПРОГРАМСКА СТРАТЕГИЈА НА МРА 5

Подолу се наведени програмските содржини кои ќе се емитуваат во 2027 година на Сателитскиот програмски сервис на Македонското радио во согласност со член 3, точка 26 и точка 26а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3.1 ПРОГРАМСКИ СЕРВИС РАДИО МАКЕДОНИЈА

Програма за соседните земји и Европа на странски јазици (бугарски, грчки, албански, српски)

ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА

Емисијата „Вести“ на бугарски јазик трае 30 минути, се емитува во целогодишна динамика и е предвидена во термин 20:00 часот, во живо или снимено (во недостаток на кадар се реемитуваат стари прилози). Емисијата „Вести“ на грчки јазик, исто така во траење од 30 минути и во целогодишна динамика, се емитува во термин 20:30 часот, во живо или снимено (во недостаток на кадар се реемитуваат стари прилози). Емисијата „Вести“ на албански јазик, во траење од 30 минути и во целогодишна динамика, се емитува во термин 21:00 часот, во живо или снимено, а во недостаток на кадар се реемитуваат стари прилози од Редакцијата на немнозинските заедници на третиот сервис – програма на албански јазик. Емисијата „Вести“ на српски јазик, во траење од 3 минути и во целогодишна динамика, се емитува во термин 21:30 часот, во живо или снимено, а во недостаток на кадар се реемитуваат прилози од Редакцијата на немнозиските заедници на третиот сервис – програма на српски јазик.

РЕДАКЦИЈА ГЛАС ОД ТАТКОВИНАТА

Емисијата „Глас од татковината“, во траење од 210 минути и во целогодишна динамика, е емисија со соговорници на теми преку кои се афирмираат македонските вредности од сите области, со вклучувања на слушатели од земјата и дијаспората. Во понеделник, од 22:30 до 02:00 часот, во живо со водителска реализација, изданието е посветено на афирмација на музичките, религиозните и

успесите на младите автори и научници, при што најголемиот дел од разговорите се истражувачки во смисла на историските корени на музиката и религијата.

Во вторник, од 22:30 до 02:00 часот, во живо со водителска реализација, гостуваат луѓе од областа на театарот, туризмот и спортот, а покрај афирмацијата на актуелните успеси, водителот има обврска да ги истражува историските корени на македонскиот театар, археолошките вредности на Македонија и историјата на спортот.

Во среда, од 22:30 до 02:00 часот, во живо со водителска реализација, се истражува македонската литература, каде што се поканuваат успешни автори и научници да зборуваат за вредностите на македонскиот јазик и неговите корени.

Во четврток, од 22:30 до 02:00 часот, во живо со водителска реализација, се презентираат музичките вредности кај нас со еминентни гости инструменталисти и естрадни уметници.

Во петок, од 22:30 до 02:00 часот, снимена, се емитува викенд-програма – реемитување, односно избор на најзначајните програмски содржини од нашата фонодокументација.

Во сабота, од 20:00 до 02:00 часот, повторно се емитува викенд-програма со реемитување и избор на најзначајните програмски содржини од фонодокументацијата. Во недела, од 20:00 до 02:00 часот, истата викенд-програма продолжува со реемитување и избор на најзначајните програмски содржини од фонодокументацијата.


3.2 САТЕЛИТСКА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО

Сателитската програма трае 14 часа и 30 минути, се емитува во целогодишна динамика и претставува избор на програми од сервисите на Македонското радио.

Бр.02-5854/3
30.10.2026 год.

Давор Пашоски

Претседател на
Програмски совет на МРТ



ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

Финансиски план за 2027 година

Предлог до Надзорниот одбор и Програмскиот совет

Скопје, октомври 2026

Содржина

Резиме за раководството 3

1. Вовед и правна основа 5

2. Методологија на планирање 6

3. План на приходи и извори на финансирање 7

4. План на расходи 9

4.1 Трошоци за вработените 9
4.2 Реформа на моделот на ангажирање на хонорарни соработници 10
4.3 Материјали, енергија и услуги 10
4.4 Програмски права и лиценци 11
4.5 Нови светски формати 11
4.6 Законски и договорни обврски 11
4.7 Останати расходи и наменски проекти 13
4.8 Расходи по организациони единици 13

5. Вработени – број, структура и распоред по сервиси 15

6. Инвестиции – повеќегодишен план 2027–2029 17

7. Усогласеност со Годишната програма за работа 2027 19

8. Законски програмски обврски 21

9. Паричен тек, кредити и обврски од претходни години 22

10. Клучни показатели 24

11. Рамка за следење, контрола и известување 25

Прилог 1. Преглед на вкупните планирани расходи по ставки 26

Прилог 2. Планирани расходи по организациона структура 30

1. Работоводен орган (Директор и Сектор за поддршка) 30
2. Македонско радио 32
3. Македонска телевизија 33
4. Музичка продукција 35
5. Заеднички функции 36
6. Заеднички трошоци на МРТ 38

Резиме за раководството

Финансиски план на ЈРП Македонска радиотелевизија за 2027 година

Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2027 година претставува стратешки документ со кој се обезбедува пресврт кон развој, модернизација и институционална стабилност. Планот е изработен со целосна транспарентност, фискална дисциплина, напуштајќи го принципот на паушално планирање во корист на реални, договорно поддржани трошоци.

Клучни оперативни и содржински иницијативи

- **Програмска ревитализација:** Обезбедени се средства за клучните законски обврски, враќањето на националните фестивалски традиции (ревитализација на „Скопски фестивал“), учеството на „Евровизија 2027“, како и за развој на современи лиценцни забавни формати со доминантна сопствена продукција.
- **Набавка на содржини:** Набавката на програмски содржини и копродукции со независни продуценти се спроведува преку јавни повици и посебен интерен акт донесен од Генералниот директор, согласно чл. 23 од ЗЈН и чл. 105 од ЗААВМУ.

Кадровска политика и демографски предизвици

- **Актуелна состојба:** На почетокот на планскиот период МРТ располага со **569 вработени** (со месечна бруто-маса од 44.198.212 денари и просечна бруто-плата од 77.677 денари), што е под половина од предвидените 1.235 работни места по систематизација.
- **План за 2027:** Преку 63 нови вработувања и 29 планирани пензионирања, бројот на вработени на крајот на 2027 година ќе се стабилизира на **603 лица**.
- **Адресирање на старосниот ризик:** Со просечна возраст од 51 година и само 6 вработени помлади од 30 години, новите кадри се насочуваат кон ТВ продукцијата и контролните функции (ревизија, финансии, правни работи). Паралелно се врши пренос на трајните задачи од хонорарни соработници (максимум 80 лица) кон редовно вработени.

Капитални инвестиции и дигитализација (2027–2029)

Во 2027 година МРТ инвестира **101.620.555 денари** во технологија и објекти (наспроти 60.000.000 денари во 2026 година), структурирани преку тригодишен приоритетен циклус:

- **Сопствени средства за 2027 (68.964.055 денари):** Насочени кон Приоритет 1 за отстранување на директните ризици по емитувањето — замена на интерком системот од 1984 година (18.290.000 денари), санација на покривот и објектите (16.874.000 денари), ИТ мрежа и сајбер-безбедност (8.779.200 денари), чилер за Радиото (9.274.800 денари) и обновување на новинарската опрема.
- **Наменски државни грантови (32.656.500 денари):** Почеток на изградбата на новата **ОТТ платформа** (вкупна вредност од 108.855.000 денари распределени во три години), проект кој не ги оптоварува редовните оперативни средства на МРТ.
- **Индикативен план (2028–2029):** Набавката на камерни ланци, студиски миксери, матрици и мобилна техника е предвидена за следните две години со можност за одложено плаќање на рати.

Ликвидност, долгови и обврски

- **Стабилност на паричниот тек:** Паричните средства остануваат позитивни во сите 12 месеци од 2027 година, со најниска проектирана точка од **176.812.835 денари** во декември.
- **Управување со стари обврски:** Обврските кон добавувачите се намалени од 303.767.822 денари на **222.228.374 денари** (од кои 131.227.678 денари се пред 2026 година). Отворен е процес на спогодбено затворање и проверки, а евентуалните отписи ќе се рефлектираат со ребаланс по потпишувањето.
- **Побарувања:** МРТ очекува прилив од **103.346.204 денари** по вонсудската спогодба со МДТ, наплатливи во две рати (2027 и 2028 година).
- **Сервисирање долгови:** Сите кредитни обврски и спогодби со Министерството за финансии се сервисираат редовно (главнината е прикажана одделно во Извештајот за парични текови).

Контрола и следење на извршувањето

1. **Месечно:** Извештај за реализација по позиции во однос на Главната книга, следење на *Cash Flow* и прогнози.
2. **Квартално:** Формално известување до Надзорниот одбор за инвестициите, финансиите и вработувањата.
3. **Дигитализација:** Верувајќи во модерно управување, од Q1 2027 се планира воведување на интерактивна табла (**Power BI**) за следење на извршувањето.

Заклучок

Уделот на инвестициите во приходите бележи раст од **3,9% на 6,0%**, потврдувајќи ја развојната компонента на планот. Иако високата зависност од јавните извори останува структурен предизвик за среднорочниот период, Финансискиот план за 2027 година обезбедува целосна оперативна функционалност, финансиска дисциплина и јасна визија за техничко-технолошка поставеност на јавниот сервис.

1. Вовед и правна основа

ЈРП Македонска радио-телевизија претставува јавен радиодифузен сервис чија примарна улога е креирање и емитување квалитетна радио, телевизиска и дигитална програма во јавен интерес, на македонски јазик и на јазиците на заедниците. Финансискиот план претставува составен дел од Годишната програма за работа за 2027 година и ги обезбедува неопходните финансиски средства за нејзино непречено извршување.

Правна основа

Согласно член 105 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23), основната дејност на МРТ се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 1% од остварените даночни приходи според последната усвоена завршна сметка. Од овие средства, 80% се наменети за МРТ, 15% за Македонска радиодифузија (МРД), додека 5% се определени за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ). Овој план се донесува во согласност со важечките законски прописи и Статутот на МРТ, по што се доставува до Собранието на Република Северна Македонија заедно со Годишната програма за работа.

Контекст

По укинувањето на радиодифузната такса во 2017 година, МРТ стана речиси целосно зависна од буџетското финансирање. Во периодот од 2017 до 2023 година, законски предвидените средства не беа целосно доделувани, што резултираше со технолошка застареност, кадровски одлив и притисок врз тековната ликвидност. Со законските измени и склучувањето на вонсудската спогодба со Министерството за дигитална трансформација, создадена е нова, стабилна финансиска основа која овозможува долгорочен развој и санација на системот.

Стратешка рамка

Финансискиот план претставува прва годишна фаза од имплементацијата на Стратегијата на МРТ за периодот 2026–2030 година. Со овој план, стратешките приоритети на новата програмска политика – силна и релевантна информативна програма, збогатена домашна продукција, атрактивни забавни формати, дигитална трансформација и инвестирање во човечките ресурси – добиваат целосна финансиска поддршка и покритие.

2. Методологија на планирање

Финансискиот план е изработен по буџетски позиции директно поврзани со сметките од Главната книга. Ваквата методологија овозможува целосна транспарентност и автоматско месечно следење на реализацијата на секој планиран денар, без потреба од дополнително рачно прегрупирање на податоците.

Начела

- Принцип „Една позиција – една одлука“: Секоја буџетска позиција е дефинирана врз основа на еден конкретен основ за пресметка, еден предмет на јавна набавка и еден одговорен носител.
- Недвосмислена поврзаност: Секоја сметка од Главната книга е доделена на точно една буџетска позиција, со што се елиминира можноста за преклопување.
- Реалистична историска основа: Како база за планирање се користи остварувањето за периодот јануари–септември 2026 година (екстраполирано на годишно ниво), од коешто се исклучени сите еднократни ставки и корекции од претходните години.
- Директно планирање од изворните акти: Сите ставки со дефиниран основ се соодветно димензионирани директно од нивниот примарен извор (трошоците за плати според конкретното работно место, програмските права и лиценци според склучените договори и сезони, набавките според Планот за јавни набавки за 2027 година, а законските обврски според утврдените законски стапки).
- Транспарентно прикажување на новите иницијативи: Сите нови проекти и иницијативи се прикажани одделно — со сопствена финансиска проценка и детално образложение. Ова овозможува јасна дистинкција помеѓу редовното оперативно работење и новите стратешки одлуки на раководството.

Споредливост

Со цел да се зачува компаративноста со претходните планирања, Финансискиот план содржи транзициски мост кон поранешните 29 категории, како и кон Ребалансот 1 за 2026 година. Збирниот преглед на податоците е прикажан по синтетички конта од соодветниот сметковен план, додека целосниот детален преглед по поединечни буџетски позиции е даден во прилогот кон овој документ.

Основа за следење

Финансискиот план е дистрибуиран по месеци врз основа на анализираната сезонска динамика на трошоците од претходни години и претпоставени идни корекции. Ваквиот пристап обезбедува прецизна основа за редовно месечно следење на извршувањето, како и за квалитетно планирање и управување со паричните текови.

3. План на приходи и извори на финансирање

Вкупните приходи за 2027 година се планирани во износ од **1.682.276.930 денари**.

Финансиската структура се карактеризира со висок степен на институционална сигурност: средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија по основ на член 105 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги учествуваат со **91,34%**. Дополнително, со вклучување на средствата од вонсудската спогодба, како и наменските средства од Владата и од Министерството за дигитална трансформација, учеството на јавните извори достигнува **99,09%** од вкупните приходи.

Пристап кон планирањето

Планот на приходи е конзервативен и ригорозно заснован: во него се опфатени исклучиво средства со дефиниран законски, договорен или наменски основ, додека сопствените приходи се конзервативно планирани на ниво на остварувањето од 2026 година.

Извор	План 2027 (денари)	Основ
Буџет на РСМ – 1% од даночните приходи	1.536.591.171	ЗААВМУ чл.105, завршна сметка 2025
Вонсудска спогодба со МДТ – рата 2027	51.673.102	Спогодба за средствата за 2023, рати 2025–2028
Влада на РСМ – наменски средства	55.719.000	ОТТ платформа и „Скопскиот фестивал“
МДТ – наменски проекти	23.000.000	Програмски и техничко-технолошки развој
Продажба на рекламно време	9.416.100	Остварување 2026
Услуги во земјата и странство, закупнини	2.966.700	Остварување 2026
Останати приходи	2.910.857	Остварување 2026
Вкупно	**1.682.276.930**	

3.1. Буџет на РСМ

Како основица за пресметка земени се остварените даночни приходи за 2025 година, кои изнесуваат **192.073.896.427 денари**. Законски утврдениот еден процент (1%) изнесува **1.920.738.964 денари**, од кои 80%, односно **1.536.591.171 денари**, му припаѓаат директно на МРТ. Овој износ претставува зголемување од **113.484.239 денари** во споредба со Финансискиот план за 2026 година (кој изнесуваше 1.423.106.932 денари и се засноваше на завршната сметка за 2024 година).

Ова ново, зголемено финансиско ниво претставува клучна и стабилна основа за планираното кадровско и програмско зајакнување на МРТ во 2027 година.

3.2. Вонсудска спогодба

Вонсудската спогодба склучена со Министерството за дигитална трансформација овозможува постепено надоместување на претходно неисплатените законски средства за 2023 година, во вкупен утврден износ од **235.019.306 денари**.

Во финансиските евиденции и сметководствените планови на МРТ, за наплата преостануваат уште две рати во поединечен износ од по **51.673.102 денари**, кои доспеваат и ќе бидат реализирани во 2027 и 2028 година.

3.3. Наменски средства од Владата

Развојот на новата ОТТ платформа и обновата на традиционалната манифестација „Скопски фестивал“ претставуваат стратешки проекти од посебно национално значење.

Финансиската конструкција за овие проекти е воспоставена во партнерство со Владата на Република Северна Македонија:

- **ОТТ платформа:** Владата на РСМ во целост (100%) ги покрива трошоците за нејзина реализација.
- **„Скопски фестивал“:** Владата учествува со 75% од потребните средства, додека МРТ обезбедува сопствено кофинансирање од 25% (односно **7.687.500 денари**).

Овие средства имаат строго наменски карактер и ќе се реализираат исклучиво за соодветните проекти, по нивното официјално префрлање и обезбедување од страна на Владата.

3.4. Наменски проекти на МДТ

Средствата од Министерството за дигитална трансформација во износ од **23.000.000 денари** се планирани како строго наменски приход. На страната на расходите, соодветно е предвидена резерва во идентичен износ.

Ограничувања и финансиски ефект:

Оваа резерва ќе се користи исклучиво за проекти претходно одобрени од страна на Министерството и единствено по соодветниот прилив на средствата. Ваквиот неутрален финансиски третман гарантира дека ставката нема да изврши никакво влијание врз крајниот финансиски резултат.

3.5. Сопствени приходи

Приходите од маркетинг се планирани според реалното остварување, а не врз основа на проектирани целни вредности, што обезбедува дополнителна сигурност и конзервативност на планот.

Потенцијал за раст:

Воведувањето на новите атрактивни формати и оптимизацијата на ценовната политика создаваат значаен простор за остварување повисоки приходи од огласување. Овие потенцијални дополнителни приходи ќе бидат официјално вклучени во планот дури по финализирањето и склучувањето на конкретните договори со спонзорите и огласувачите.

4. План на расходи

Вкупните расходи за 2027 година се планирани во износ од **1.580.656.375 денари**, што претставува зголемување од **89.719.473 денари** во споредба со Ребалансот 1 за 2026 година.

Структура и намена на зголемувањето:

Овој пораст е целосно концентриран во сегментот на човечките ресурси, развојот на програмата, како и во проектите кои се финансираат од наменски извори. Во исто време, тековните оперативни расходи се задржани на пониско ниво во однос на планот за 2026 година, со што се покажува висока ефикасност и внатрешна дисциплина во работењето.

Група на расходи (денари)	Ребаланс 1 2026	План 2027	Промена
Трошоци за вработените (42)	683.500.000	730.192.094	+46.692.094
Програмски права и формати (448)	453.916.034	508.239.466	+54.323.432
Хонорарни соработници	75.000.000	44.675.826	−30.324.174
Материјали и енергија (40)	59.984.000	48.241.460	−11.742.540
Услуги (41)	46.530.000	51.945.125	+5.415.125
Амортизација (43)	40.000.000	38.191.005	−1.808.995
Расходи од претходни години (46)	19.952.455	32.409	−19.920.046
Финансиски расходи (47)	11.000.000	12.458.173	+1.458.173
Останати трошоци од работењето (44, без 448 и хонорари)	101.054.413	146.680.817	+45.626.404
Вкупно	**1.490.936.902**	**1.580.656.375**	**+89.719.473**

4.1 Трошоци за вработените

Инвестирањето во човечките ресурси претставува една од клучните стратешки одлуки во овој план. По неколкугодишен тренд на континуирано намалување на бројот на вработени, МРТ започнува процес на пополнување на најкритичните работни позиции во програмата, продукцијата, техниката и логистичката поддршка, со истовремено валоризирање на трудот на вработените кои презеле поголема одговорност.

Нови вработувања

Планирани се **63 нови вработувања** на најкритичните работни места со почеток на реализација од април (**49.041.696 денари**). Платата за секое ново место е пресметана според соодветните коефициенти од постојната систематизација.

Унапредувања

Формално напредување за едно ниво за **20 постојни вработени**, исто така со почеток од април (**1.362.206 денари**).

Пензионирања:

Во текот на 2027 година, **29 вработени** стекнуваат право на пензија, што овозможува намалување на бруто-масата за плати во износ од **12.325.398 денари**.**Усогласување на платите**

Проектиран е годишен ефект од **4,6%** за усогласување на платите согласно законското движење на минималната плата.

Варијабилен дел за работна успешност:

Обезбедени се **15.867.272 денари** за стимулирање на работниот учинок. Почнувајќи од 2027 година, оваа ставка се евидентира одделно и служи како директен инструмент во новиот систем за управување со перформансите на вработените.

Вкупниот број на вработени на крајот на 2027 година е планиран на **603 лица**. Вкупните трошоци за вработените учествуваат со **46,2%** во структурата на вкупните расходи, што претставува оптимален и стандарден однос за јавен радиодифузен сервис кој развива сопствена продукција.

4.2 Реформа на моделот на ангажирање на хонорарни соработници

МРТ воведува суштинска промена во моделот на ангажирање на надворешни соработници: почнувајќи од октомври 2026 година, соработниците се ангажираат директно преку договори за дело, со што посредништвото на агенциите суштински се намалува.

За 2027 година се планирани **80 лица** со вкупен буџет од **44.675.826 денари** (од кои 39.079.243 денари се наменети за директно ангажираните лица, а 5.596.583 денари за преостанатите ангажмани преку агенција), што претставува значително намалување во однос на 75.000.000 денари од 2026 година.

Оптимизација и законска усогласеност:

Ова намалување е директна последица на новите вработувања – постојаните и систематски работни задачи се префрлаат на редовно вработените кадри, додека хонорарните соработници се ангажираат исклучиво за специфични проектни и програмски потреби. Сите ангажмани се целосно усогласени со добиената согласност од Министерството за финансии (согласно член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос), при што е почитуван законскиот максимум од две просечни нето-плати.

4.3 Материјали, енергија и услуги

Оперативните трошоци се планирани врз основа на реалната потрошувачка и склучените договори од јавни набавки, а не како паушални или заокружени лимити.

- **Материјали и енергија:** Забележано е намалување од **11.742.540 денари**, со оглед на тоа што планот за 2026 година значајно ја надминуваше реалната реализација. Во оваа категорија, електричната енергија е прецизно планирана согласно важечкиот договор во износ од **24.780.000 денари**, додека трошоците за топлотна енергија се проективно затворени за целата грејна сезона со износ од **18.000.000 денари**.
- **Услуги:** Расходите за услуги бележат зголемување од **5.415.125 денари**, кое е резултат на три клучни цели насочени кон сигурноста и заштитата на луѓето и имотот:
    - Склучување нов договор за физичко обезбедување (**9.994.600 денари**).
    - Редовно сервисирање на лифтовите и тековно одржување на објектите (**7.375.000 денари**).
    - Ефикасно отстранување на шут и индустриски отпад.

4.4 Програмски права и лиценци

Планирањето на програмските права е целосно засновано врз темелна ревизија на регистарот на склучени договори, спроведена поединечно за секој договор.

За 2027 година, веќе се договорно преземени обврски во вкупен износ од **414.453.566 денари**, кои опфаќаат копродукции, филмска и сериска програма, спортски преноси и фестивалски лиценци. Сите овие ставки се целосно финансиски затворени и усогласени со дефинирана динамика на плаќање утврдена во конкретните договори.

4.5 Нови светски формати

Пет светски реномирани формати со веќе потпишани договори – *Idol*, *X Factor*, *Password*, *The Voice* и *The Voice Kids* – го сочинуваат основниот столб на новата забавна и играна програма на МТВ 1. Дополнително, два формати се во фаза на завршни преговори.

- **Лиценци, дополнителни права и консултантски услуги:** Договорените лиценци се исплаќаат по сезона (првата сезона во 2026 година, а втората во 2027 година). За сите планирани формати во 2027 година, оваа ставка изнесува **23.160.900 денари**, што ги опфаќа лиценцните права, дополнителните дигитални права и задолжителните консултантски услуги од давателите на лиценците. За секој формат е отворена посебна сметководствена сметка заради прецизна контрола.
- **Продукциски трошоци:** Планиран е лимит до 12.500.000 денари по формат за екстерни продукциски трошоци. За 2027 година, овие трошоци изнесуваат вкупно 70.625.000 денари, при што подготвителните фази и дел од снимањата се реализираат уште во текот на 2026 година.

Стратешки пристап кон продукцијата

Поставените максимални лимити за надворешни трошоци се резултат на свесна стратешка одлука: форматите примарно се произведуваат со користење на сопствените студиски капацитети, современа техника и стручен кадар на МРТ. Со финансиски средства се покриваат исклучиво оние специфични услуги и опрема што МРТ ги нема на располагање.

4.6 Законски и договорни обврски

Овие категории претставуваат императивни законски и меѓународни обврски чие извршување директно ја следи финансиската динамика на МРТ:

- **Надомест за мало авторско право (ЗАМП):** Проектиран е во износ од **24.270.042 денари**. Овој надомест е директно обврзан и пресметан врз основа на новиот зголемен приход од Буџетот на РСМ, поради што следи соодветен пораст во согласност со законските прописи.
- **Надомест за Агенцијата за филм:** Планиран е во износ од **7.991.916 денари**, кој исто така кореспондира и се зголемува пропорционално со растот на основните буџетски приходи.
- **Меѓународни членарини (ЕБУ и ЦИРКОМ):** Редовните членарини во Европската радиодифузна унија (EBU) и во Европската асоцијација на регионални јавни радиодифузни сервиси (CIRCOM) се планирани во износ од **18.000.000 денари**, утврдени врз основа на официјалните годишни фактури и меѓународните тарифи.

4.7 Останати расходи и наменски проекти

Останатите трошоци од работењето бележат зголемување од **45.626.404 денари**, кое целосно произлегува од три конкретни стратешки и оперативни одлуки:

- **Обнова на „Скопскиот фестивал“:** Вкупните трошоци изнесуваат **30.750.000 денари**, при што МРТ учествува со сопствено кофинансирање од 25% (односно **7.687.500 денари**), додека останатите 75% се обезбедуваат преку наменски средства од Владата на Република Северна Македонија.
- **Резерва за наменски проекти на МДТ:** Проектирани се **23.000.000 денари**. Оваа резерва има строго наменски карактер и ќе се активира исклучиво за проекти претходно потврдени од страна на МДТ и единствено по извршениот прилив на соодветните средства.
- **Учество на Евровизија 2027:** Планирани се **1.500.000 денари** за покривање на оперативните трошоци поврзани со самото учество на манифестацијата (при што официјалната котизација е веќе интегрирана во рамките на договорот со EBU во делот на програмските права).

Тренд на минати обврски и финансиски расходи

Расходите од претходни години воопшто не се планирани како тековна категорија. Евентуалните корекции на грешки од минатите периоди се третираат во согласност со меѓународниот стандард МСС 8 – директно во капиталот, со што се ослободува тековниот биланс од дополнителни товарни ставки. Финансиските расходи од 12.458.173 денари ја опфаќаат редовната камата по кредитот во износ од 4.965.540 денари, затезните камати од 3.794.347 денари и негативните курсни разлики од 3.698.285 денари. Стратешка цел во овој сегмент е затезните камати да се сведат на нула, што претставува јасен показател за висока финансиска дисциплина и стабилност.

4.8 Расходи по организациони единици

Финансиската распределба по организациони единици дава јасен увид во децентрализацијата и конкретната локација на трошењето на средствата

- **Телевизија (МТВ):** Учествува со **56,6%** во вкупните расходи на претпријатието, што е директна последица на фактот дека на оваа организациона единица ѝ припаѓаат речиси целокупните програмски права, копродукциски проекти и продукцијата на новите светски формати.
- **Заеднички трошоци и служби:** Ги опфаќаат централизираните трошоци на ниво на целата куќа, во кои спаѓаат: трошоците за енергија, физичко обезбедување и осигурување, пресметаната амортизација, законските надоместоци (ЗАМП и Агенција за филм), меѓународните членарини во EBU, финансиските расходи (камати), резервата за наменските проекти од Министерството за дигитална трансформација, како и делот од бруто-платите што се евидентира на централно ниво.

Организациона единица (денари)	Трошоци за вработени	Програмски права и формати	Хонорарни соработници	Останати расходи	Вкупно	Учество
Телевизија (МТВ)	306.657.165	500.394.175	32.445.887	55.059.142	895.030.141	56,6%
Радио (МРА)	98.193.472	326.871	6.860.481	292.300	105.687.080	6,7%
Музичка продукција	1.098.596	–	–	–	1.098.596	0,1%
Работоводен орган	15.248.371	–	1.785.722	1.828.318	18.974.771	1,2%
Заеднички функции	65.343.139	–	3.583.736	4.104.127	73.251.279	4,6%
Заеднички трошоци на МРТ	243.651.351	7.518.420	–	236.265.102	486.614.508	30,8%

Организациона единица (денари)	Трошоци за вработени	Програмски права и формати	Хонорарни соработници	Останати расходи	Вкупно	Учество
Вкупно	**730.192.094**	**508.239.466**	**44.675.826**	**297.548.989**	**1.580.656.375**	**100%**

Методологија на распоред и следење на буџетските позиции

Финансискиот план се донесува и редовно се следи строго според дефинираните буџетски позиции, при што распоредот по организациони единици претставува изведена аналитичка алатка.

- **Критериум за распределба:** Секоја поединечна буџетска позиција е распоредена пропорционално според реалното учество на единиците во остварувањето за периодот јануари–септември 2026 година. Исклучок претставуваат новите кадровски зајакнувања, светските формати, „Скопскиот фестивал“, учеството на Евровизија и резервата за проектите од Министерството за дигитална трансформација, кои се директно и наменски распоредени на организационата единица кон која тематски припаѓаат.
- **Напреден систем на контрола од 2027 година:** Започнувајќи од 2027 година, сите расходи задолжително ќе се евидентираат со соодветна шифра на организациона единица. Оваа мерка овозможува воведување на висок стандард на корпоративна транспарентност и прецизно следење на финансиската одговорност по секој поединечен организационен сегмент.

5. Вработени – број, структура и распоред по сервиси

На почетокот на планскиот период, МРТ броји **569 вработени**, со месечна бруто-маса на плати во износ од **44.198.212 денари** и просечна бруто-плата од **77.677 денари**. Иако официјалната систематизација предвидува вкупно **1.235 работни места**, актуелната пополнетост е под половината од овој капацитет. Преку планираните 63 нови вработувања и евидентираните 29 пензионирања, вкупниот број на вработени на крајот на 2027 година ќе изнесува **603 лица**.

Распоред на кадрите по сервиси и функционални области:

- **Програмски сервиси:** Речиси две третини од вкупниот број на вработени се ангажирани во програмските и производствените сервиси на телевизијата и радиото.
- **Заеднички и поддржувачки служби:** Околу една четвртина од кадрот е распореден во техничките, логистичките, финансиските, правните, комерцијалните, маркетиншките и ИТ службите.

Стратешка насоченост на новите вработувања:

Новите кадровски зајакнувања се приоритетно насочени кон два клучни сегмента: унапредување на телевизиската продукција и програма, како и зајакнување на контролните функции (внатрешна ревизија, финансии и правни работи). Овој квалитетен баланс претставува фундаментален предуслов за воспоставување и одржување на висока финансиска дисциплина и институционална транспарентност барани со овој план.

Сервис	Вработени	Предвидени места	Пополнетост	Нови вработувања 2027	Пензионирања 2027	Крај на 2027
Македонска телевизија (МТВ 1–5, сателитски и собранискисервис, ТВ продукција, дописничка мрежа, документација)	315	635	49,6%	33	13	335
Македонско радио (МРА 1–4, Радио Македонија, радио продукција)	115	272	42,3%	1	5	111
Заеднички служби	122	283	43,1%	21	10	133
Раководство, поддршка на директорот и внатрешна ревизија	6	35	17,1%	8	1	13
Музичка продукција	1	10	10,0%	–	–	1
Вкупно по систематизација	**559**	**1.235**	**45,3%**	**63**	**29**	**593**

Структура на вработените

Обележје	Број	Удел
Мажи	299	53,5%
Жени	260	46,5%
Високо образование (вкл. магистри и доктори)	304	54,4%
Средно и пониско образование	255	45,6%
До 39 години	84	15,0%
40–49 години	139	24,9%
50–59 години	201	36,0%
60 и повеќе години	129	23,1%

Демографски профил и стратешки предизвици во кадровската структура

Возрасната структура на вработените претставува еден од клучните системски ризици за долгорочната одржливост на МРТ:

- **Проектирана старосна структура:** Просечната возраст на вработените изнесува **51 година**, при што секој четврти вработен има 60 или повеќе години.
- **Критичен недостаток на млади кадри:** Во целата институција има само **6 вработени помлади од 30 години**.

Без систематско и планско подмладување, бранот предвидени пензионирања во наредните години сериозно се заканува да го исцрпи институционалното знаење, експертизата и искуството на кои се заснова комплетното производство на програмата.

Мерки за надминување на ризикот

Новите вработувања, транспарентните унапредувања и пренесувањето на трајните работни задачи од хонорарни соработници кон редовно вработен кадар претставуваат клучна првична интервенција за воспоставување одржлива и генерациски урамнотежена кадровска структура. Покрај редовниот кадар, за флексибилно покривање на специфични проектни потреби, МРТ задржува рамковен ангажман на најмногу **80 хонорарни соработници** (согласно деталната анализа во поглавјето 4.2)

6. Инвестиции – повеќегодишен план 2027–2029

Во текот на 2027 година, МРТ планира значаен инвестициски циклус во висина од **101.620.555 денари** наменети за развој на технологијата и инфраструктурно уредување на објектите, што претставува значително зголемување во споредба со 60.000.000 денари предвидени во планот за 2026 година.

Финансиска структура на инвестициите:

- **68.964.055 денари** се обезбедуваат од сопствени средства на МРТ.
- **32.656.500 денари** се наменски средства обезбедени од Владата на Република Северна Македонија, наменети исклучиво за развој и имплементација на новата ОТТ платформа.

Динамика на реализација: Инвестициите се строго распределени според приоритети во рамките на тригодишен хоризонт, целосно усогласени со реалниот капацитет на претпријатието за спроведување постапки за јавни набавки и техничка имплементација.

Зошто е неопходен повеќегодишен плански пристап?

Актуелната анализа на претходната реализација го потврдува следното:

- Првичниот Акционен план за инвестиции (бр. 14-1372-1 од 26.02.2025 година) предвидуваше средства во износ од 5.700.000 евра за реализација на тринаесет клучни проекти во периодот 2025–2027 година, меѓутоа во тој период **не започна ниту еден од нив**.
- Во првите девет месеци од 2026 година се реализирани **13.249.553 денари** од планираните 60.000.000 денари.

Имајќи го предвид ова искуство, составувањето на план кој сите капитални проекти би ги концентрирал во само една календарска година би претставувало исклучиво формален, а не реално извршлив акт. Повеќегодишното планирање гарантира оперативна одржливост и успешна реализација на инфраструктурните цели.

Приоритет (денари, со ДДВ)	2027	2028	2029	Вкупно
1 – застарена и критична инфраструктура	68.964.055	38.014.745	–	106.978.800
2 – продукциски системи и дигитална дистрибуција	32.656.500	132.806.050	49.899.250	215.361.800
3 – развојни проекти	–	–	3.540.000	3.540.000
Вкупно	**101.620.555**	**170.820.795**	**53.439.250**	**325.880.600**

Приоритети (Реализација во 2027 година)

Капиталните средства за 2027 година се насочуваат приоритетно кон критичните точки каде што застареноста на опремата и инфраструктурата претставува директен ризик за континуитетот на емитувањето и безбедноста на објектите:

- **Интерком систем:** Целосна замена на застарениот меѓустудиски интерком систем од 1984 година (**18.290.000 денари**).
- **Градежно-инфраструктурна санација:** Санација на покривната конструкција, олуците, громобранската инсталација и други итни градежни интервенции на објектите (**16.874.000 денари**).
- **ИТ мрежа и сајбер-безбедност:** Прва фаза од модернизацијата на мрежната инфраструктура и заштитата на податоците (**8.779.200 денари**).

- **Климатизација и сателитски прием:** Инсталација на чилер систем за потребите на Македонското Радио и модернизација на сателитскиот прием (**9.274.800 денари**).
- **Инвестициско одржување:** Редовно и превентивно инвестициско одржување на продукцискатa опрема (**7.316.000 денари**).
- **Техничко опремување на новинарските места:** Прва фаза од набавката на компјутерска опрема за новинарските редакции (**4.359.055 денари**).
- **Безбедност, лиценци и софтвер:** Воспоставување нов систем за видео-надзор, контрола на пристап, паркинг-рампи, набавка на софтверски лиценци и надградба на системот *LUKA* (**4.071.000 денари**).

Стратешки проект: Развој на ОТТ платформа

Проектот за воспоставување на современа ОТТ платформа започнува во 2027 година и ќе се реализира етапно во период од три години (со динамика од 30% во 2027, 35% во 2028 и 35% во 2029 година), со вкупна вредност од **108.855.000 денари**. Проектот целосно се финансира со наменски средства од Владата на РСМ, со што директно се заштитува оперативниот буџет наменет за редовната дејност на МРТ.

Индикативен план за 2028 и 2029 година

За следните две години се планирани големите технолошки набавки: замена на камерните ланци, централната матрица, режиските миксери, графичките системи, мобилната репортажна техника, втората фаза од ИТ мрежата и комплетната дигитализација на технолошкиот процес.

Износите за 2028 и 2029 година имаат индикативен карактер и задолжително ќе се ревидираат и потврдуваат со годишните финансиски планови. Зачувувањето на ликвидноста ќе се обезбеди преку договарање на сите поголеми набавки со одложено плаќање на рати.

Усогласеност со Планот за јавни набавки

